| 482920 | Изградба на други објекти | 1.761.054,50 | 10.975.602,00 | 20.750.000,00 |
| 482930 | Реконструкција на други објекти | - | - | 2.000.000,00 |
| **485** | **Други нефинансиски средства** | **30.480,00** | **1.980.000,00** | **3.000.000,00** |
| 485420 | Надомест за одземен имот | 30.480,00 | 1.980.000,00 | 3.000.000,00 |

Програма 3 - Изградба и одржување на локални патишта

| Пот-ставка | Опис | Заврш. с-ка за 2003 год. | Буџет за 2004 год. | Буџет за 2005 год. |
|---|---|---|---|---|
| **4** | **Вкупно расходи** | **8.584.843,50** | **15.621.680,00** | **11.500.000,00** |
| **400** | **Плати, наемнини и надоместоци за вработен.** | **1.982.973,00** | **844.000,00** | **-** |
| **401** | **Основни плати и надоместоци** | **1.470.513,00** | **632.000,00** | **-** |
| 401120 | Основни плати-државни службеници | 922.368,00 | 380.000,00 | - |
| 401250 | Функционален додаток | 157.686,00 | 60.000,00 | - |
| 401320 | Надомест за храна | 193.830,00 | 93.000,00 | - |
| 401330 | Надомест за годишен одмор | 54.752,00 | 50.000,00 | - |
| 401390 | Други надоместоци | 24.030,00 | - | - |
| 401510 | Персонален данок на доход од плата | 117,847,00 | 49.000,00 | - |
| **402** | **Придон. за социј. осигур. од работодавачите** | **509.399,50** | **210.500,00** | **-** |
| 402110 | Основни придонеси за ПИО | 335.741,00 | 138.000,00 | - |
| 402210 | Основни придонеси за здравство | 140.739,00 | 58.000,00 | - |
| 402220 | Основен придонес за професионално заболув. | 7.651,50 | 3.500,00 | - |
| 402310 | Основни придон. до Агенцијата за вработув. | 25.268,00 | 11.000,00 | - |
| **403** | **Останати придонеси од плати** | **3.060,50** | **1.500,00** | **-** |
| 403110 | Придонес за водоснабдување | 3.060,50 | 1.500,00 | - |
| **42** | **Стоки и услуги** | **818.692,50** | **1.549.200,00** | **1.000.000,00** |
| **420** | **Патни расходи** | **35.734,00** | **6.500,00** | **-** |
| 420110 | Патување во земјата-хранарина (дневница) | 23.600,00 | 6.500,00 | - |
| 420120 | Патување во земјата-патни расходи | 300,00 | - | - |
| 420210 | Патување во странство-хранарина (дневница) | 11.834,00 | - | - |
| **421** | **Комунал. услуги,греење,комуник. и транспорт** | **237.056,00** | **92.000,00** | **-** |
| 421310 | Пошта | 1.844,00 | 1.000,00 | - |
| 421320 | Телефон и телефакс | 155.944,00 | 65.000,00 | - |
| 421410 | Горива и масла (моторни возила) | 66.524,00 | 26.000,00 | - |
| 421420 | Регистрација на моторни возила | 12.744,00 | - | - |
| **423** | **Материјали и алати** | **42.058,00** | **27.700,00** | **-** |
| 423110 | Канцелариски материјали | 27.828,00 | 14.000,00 | - |
| 423120 | Списан. весн. и др.издан. за корист.од страна | 9.200,00 | 12.000,00 | - |
| 423720 | Ситен инвентар, алат и др.материј..за поправ. | 1.180,00 | 1.200,00 | - |
| 423990 | Други материјали | 3.850,00 | 500,00 | - |
| **424** | **Поправки и тековно одржување** | **49.656,00** | **1.328.000,00** | **1.000.000,00** |
| 424110 | Поправки и сервисирање на лесни возила | 10.300,00 | 8.000,00 | - |
| 424320 | Одржување на автопати, улици и патишта | 39.356,00 | 1.320.000,00 | 1.000.000,00 |
| **425** | **Договорни услуги** | **283.483,00** | **45.000,00** | **-** |
| 425210 | Провизија за платен промет | 15.330,00 | 7.000,00 | - |
| 425740 | Дополнителни активности | 1.000,00 | - | - |
| 425990 | Други договорни услуги | 267.153,00 | 38.000,00 | - |
| **426** | **Други тековни расходи** | **170.705,50** | **50.000,00** | **-** |
| 426210 | Расходи за репрезентација | 98.666,00 | 30.000,00 | - |
| 426990 | Други оперативни расходи | 72.039,50 | 20.000,00 | - |
| **46** | **Субвенции и трансфери** | **-** | **214.480,00** | **-** |
| **464** | **Разни трансфери** | **-** | **214.480,00** | **-** |
| 464990 | Други трансфери | - | 214.480,00 | - |
| **48** | **Капитални расходи** | **5.783.178,00** | **13.014.000,00** | **10.500.000,00** |
| **482** | **Други објекти** | **5.768.578,00** | **13.000.000,00** | **10.500.000,00** |
| 482120 | Изградба на улици, патишта и автопати | 5.573.483,00 | 10.000.000,00 | 4.000.000,00 |
| 482130 | Реконструк.на улиц.патишта и автопати | 195.095,00 | 3.000.000,00 | 2.300.000,00 |
| 482220 | Изградба на мостови | - | - | 4.200.000,00 |
| **483** | **Купување на мебел, опрема,возила и машини** | **14.600,00** | **14.000,00** | **-** |
| 483110 | Купување на канцелариски мебел | 14.600,00 | - | - |
| 483210 | Купување на канцелариска опрема | - | 14.000,00 | - |

**Член 4**

Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1 Јануари 2005 година.

Бр.07-264/1 Претседател
28.12.2004 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 3д и 19 од Законот за Буџетите ("Службен весник на РМ" бр.79/93, 3/94,71/96, 46/2000, 11/01, 93/01, 46/02, 61/02, 24/03 и 85/03 год.), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 28.12.2004 година, донесе

## О Д Л У К А
## За извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

**Член 1**

Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 3**

Износите на приходите наведени во Буџетот за 2005 година не се фиксно определени.

Промените во Буџетот треба да бидат во рамките на вкупниот износ на утврдените приходи.

Доколку во текот на годината планираните приходи, освен изворните приходи се остварат во поголем износ од планираниот истите ќе се прераспределат и ќе се користат во согласност со донесените измени и дополнувања на Буџетот за 2005 година донесени од страна на Советот на опшитната.

**Член 4**

Расходите утврдени во Буџетот се максимални износи над кои не може да се превземат обврски.

За да се преземат нови обврски мора да се предложи нов извор на средства или да се намалат другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Прераспределбата на планираните расходи во текот на фискалната година ја врши советот на општината во рамките на вкупно утврдениот лимит на приходите во Буџетот.

Утврдените износи во Буџетот на корисникот може да бидат прераспоредени помеѓу расходните категории, поткатегории, ставки и потставки, со исклучок на расходните ставки и тоа: од други расходи во плати и од трансфери, капитални расходи и

капитални трансфери во други расходи, осфен прераспределбата меѓу капиталните расходи и капиталните трансфери.

**Член 6**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат за: избраните и именуваните лица, нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува 5.442,00 денари, нето основицата за пресметување на платите по 1 УНР изнесува 3.357,00 денари, додека за вработените кои имаат статус на државни службеници платите ќе се усогласуваат постапно како платите на вработените во државните органи.

**Член 7**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по претходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

**Член 8**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 23% од просечната плата по работник исплатена во Република Макдонија во претходните три месеци, но не повеќе од 2.300 денари месечно.

**Член 9**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 10**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита од елементарни непогоди, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 11**

Средствата за стоки и услуги потребни за вршење на редовние функции на корисниците на Буџетот се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по пооделни ставки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги се врши и со сметкопотврди, но само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕУР каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 12**

За средствата од тековната резерва, средствата за културно уметнички манифестации, за спортски активности и за други трансфери одлучува градоначалникот на општината врз основа на годишни програми на корисниците на средствата.

**Член 13**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во програмите:

-Програма 1 - Администрација

-Програма 2 - Уредување на градежно земјиште

-Програма 3 - Изградба и одржување на локални патишта
ги извршува Градоначалникот на општината.

Член 14

Буџетот на општината се извршува од 1.01.2005 до 31.12.2005 година.

Член 16

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањто во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1 Јануари 2005 година.

Бр.07-265/1 Претседател
28.12.2004 год. на Советот на општитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 43 ст. 5 и 6 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 53/01 год.), член 17 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.52/95 и 60/95 год.) и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2004 година, донесе:

## ПРОГРАМА
**Za ureduvawe na grade`noto zemji[te vo op[tina Gevgelija**
**za 2005 godina**

ОПШТИ ОДРЕДБИ

Програмата ги содржи следните елементи :

- подрачјето односно просторот кој е предмет на уредување;
- обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште и обемот и степенот на опремување со објекти од комунална инфраструктура;
- извори за финансирање на Програмата за уредување на градежното земјиште;
- трошоци за уредување на градежното земјиште;
- висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште;
- динамика и мерки за извршување на Програмата.

Основна цел на Програмата е превземање активности во врска со изградбата и одржувањето на комуналната инфраструктура во урбанизираните подрачја на град Гевгелија, населените места Негорци, Мрзенци, Богородица, Прдејци, туристичкиот локалитет Смрдлива вода и долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија.

Во однос на прибирањето на средствата од изворите во 2005 година, ќе се направат поголеми напори околу наплатата на средствата. Во наплатата ќе се практикува договарање со инвеститорите за одложено плаќање особено за заостанатиот долг, а за тековната година ќе се понудат поприфатливи услови од досегашните.

Ситуацијата со наплатата на средствата од надоместокот за уредувањето на градежното земјиште (комуналии) од секогаш била проблематична, а состојбите и сега не се променети.

Неплаќањето на надоместокот за уредување на градежно земјиште е главна причина за немањето на основна инфраструктура во седмата урбана единица.

Во текот на 2005 година ќе се направат напори за изработка на урбанистичка документација и за останатите населени места во општината.

Покрај редовното одржување на постојната инфраструктура, во текот на 2005 година ќе се продолжи со разрешување на проблеми кои подолго време се присутни како во градот, така и во другите населени места.

Активности кои непосредно треба да бидат реализирани со оваа Програма за 2005 година се надоврзуваат на оние од 2004 година.

Асфалтирањето и бетонирањето на улици и краци како континуирана задача ќе продолжи и во текот на 2005 година, како и бетонирање на тротоари, паркиралишта и игралишта.

И оваа година средства ќе се одвојат за водоводно и канализационо инфраструктурно поврзување.

Во програмата за оваа година се предвидува да се издвојат средства за уредување на партерни површини (зелени површини).

Јавното осветлување и одржување е исто така дел од оваа програма.

Со Програмата се предвидуваат средства и за тековното работење. Висината на тие средства се утврдува во Буџетот.

## I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на градот Гевгелија, населените места Негорци, Мрзенци, Богородица, Прдејци локалитетот Смрдлива вода и просторот долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, одредени со генералните урбанистички планови.

Земјиштето што се уредува поблиску е определено и дадено во Програмата.

Во Програмата се искажани трошоците за расчистување и опремување на земјиштето како и уредувањето на основната инфраструктура согласно Генералниот урбанистички план што ќе се финансира од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

## II. ОБЕМОТ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ОБЕМОТ И СТЕПЕНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ СО ОБЈЕКТИ ОД КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Во 2005 година подготвувањето, расчистувањето и опремувањето на градежното земјиште ќе се врши според оваа Програма, на подрачјето на градот Гевгелија, населените места Негорци, Мрзенци, Богородица, Прдејци локалитетот Смрдлива вода и долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, и тоа како за инвеститорите кои ќе се јават за изградба на нови објекти, доградби, надградби така и за објектите и деловите од објекти што се изградени без техничка документација, а се вклопуваат во деталните урбанистички планови, и за кои ќе се обезбеди уредна техничка документација.

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште и обем и степен на опремување на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура се подразбира следново:

1. **Подготвителни работи**

Во подготвителни работи за уредување на градежното земјиште спаѓаат:
- изготвување и донесување на детални урбанистички планови со основни решенија од инфраструктурата;
- изготвување на сообраќаен план;
- оформување на геодетска документација;
- извршување на геомеханички испитувања на трасите каде ќе се градат објекти од комунална инфраструктура.

2. **Расчистување на градежното земјиште**

Под расчистување на градежното земјиште се смета решавањето на имотно-правните односи со поранешните сопственици и корисници на станбен и деловен простор, решавањето на станбеното прашање на сопствениците и носителите на станбено право на објектите кои се рушат, уривање на постојни градежни објекти во градежното земјиште и др.

3. **Опремување на градежното земјиште**

Под опремување на градежното земјиште се смета опремување со објекти од комунална инфраструктура надвор од градежната парцела и опремување во границите на градежната парцела.

А. Опремувањето на градежното земјиште со комунална инфраструктурата надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:
- проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и др. според урбанистичките планови;
- проектирање и изградба на атмосферска канализација;
- проектирање и изградба на улично осветлување;
- проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и партерно решение;
- проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежна парцела;
- проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- и друго.

Б. Опремувањето на градежното земјиште во границите на градежната парцела со комунална инфраструктура го врши инвеститорот и се состои од:
- геомеханички испитувања;
- проектирање и изградба на приклучок на атмосферска канализација со посебна шахта и врска со собирната шахта;
- проектирање и изградба на приклучок на водоводна мрежа со водомерна шахта и водомер и врска со секундарната водоводна мрежа;
- проектирање и изградба на приклучок на фекална канализација со посебна шахта и врска со собирна шахта;

- проектирање и изградба на приклучок на ниско-напонска електрична мрежа во приклучен ормар (за индивидуални станбени објекти) а за колективни станбени објекти до и со приклучен разводен ормар;
- одводнување на градежната парцела од буични води;
- и друго.

## III. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Изворите на финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште за 2004 година се :

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
2. Надоместок за употреба на градежно земјиште-Рента (Ненаплатени побарувања од претходните години);
3. Комунална такса за јавно осветлување;
4. Трансфери од владини институции;
5. Донации од домашни и странски донатори

Поединечните приходи во рамките на поединечните извори на средства за финансирање на активности опфатени со оваа програма, се прикажуваат во следниот преглед:

**1.Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште (Комуналии)** 30.000.000,00 ден.

**ВКУПНО : 30.000.000,00 ден.**

**2. Sredstva od nadomestok za upotreba na grade`no zemji[te-Renta**

2.1.Ненаплатени побарувања од претходните години 500.000,00 ден.

**ВКУПНО : 500.000,00 ден.**

**3. Комунални такси-јавно осветлување**

3.1 Комунална такса за јавно осветлување 3.000.000,00 ден.

**ВКУПНО : 3.000.000,00 ден.**

**4. Трансфери од Влада и Буџети на Фондови**

4.1. Средства од Министерство за транспорт и врски 4.000.000,00 ден.
4.2. Средства од Програма за заштита на води и езера 2.000.000,00 ден.
4.3. Средства од Министерство за животна средина 3.000.000,00 ден.

**ВКУПНО : 9.000.000,00 ден.**

5. **Донации од домашни и странски донатори** 14.500.000,00 ден.

**ВКУПНО: 14.500.000,00 ден.**

-----------------------------------------------------------

**СЕ ВКУПНО 1+2+3+4+5: 57.000.000,00 ден.**

## IV. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗАУРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежно земјиште се:**

### 1.Изработка на урбанистички планови

1.1 Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за Гевгелија 1.000.000,00 ден.
1.2 Ревизија на детален урбанистички план за центарот во Гевгелија 500.000,00 ден.
1.3 Изработка на детален урбанистички план за западна сервисна зона 8,7ха 250.000,00 ден.
1.4 Изработка на детален урбанистички план за проширување на 4-та урбана единица 500.000,00 ден.
1.5 Изработка на детален урбанистички план за дел од источна индустриска зона 8ха 250.000.00 ден.
1.6 Изработка на детален урбанистички план за североисточна сервисна зона 200.000,00 ден.

**ВКУПНО : 2.700.000,00 ден.**

### 2.Изработка на проектна документација

2.1.Изработка на проект за уредување на центарот на градот и други делови од градот 150.000,00 ден.
2.2. Изработка на главен проект за пат Понов мост- Богородица 100.000,00 ден.
2.3. Изработка на главен проект за продолжување на колекторот до пречистителната станица 100.000,00 ден.

--------------------------

**ВКУПНО : 350.000,00 ден.**

### 3.Расчистување на имотно-правни односи-експропријација

3.1 Продолжение на ул. “Илија Миов” до ул.”Мечкин Камен”
3.2 Поврзување на улица “Серменинска” со ул. “7ми Ноември”
3.3 Ул."Ристо Фаршинин"-крак југ
3.4 Улици во 7-ма урбана единица
3.5 Ново Пазариште
3.6 Булевар Гевгелија-(Западен)
3.7 Улица “Кукушка”-краци

3.8 Улица “С.М.Данко”
3.9 Улица “Солунска”-крак исток .
3.10 Улица “Митко Зафиров” - крак југ
3.11 Улица “Нова” бб

-------------------
**ВКУПНО: 3.000.000,00 ден.**

## 4.Изградба на улици-долен строј

| | |
|---|---|
| 4.1 Сообр.поврзув. на “Булевар Гевгелија”-“Борис Кидрич” | 450.000,00 ден. |
| 4.2 Продолжување на ул.”Илија Миов” до “Мечкин Камен” | 150.000,00 ден. |
| 4.3 Продолжување на ул.”Никола Карев” | 500.000,00 ден. |
| 4.4 Улици во 7-ма урбана единица | 500.000,00 ден. |
| 4.5 Продолжување на ул. “Ристо Јанев” | 800.000,00 ден. |
| 4.6 Улица “Кукушка”-крак запад | 300.000,00 ден. |
| 4.7 Дотерување на улици во Конско | 50.000,00 ден. |
| 4.8 Тампонирање на ул. “Нова” Богородица | 150.000,00 ден. |
| 4.9 Пат Понов мост- Богородица | 2.000.000,00 ден. |

----------------------
**ВКУПНО : 4.900.000,00 ден.**

## 5.Асфалтирање на улици БНХС

| | |
|---|---|
| 5.1 Сообр.поврзув. на “Булевар Гев.”-“Борис Кидрич” | 500.000,00 ден. |
| 5.2 Улици во станбен блок “Касарна” | 1.500.000,00 ден. |
| 5.3 Асфалтирање на пристапна улица до “Караорман” 9-та УЕ | 2.200.000,00 ден. |
| 5.4 Улици во Моин | 300.000,00 ден. |
| 5.5 Улици во Мрзенци | 500.000,00 ден. |
| 5.6 Улици во Негорци | 800.000,00 ден. |
| 5.7 Улици во Прдејци | 300.000,00 ден. |

------------------------
**ВКУПНО: 6.100.000,00 ден.**

## 6.Бетонирање на улици краци

6.1 ул.” Маршал Тито” - крак север
6.2 ул. “Ѓорѓи Велков”- крак исток
6.3 ул. “Митко Зафиров”- краци 1 и 2 север
6.4 ул. “Сараевска”-“Тане Прошевски “-крак на југ
6.5 ул “Ѓорги Велков”-паркинг
6.6 ул. “Гоко Тутушев”- крак запад
6.7 ул. “Јосиф Јосифовски” - крак 1
6.8 ул. “Јосиф Јосифовски”- крак 2
6.9 ул. “Деко Ковачев”- крак запад
6.10 ул. “Самоилова”- продолжение на запад
6.11 ул. “Кукушка”- крак 1 и 2
6.12 ул. “Илинденска”- крак-1

6.13 ул. “Илинденска”- крак-2
6.14 ул."Илинденска"- крак-3
6.15 ул. “Љубљанска”-крак исток
6.16 ул. “Ристо Фршинин”- крак на југ (1 и 2)
6.17 ул. “Мицо Шаренков”- краци 1 И 2 север
6.18 ул.”Стамбен блок” во центарот на градот
6.19 ул.”Јане Сандански”- крак
6.20 ул.”Воденска”- крак
6.21 ул."Мирче Ацев"-крак
6.22 ул."Моински пат"-крак север
6.23. Попречни Улици во Н.Конско
6.24. Улици во Негорци
6.25. Улици во Прдејци

**ВКУПНО: 2.000.000,00 ден.**

**7.Izgradba i odr`uvawe na Komunalna infrastruktura**

7.А. Фекална канализација

| | |
|---|---|
| - канализација во 9-та урбана единица - дел | 2.000.000,00 ден. |
| - канализација во северо-западна сервисна зона | 500.000,00 ден. |
| - колектор до пречистителна станица | 4.000.000,00 ден. |
| - довршување на канализација во Негорци | 1.000.000,00 ден. |

7.Б. Водовод

| | |
|---|---|
| - изградба на водовод во индустриска зона “Блокотехна” | 300.000,00 ден. |
| - водовод Кованец | 200.000,00 ден. |
| - водовод Моин - Резервоар | 100.000,00 ден. |
| - водовод до пречистителната станица Богородица | 200.000,00 ден. |

7.В. Атмосферска канализација

| | |
|---|---|
| - атмосферска канализација на ул.С.М.Д | 5.500.000,00 ден. |
| - атмосферска канализација на ул. Јанко Урдинов | 320.000,00 ден. |

7.Г. Одводни канали

| | |
|---|---|
| - дотерување на одводни канали во Мрзенци | 50.000,00 ден. |
| - дотерување на одводни канали во Прдејци | 50.000,00 ден. |

7.В. Обврски од претходни години

| | |
|---|---|
| - атмосферска и фекална канализација на “Булевар Гевгелија” | 351.150,00 ден. |
| - водовод во населено место- Ново Конско | 1.678.850,00 ден. |

-----------------------

**ВКУПНО: 16.250.000,00 ден.**

**8.Поплочување-бетонирање на тротоари и паркиралишта**

| | |
|---|---|
| 8.1 Тротоар на ул. “Моински пат” | 500.000,00 ден. |

**ВКУПНО: 500.000,00 ден.**

## 9.Одржување на јавно прометни површини

9.1 Одржување на зелени површини и водење на евиденција 100.000.00 ден.
9.2 Расчистување на диви депонии 150.000,00 ден.

----------------------

**ВКУПНО: 250.000,00 ден.**

## 10.Рекреативни површини,детски игралишта и друго

10.1 Оградување на детски игралишта 100.000,00 ден.

**ВКУПНО: 100.000,00 ден.**

## 11.Хоризонтална и вертикална сигнализација

11.1 Обележување улици и раскрсници со вертикална и хоризонтална сигнализација, поставување на сообраќајни знаци, ознаки и патокази 500.000,00 ден.

-----------------------

**ВКУПНО: 500.000,00 ден.**

## 12.Јавно осветлување и одржување

| | |
|---|---|
| 12.1 Одржување на јавно осветлување | 2.500.000,00 ден. |
| 12.2 Осветлување на влез во градот | 1.000.000,00 ден. |
| 12.3 Осветлување на детски игралишта | 200.000,00 ден. |
| 12.4 Осветлување на улица “Миле Пецанов” | 200.000,00 ден. |
| 12.5. Осветлување на улица “Коле Неделковски" | 200.000,00 ден. |
| 12.6 Осветлување на локалитет “Смрдлива Вода” | 600.000,00 ден. |
| 12.7 Изградба на трафостаница на Караорман 9-та УЕ | 2.000.000,00 ден. |
| 12.8. Ел. Струја до пречистителната станица Богородица | 2.000.000,00 ден. |

---------------------

**ВКУПНО : 8.700.000,00 ден.**

## 13. Регулација на речни корита и заштита од води

13.1 Регулација на коритото на Сува Река и заштита од диви депонии 5.000.000,00 ден.

----------------------

**ВКУПНО : 5.000.000,00 ден.**

## 14. Изградба на објекти

14.1 Градска капела (доплата на извршени работи од 2004 год.)

14.2 Нова автобуска станица
14.3 Уредување на дел од ново пазариште

**ВКУПНО: 4.000.000,00 ден.**

**15. Реконструкција и реновирање**

15.1 Реновирање на Театар, Библиотека, Пионерски дом
15.2 Реновирање на училишна зграда во Кованец
15.3 Реновирање на младински дом Мрзенци
15.4 Реновирање на Културниот дом Негорци
15.5 Реновирање на Младински дом Прдејци

**ВКУПНО: 2.000.000,00 ден.**

**16. Тековно одржување**

| | |
|---|---|
| 16.1 Одржување на семафори | 100.000,00 ден. |
| 16.2 Фарбање на оградата на надвозникот | 50.000,00 ден. |

------------------

**ВКУПНО : 150.000,00 ден.**

**17. Други трошоци**

| | |
|---|---|
| 17.1 Други стручни услуги | 200.000,00 ден. |
| 17.2 Други оперативни трошоци | 300.000,00 ден. |

---------------------

**ВКУПНО : 500.000,00 ден.**
**СЕ ВКУПНО: 57.000.000,00 ден.**

За изградба на фекална канализација во Богородица од Програмата КАРДС добиени се 30.000.000,00 ден. Реализација на овој проект ќе започне во текот на 2005 година.

## V. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

Висината на надоместокот за уредување на градежно земјиште зависи од степенот на уреденост на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

Степенот на уредност на градежното земјиште според Правилникот за степенот на уреденост на градежното земјиште и начинот на пресметување на трошоците за уредување на градежното земјиште според степенот на уреденост ("Службен весник на РМ" бр.80/01 год.) може да биде основен, повисок или понизок од основниот.

Основен степен на уреденост според претходно споменатиот правилник преставува опременост на земјиштето со непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, електрична мрежа, водоводна мрежа и фекална канализација.

Повисок степен на уреденост преставува опременост на земјиштето покрај со објектите на основниот степен и плус еден или повеќе други објекти од останата инфраструктура и тоа: ПТТ мрежа; улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови; атмосферска канализација; улично осветлување; топлификациона мрежа; гасоводна мрежа и пречистителна станица за отпадни води.

Доколку земјиштето е опремено со помалку објекти од основниот степен се смета за понизок степен на одреденост.

Трошоците за уредување на градежно земјиште се утврдуваат согласно реалните трошоци направени за соодветниот степен на опременост на градежното земјиште со објектите на комуналната инфраструктура.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште се пресметува на корисната (нето) површина на објектот што се гради помножена со соодветните коефициенти утврдени во Правилникот и утврдените трошоци за одделните степени на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за уредување на градежно земјиште според претходните критериуми изнесува:

## За градот Гевгелија

1. Основен степен на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште изнесува:

| | |
|---|---|
| 1.1.Станбени објекти ............................................ | 1.500 ден./$м^2$ |
| 1.2.Деловни и јавни објекти .................................. | 2.500 ден./$м^2$ |
| 1.3.Производни (индустриски) објекти ............. | 1.000 ден./$м^2$ |
| 1.4.Занаетчиски објекти(дефицитарни занаети) | 60 ден./$м^2$ |

2.Понизок степен на уреденост на градежното земјиште.

Надоместокот од претходниот став ќе се намали ако нема еден од објектите на комуналната инфраструктура што го сочинуваат основниот степен во зависност од неговото процентуално учество во трошоците за основен степен на уреденост на градежното земјиште и тоа:

| | |
|---|---|
| -за непречен пристап до градежна парцела од јавен пат ...... | 50% |
| -за електрична мрежа ................................................................. | 20% |
| -за водоводна мрежа ................................................................... | 15% |
| -за канализациона мрежа ......................................................... | 15% |

3. Повисок степен на уреденост на градежното земјиште.

За повисок степен на уреденост на градежно земјиште надоместокот ќе се утврдува во зависност од учеството над основниот степен на уреденост на градежно земјиште на објектите на комуналната инфраструктура кои го сочинуваат овој степен на уреденост на градежното земјиште и тоа:

| | |
|---|---|
| -за ПТТ зголемувањето изнесува ........................................... | 10% |
| -за атмосферска канализација ................................................. | 10% |
| -за улично осветлување ........................................................... | 10% |
| -за улици, тротоари, паркинзи, пешачки патеки и други површини согласно урбанистичките планови ....... | 20% |

Повисокиот степен на уреденост на градежно земјиште не се применува за изградба на производни (индустриски) објекти.

Населени места Негорци, Мрзенци, Богородица и Прдејци

1. Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за населените места Негорци, Мрзенци, Богородица и Прдејци според претходните критериуми изнесува:

1.1.Станбени објекти ............................................... 750 ден./$м^2$
1.2.Деловни и јавни објекти .................................... 1.250 ден./$м^2$
1.3.Производни (индустриски) објекти ................ 500 ден./$м^2$
1.4.Занаетчиски објекти(дефицитарни занаети) 60 ден./$м^2$

2.Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

3.Повисокиот степен на уреденост на градежно земјиште не се применува за изградба на производни (индустриски) објекти.

Туристички локалитет Смрдлива Вода

1. Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за Туристичкиот локалитет Смрдлива Вода според претходно наведените критериуми изнесува:

1.1.Викенд куќи .......................................................... 1.500 ден./$м^2$
1.2.Деловни и јавни објекти ..................................... 2.500 ден./$м^2$

2. Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

Средствата што ќе се остварат по основ на надоместок за уредување на градежно земјиште во населените места Негорци, Мрзенци, Богородица, Прдејци и туристичкиот локалитет Смрдлива Вода, во целост ќе се употребат за реализација на инфраструктурни објекти во овие населени места по посебни програми усогласени со програмите на месните заедници. Истите по усвојувањето ќе бидат составен дел на оваа програма.

За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија

1. Надоместокот за основен степен на уреденост на градежното земјиште за изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, според претходно наведените критериуми изнесува:

1.1.Деловни и јавни објекти ................................... 3.500 ден./$м^2$
1.2.Производни (индустриски) објекти ............. 1.700 ден./$м^2$

2. Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

Одредбите од овој поднаслов се применуваат на објекти предвидени со проектот (студијата) за просторна организација на придружни и услужни објекти и содржини на

автопатот Е-75, Коридор 8, 10 и 10а кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија.

## VI. ДИНАМИКА И МЕРКИ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средствата од надоместокот за уредување на градежното земјиште, надоместокот за употреба на градежното земјиште и другите извори предвидени со оваа Програма.

Заради успешното реализирање на Програмата неопходно е да се почитуваат договорените обврски.

## VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

1.За реализација на Програмата се грижи Градоначалникот на општина Гевгелија.

По потреба, Градоначалникот може да врши и прераспоредување на средствата од една во друга позиција.

2.Програмата се применува за уредување на градежното земјиште за објекти за кои се издадени решенија за услови за градба по денот на влегувањето на сила на истата.

3.Одредбите од ставот 2 на точка 3 во поднасловот "За градот Гевгелија" и од точка 3 во поднасловот "населени места Негорци, Мрзенци, Богородица и Прдејци" ќе се применуваат од 2005 година по влегувањето во сила на оваа Програма.

4.Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува до крајот на годината, односно, до донесувањето на Програмата за 2006 година.

Бр.07-267/1
28.12.2004 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 106 став 2 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ" бр.26/96, 40/99, 96/00, 29/02 и 18/04 год.) и член 25 став 1 точка 12 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 28.12.2004 година, донесе:

## ГОДИШНА ПРОГРАМА
### За изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2005 година.

**I.**

Со оваа Програма се утврдува обемот на работите и средствата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во 2005 година, нивниот распоред и начин на користење.

**II.**

Висината на средствата за изградба, реконструкција и одржување на локалните патишта и улици се утврдуваат во износ од 11.500.000,00 денари и тоа од следните извори на финансирање:

| | |
|---|---|
| 1.1. Средства од Фондот за магистрални и регионални патишта според Законот за јавни патишта за општински локални патишта и улици | 7.000.000,00 ден. |
| 1.2. Средства од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја | 4.500.000,00 ден. |

**ВКУПНО: 11.500.000,00 ден.**

**III.**

Средствата во висина од 11.500.000,00 денари ќе се користат за следните намени:

1. **Трошоци за изградба, одржување и проектирање, на локалните патишта и улици од Средствата од Фондот за магистрални и регионални патишта**

| | |
|---|---|
| 1.1. Поставување на долен строј на дел "Јужен заобиколен пат" (поврзување со ул. "Железничка" ) | 2.000.000,00 ден. |
| 1.2. Мост на Кованска река | 2.000.000,00 ден. |
| 1.3. Поставување на долен строј 400 м на патот Негорци-Кованец | 1.500.000,00 ден. |
| 1.4.Расчистување на постојниот пат Негорци-Серменин од зеленило и тампонирање на оштетени делници | 200.000,00 ден. |
| 1.5.Расчистување на постојниот пат Гевгелија-Богородица и крпење на ударни дупки | 100.000,00 ден. |
| 1.6.Расчистување на постојниот пат Негорци-Кованец од зеленило и крпење на ударни дупки | 100.000,00 ден. |
| 1.7. Тековно одржување | |
| - Крпење на ударни дупки | 400.000,00 ден. |
| - Зимско одржување | 200.000,00 ден. |
| 1.8 Асфалтирање на пат од мостот до село Моин (проширен дел) | 300.000,00 ден. |
| 1.9 Пат што го поврзува Конско со рег. пат заСмрдлива вода | 200.000,00 ден. |

**ВКУПНО: 7.000.000,00 ден.**

**2.Трошоци за реализација на проекти за изградба на објекти од планираните средства од Бирото за стопански недоволно развиени подрачја**

| | |
|---|---|
| 2.1. Изградба на мост на "Конска река" за поврзување на с.Хума со рег.пат Гевгелија -Смрдлива вода | 2.200.000,00 ден. |
| 2.2. Реконструкција на патот Негорци-Серменин | 2.300.000,00 ден. |

**ВКУПНО: 4.500.000,00 ден.**

**СЕ ВКУПНО: 11.500.000,00 ден.**

**IV.**

Оваа Годишна програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-268/1
28.12.2004 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 28.12.2004 година, по расправата по Извештајот за работата на Градоначалникот на општина Гевгелија за 2004 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за работата на Градоначалникот на општитна Гевгелија за 2004 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-269/1 Претседател
28.12.2004 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.09.2004 година, по расправата по Извештајот за реализација на програмите за уредување на градежно земјиште и локални патишта во општина Гевгелија за 2004 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Извештајот за реализација на програмите за уредување на градежно земјиште и локални патишта во општина Гевгелија за 2004 година.

2.Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-266/1 Претседател
28.12.2004 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.09.2004 година, по расправата по Предлог-Годишната програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Гевгелија за 2005 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Разгледувајќи ја состојбата на локалните патишта и улици во општина Гевгелија Советот оцени дека патот Гевгелија-Смрдлива вода кој е регионален пат во делот од Живинарската фарма до населеното место Ново Конско е потесен во однос на другите делови поради што има влијание на одвивањето на сообраќајот на истото.

Затоа Советот смета дека Фондот за магистрални и регионални патишта треба да ја разгледа можноста за ревизија на проектот за овој регионален пат за негово проширување.

2.Овој Заклучок да се достави до Фондот за магистрални и регионални патишта.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-268/2
28.12.2004 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија, на седницата одржана на 23.09.2004 година, по расправата по Предлог-Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2005 година, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Разгледувајќи го прашањето за надоместокот за уредување на градежно земјиште се констатира дека службите на општината се соочуваат со проблемот на наплатата на овој надоместок. Иако се овозможува на инвеститорите наплата на надоместокот за уредување на градежно земјиште на рати голем дел од истите по наплатата на првата рата не се придржуваат на договорените рокови.

За да се подобри состојбата со наплатата на надоместокот за уредување на градежно земјиште стручните служби на општината и Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски Гевгелија да ја разгледат можноста за издавање на времени одобренија за изградба, а официјално одобрение за изградба на објектот да се издаде откако инвеститорот ќе го плати целиот износ на надоместокот за уредување на градежно земјиште утврден со договорот.

2.Овој Заклучок да се достави до Подрачната единица на Министерството за транспорт и врски Гевгелија

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-267/2
28.12.2004 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 428 подставка 428112 - тековна буџетска резерва во износ од 100.000,00 денари се доделуваат на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија Подружница Смрдлива Вода за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Стопанска банка Гевгелија на ж-ро с-ка 200000091459061.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈПКД "Комуналец" Гевгелија Подружница Смрдлива Вода поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на ЈПКД "Комуналец" Подружница Смрдлива Вода од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 100.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1189/2
30.12.2004год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 401 подставка 401225 - други надоместоци во износ од 75.000,00 денари се доделуваат на Општинската администрација Гевгелија за надоместок на вработените за прекувремена работа, работа во сабота и недела за извршување на определени задачи.

Персоналниот данок ќе се пресмета согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет на општинската администрација Гевгелија и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка Гевгелија на ж-ро с-ка 300100000006627- Совет на општината - Градоначалник.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

На вработените во Општинската администрација за прекувремена работа, работа во саботи и недели, за извршување на определени задачи за кои е овластена истата, градоначалникот на општината одлучи да им се исплати надоместок во вкупен износ од 75.000,00 денари од средствата на Буџетот на општината, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1165/2
29.11.2004год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 8 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 427 подставка 427112 - одликувања во износ од 30.634,50 денари се определуваат за исплата на персонален данок за доделените 7-мо Ноемвриски награди во паричен износ.

2.Решението ќе го изврши Одделението за финансии и буџет и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка Гевгелија на ж-ро с-ка 300100000006627- Совет на општината - Градоначалник.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

За доделените 7-мо Ноемвриски награди во паричен износ, градоначалникот на општината одлучи да се исплати персонален данок во вкупен износ од 30.634,50 денари од средствата на Буџетот на општината, како што е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1272/1 Градоначалник
30.12.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Петко Смилков с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица и нестопански организации во износ од 2.000,00 денари се доделуваат на Анастасија Учурганова од Гевгелија за станбени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат на ж-ро с-ка во Инвест банка бр.2500000000001-11 на штедна книшка бр.4002-001-0001026-6.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Анастасија Учурганова поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за станбени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Анастасија Учурганова од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 2.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1169/2 Градоначалник
30.11.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Петко Смилков с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот**
**на општина Гевгелија за 2004 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 443 подставка 443717 - трансфери до физички лица и нестопански организации во износ од 5.000,00 денари се доделуваат на Васил Н.Каркалашев од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат на ж-ро с-ка во Комерцијална банка бр.300000000133 на штедна книшка 02-101-0482907-9.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Васил Н.Каркалашев поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства на Васил Каркалашев од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година во износ од 5.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1242/2 Градоначалник
22.12.2004год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Петко Смилков с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 7 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.11/03 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година, ставка 428 подставка 428112 - тековна резерва во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на Љубомир Самарџиев од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат на ж-ро с-ка во Тутунска банка бр.210046645310119 на штедна книшка бр.8271-1700401/08.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

### О б р а з л о ж е н и е

Љубомир Самарџиев поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2004 година за здравствени потреби.

1.3.Производни (индустриски) објекти ....................................... 500 ден./$м^2$

1.4.Занаетчиски објекти (дефицитарни занаети).............................. 60 ден./$м^2$

2. Надоместокот за понизок или повисок степен на уреденост ќе се намали или зголеми за процентите кои се утврдени за градот Гевгелија.

3.Повисокиот степен на уреденост на градежно земјиште не се применува за изградба на производни (индустриски) објекти.

**III.** Со денот на влегувањето во сила на оваа Програма престанува да важи Програмата за уредување на градежно земјиште, локални патишта и улици во општина Миравци за 2005 година бр.07-37/3 од 29.01.2005 година, освен одредбите од глава 2 "Уредување на градежно земјиште и изградба на комунални објекти" и глава 4 "Извори на средства"од истата, кои ќе се применуваат до донесување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2006 година.

**IV.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”.

Бр.07-129/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 21 став 1 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За пристапување кон усогласување на Статутот на општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува пристапување кон усогласување на Статутот на општина Гевгелија бр.07-133/1 од 29.10.2002година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), со Законот за локалната самуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.).

### Член 2

Усогласувањето на Статутот на општината ќе се изврши со изготвување на Нацрт-Статут и Предлог-Статут за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија.

Нацрт-Статутот и Предлог-Статутот од став 1 на овој член ќе го изготви Комисијата за статут и прописи на Советот на општина Гевгелија согласно одредбите од Статутот на општина Гевгелија за донесување на Статут на општината.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-136/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96 и 6/02 год.) и член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2004 година

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2004 година усвоен од Управниот одбор со одлука бр.07-207/2 од 7.03.2005 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-123/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 11 став 1 точка 7 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" 38/96 и 6/02год.) и член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За давање согласност на Завршната сметка на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за 2004 година

1.Се дава согласност на Завршната смека на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2004 година усвоена од Управниот одбор со одлука бр.0202-178/2 од 28.02.2005 година.

2.ЈПКД "Комуналец" Гевгелија, со посебни програми да предложи излезни решенија за најкритичните прашања присутни во работењето: исплата на долговите спрема ЕСМ "Електродистрибуција" Гевгелија, наплата на побарувањата, работењето на подружниците,

обновата на стариот возен парк, изнесувањето на сметот од населените места и друго.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-124/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р*

Врз основа на член 25 став 1 точка 29 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Програмата за работа на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" за 2005 година**

1.Се дава согласност на Програмата за работа на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" за 2005 година, усвоена од Управниот одбор на ЈРП со Одлука бр.03/67 од 27.02.2005 година со тоа да во финансискиот дел од порограмата наместо одредениот износ за Буџетот на општината да стои "Буџетот на општината според можностите".

2.Јавното радиодифузно претпријатие Програмата за работа и финансискиот план за 2006 година да ги достави на согласност на Советот на општината во декември 2005 година.

3.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-126/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 25 став 1 точка 31 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За давање согласност на Извештајот за работата на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2004 година**

1.Се дава согласност на Извештајот за работењето на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" Гевгелија за 2004 година усвоен од Управниот одбор на Јавното претпријатие со Одлука бр.03-66 од 27.02.2005 година.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-125/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 35 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година, по расправата по Нацрт-Одлуката за утврдување режимот и условите за вршење сообраќај на одредени улици во градот Гевгелија, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се утврдува Нацрт-Одлуката за утврдување режимот и условите за вршење сообраќај на одредени улици во градот Гевгелија и се става на јавна дискусија.

Јавната дискусија ќе ја спроведе Општинската администрација и ќе ја изработи Предлог-Одлуката.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-137/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година, по претресот на Извештајот за работата на комуналниот инспектор, го донесе следниот,

## ЗАКЛУЧОК

1.Се утврдува Извештајот за работата на комуналниот инспектор.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-128/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општнa Гевгелија на седницата одржана на 12.05.2005 година по претресот на Информацијата за одржување на гробовите, гробиштата, просторот за гробишта и давање на погребални услуги, го донесе следниот,

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Информацијата за одржување на гробовите, гробиштата, просторот за гробишта и давање на погребални услуги.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-137/1 Претседател
12.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

## СОДРЖИНА

1.Одлука за укинување на сметките на општина Миравци во деловната банка ........................................................ 33

2.Одлука за пренесување на паричните средства од сметките на општина Миравци на сметките на општина Гевгелија ................................... 33

3.Одлука за затворање на сметките на општина Гевгелија во деловната банка ...................................................................... 34

4.Одлука за отворање на три потсметки на општина Гевгелија во рамките на единствената трезорска сметка ....................................................... 34

5.Одлука за пренесување на паричните средства од постојните сметки на општина Гевгелија на потсметките во рамките на единствената трезорска сметка ....................................................... 35

6.Одлука за овластување потписник на сметките на општина Гевгелија ............ 35

7.Програмата за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2005 година ........ 36

8.Одлука за пристапување кон усогласување на Статутот на општина Гевгелија .................................................. 37

9.Решение за давање согласност на Извештајот за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2004 година ....... 37

10.Решение за давање согласност на Завршната сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2004 година ................ 37

11.Решение за давање согласност на Програмата за работа на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" за 2005 годин .... 38

12.Решение за давање согласност на Извештајот за работата на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" за 2004 година ...................................................... 38

13.Заклучок по Нацрт-Одлуката за утврдување режимот и условите за вршење сообраќај на одредени улици во градот Гевгелија ........................................ 38

14.Заклучок по Извештајот за работата на комуналниот инспектор ... 39

15.Заклучок по Информацијата за одржување на гробовите, гробиштата, просторот за гробишта и давање на погребални услуги .................................... 39

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 14 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 13 и 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.05.2005 година, донесе

## ОДЛУКА
### за збратимување на општина Гевгелија, Република Македонија со општина Карач, Република Турција

**Член 1**

Со ова Одлука се утврдува збратимување на општина Гевгелија, Република Македонија со општина Карач, Република Турција.

**Член 2**

Цел на збратимувањето е воспоставување соработка меѓу двете општини во сите области.

Видот и начинот на соработката помеѓу општините ќе се утврди со посебна спогодба.

**Член 3**

Спогодбата за збратимување од името на општина Гевгелија се овластува да ја потпише Градоначалникот на општина Гевгелија.

Свечениот чин на потпишувањето ќе се изврши во термин, кој ќе биде договорен меѓу двете општини.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-153/1 Претседател
26.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.05.2005 година по претресот на Информацијата за состојбата со речните корита и одводните канали во урбани средини во општина Гевгелија, го донесе следниот,

## ЗАКЛУЧОК

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со речните корита и одводните канали во урбани средини во општина Гевгелија.

2.Во врска со состојбата на речните корита да се преземат мерки за двете критични точки на реката "Рауљ", Стручната служба на општината да побара стручно мислење и ревизија од стручна институција на проектот на каналот "Рауљ", како и да се преземат мерки за решавање на проблемот со влезот, излезот и изградба на мост на одводниот канал во селото Негорци.

3.Заклучокот да се достави до ЈВП "Гевгелиско Валандовско поле" Гевгелија.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-154/1 Претседател
26.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.05.2005 година по претресот на Информација за состојбите во областа на безбедноста на сообраќајот за подрачјето кое го покрива СВР Гевгелија за 2004 година, го донесе следниот,

### З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информацијата за состојбите во областа на безбедноста на сообраќајот за подрачјето кое го покрива СВР Гевгелија за 2004 година.

2.Со оглед на тоа што сообраќајната сигнализација има влијание во безбедноста на сообраќајот, општинската администрација да преземе мерки за подобрување на вертикалната и хоризонталната сигнализација во општината, согласно Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2005 година, да се обележат постојните лежечки полицајци како и да се согледат можностите за набавка на новите типови на истите и нивно поставување на критичните места во општината.

3.Заклучокот да се достави до Министерството за внатрешни работи - Сектор за внатрешни работи Гевгелија.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-155/1 Претседател
26.05.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464-990 - Други трансфери во износ од 5.000,00 денари се доделуваат на Нада Стамкова од Гевгелија за здравствени потреби.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во готово .

3.Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законот.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

### О б р а з л о ж е н и е

Нада Стамкова од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општнна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 5.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-497/2 Градоначалник
28.04.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка

442 подставка 442170 - Културно уметнички манифестации во износ од 30.000,00 денари се доделуваат на ИДМФ "Калинка" Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на ж-ро с-ка бр.300100000024184.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

ИДМФ "Калинка" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 30.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-522/2 Градоначалник
11.05.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери во износ од 6.000,00 денари се доделуваат на Месна заедница Богородица за оржување на спортски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на жиро сметка 220904100281194.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Месна заедница Богородица поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за спортски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 6.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-487/2 Градоначалник
28.04.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, Програма-уредување на градежно земјиште, ставка 426 подставка 426990 - Други

оперативни трошоци во износ од 68.285,00 денари се доделуваат на ЈПКД"Комуналец"Гевгелија за работно ангажирање на лица корисници на социјална помош за чистење на јавно прометни површини.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка на жиро сметка 300100000021371.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈПКД "Комуналец" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за за работно ангажирање на лица корисници на социјална помош за чистење на јавно прометни површини.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 68.285,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-559/2 Градоначалник
24.05.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 442 подставка 442170 - Културно уметнички манифестации во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на КУД "Негорци" од Негорци за организирање концерт на народни песни и ора.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на жиро сметка 200000034663039.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

КУД"Негорци" од Негорци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за организирање концерт на народни песни и ора.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-549/2 Градоначалник
20.05.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за збратимување на општина Гевгелија, Република Македонија со општина Карач, Република Турција ..................................................... 41

2.Заклучок по Информацијата за состојбата со речните корита и одводните канали во урбани средини во општина Гевгелија ................................... 41

3.Заклучок по Информацијата за состојбите во областа на безбедноста на сообраќајот за подрачјето кое го покрива СВР Гевгелија за 2004 година ................ 42

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Нада Стамкова од Гевгелија ............................. 42

2.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на ИДМФ "Калинка" Гевгелија ................................ 42

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Месна заедница Богородица ............................... 43

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ........................... 43

5.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на КУД "Негорци" Негорци .................................. 44

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02 год.), член 21 став 1 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.) и член 25 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 26.05.2005 година, донесе:

## О Д Л У К А
## За организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија

### I. Основни одредби

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација на општина Гевгелија, видовите на организационите облици, нивниот делокруг, раководењето со нив и други прашања од значење за функционирање на општинската администрација.

**Член 2**

Општинската администрација ги извршува работите од надлежност на органите на општината.

Општинската администрација е должна со своето работење да обезбеди ефикасно функционирање на органите на општината.

**Член 3**

Општинската администрација работите од својот делокруг на работа ги извршува согласно Законот за локалната самоуправа, другите закони, Статутот на општината и актите и насоките на Советот и Градоначалникот на општината.

**Член 4**

Работата на општинската администрација е јавна.

Градоначалникот на општината ја информира јавноста за работата на општинската администрација.

### II. Видови на организациони облици на општинската администрација

**Член 5**

За извршување на работите од надлежност на општината, општинската администрација се организира во сектори и одделенија.

За вршење на инспекциски надзор над вршењето на работите од надлежност на општината се организира Инспекторат - Сектор за инспекциски надзор.

**Член 6**

Сектор се образува заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја од надлежност на општината, како и заради координирање и контрола на работите од надлежност на одделенијата во неговиот состав и следење и унапредување на меѓусебната соработка на одделенијата.

**Член 7**

Одделение се образува заради извршување на една од следните работи: нормативно-правни работи, управување со човечки ресурси, стручно-аналитички, управни, управно-надзорни, информативно-документациони, информативно-комуникациски, стручно-оперативни, материјално-финансиски, инвестициони, информатичко-технолошки, стручно-административни, како и други работи што се извршуваат во органите на општината.

**Член 8**

Општинската администрација се организира во следните сектори:

1.Сектор за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина;

2.Сектор за финансиски, правни и општи работи;

3.Сектор за јавни дејности и локален економски развој;

4.Инспекторат - Сектор за инспекциски надзор.

**Член 9**

Во Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина се образуваат следните одделенија:

-Одделение за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на живот-ната средина;

-Одделение за комунални работи и локални патишта.

**Член 10**

Во Секторот за финансиски, правни и општи работи се образуваат следните одделенија:

-Одделение за финансии и локални даноци и такси;

-Одделение за правни работи;

-Одделение за стручно админи-стративни и општи работи.

**Член 11**

Во Секторот за јавни дејности и локален економски развој се образуваат следните одделенија:

-Одделение за јавни дејности;

-Одделение за локален економски развој и прекугранична соработка.

**Член 12**

Во Инспекторатот - Сектор за инспекциски надзор се образуваат следните одделенија:

-Одделение за инспекциски надзор за комунални работи, сообраќај, патишта, урбанизам, градежништвото и заштита на животна средина;

-Одделение за инспекциски надзор за локален економски развој, општествени дејности и локални даноци.

## III. Делокруг и начин на извршување на задачите

**Член 13**

Секторот за урбанизам, комунални работи и заштита на животната средина ги врши следните работи:

-Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на документи за градење на објекти од локално значење утврдени со закон, уредување на просторот и уредувањето на градежното земјиште;

-Комунални дејности;

-Заштита на животната средина и природата;

-Заштита на старата архитектура;

-Јавното осветлување;

-Изградбата на улици и патишта;

-Јавниот локален превоз на патници и автотакси превозот;

-Одржување на зелени површини;

**Член 14**

Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина ги врши работите што се однесуваат на:

-Просторното и урбанистичкото планирање - изработка, следење, спроведување на постапката за донесување на урбанистички планови;

-Издавање на документи за градење на објекти од локално значење;

-Изготвување на Програма за изработка на урбанистички планови;

-Изготвување и реализацијата на Програмата за уредување на градежно земјиште;

-Извршување на работите околу издавање одобрение за градба од надлежност на општината;

-Следење на состојбите и извршување на работите од областа на заштитата на животната средина;

### Член 15

Одделението за комунални работи и локални патишта ги врши работите што се однесуваат на:
-Одржување на јавната чистота;
-Одржување на јавното осветлување;
-Изградба, одржување и заштита на локалните патишта, улици, паркинг простори и други инфраструктурни објекти;
-Јавниот локален превоз на патници, автотакси превозот и сообраќајната сигнализација;
-Одржување и користење на зелените површини;
-Определување на имиња на улици и други инфраструктурни објекти;

### Член 16

Секторот за финансиски, правни и општи работи ги врши следните работи:
-Подготвува акти за советот и градоначалникот;
-Ги подготвува седниците на советот и седниците на неговите комисии;
-Врши стручни работи за советот и градоначалникот;
-Ракува со документите на општината и ги чува се до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на Република Македонија;
-Изготвување и извршување на буџетот и завршната сметка на буџетот на општината;
-Администрирање, утврдување и наплата на даноци, такси и други давачки согласно закон;
-Ги врши материјално-финансиските работи;
-Ги спроведува и води евиденција на јавните набавки;
-Работи на управување со човечките ресурси;
-Врши информатичко-технички работи;
-Комуникација со медиумите и јавноста.

### Член 17

Одделението за правни работи ги врши работите што се однесуваат на:
-Подготвување на актите на советот и градоначалникот;
-Подготвување на седниците на Советот и седниците на неговите постојани и повремени комисии;
-Подготвување на постапката за решавање во управни работи;
-Приготвување и поднесување на материјали и списи за судски постапки во кои општината е тужител или тужен;
-Подготвување на седници на привремените комисии што ги формира градоначалникот на општината;
-Подготвување на актите за систематизација и организација на општинската администрација;
-Подготвување и издавање на службен гласник на општина Гевгелија;

### Член 18

Одделението за финансии и локални даноци и такси ги врши работите што се однесуваат на:
-Системот на финансирање на општината;
-Сметководственото и материјалното работење;
-Изготвување и извршување на буџетот и завршната сметка на буџетот на општината;
-Администрирање, утврдување и наплата на даноци, такси и други давачки согласно закон;
-Ги спроведува и води евиденција на јавните набавки;
-Осигурувањето на имотот на општината;

### Член 19

Одделението за стручно административни и општи работи ги врши работите што се однесуваат на:
-Ракување и чување на документите на општината до нивното уништување, односно предавање на Државниот архив на РМ;
-Канцелариското и архивското работење;
-Работи на управување со човечките ресурси;

-Стручно административни работи за органите на општината;
-Врши информатичко-технички работи;
-Административни работи за потребите на месните заедници;
-Заштита и одржување на зградата на органите на општината и другиот имот;
-Комуникација со медиумите и јавноста.

**Член 20**

Секторот за јавни дејности и локален економски развој ги врши работите од обласа на:
-Основното и средното образование;
-Културата;
-Спортот и рекрацијата;
-Здравствената, социјалната и детската заштита;
-Елементарните непогоди, противпожарната заштита;
-Комуникацијата со медиумите и јавноста;
-Соработката со невладиниот сектор;
-Локалниот економски развој;
-Прекугранична соработка;
-Развојот на локалната мрежа на институции;

**Член 21**

Одделението за јавни дејности ги врши работите што се однесуваат на:
-Културата, спортот и рекреацијата, социјалната заштита и заштитата на децата, образованието, здравствената заштита;
-Преземање мерки за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од воени дејствија, природни катастрофи и друго;
-Противпожарна заштита ;
-Комуникација со медиумите и јавноста;
-Соработка со невладини организации;

**Член 22**

Одделението за локален економски развој и прекугранична соработка ги врши работите што се однесуваат на:
-Локалниот економски развој;
-Прекугранична соработка;
-Изготвување и реализирање на проекти со странски донации;
-Следење на развојот на локалната мрежа на институции;

**Член 23**

Инспекторатот - Сектор за инспекциски надзор ги врши следните работи:
-Инспекциски надзор над вршењето на работите од надлежност на општината;

**Член 24**

Одделението за инспекциски надзор за комунални работи, сообраќај, патишта, урбанизам, градежништвото и заштита на животна средина ги врши следните работи:
-Инспекциски надзор од областа на комуналните работи, сообраќај, патишта, урбанизам, градежништвото и заштита на животна средина;

**Член 25**

Одделението за инспекциски надзор за локален економски развој, општествени дејности и локални даноци ги врши следните работи:
-Инспекциски надзор од областа на локалниот економски развој, општествените дејности и локалните даноци;

**Член 26**

Општинската администрација врши и работи делеирани од органите на државната управа, во согласност со закон.

## IV. Раководење со општинската администрација и организационите облици

**Член 27**

Со општинската администрација раководи Градоначалникот на општината.

**Член 28**

Со секторот раководи раководител на секторот.

Во случај на отсуство или спреченост на раководителот на секторот, со секторот раководи еден од раководителите на одделенијата.

**Член 29**

Со работата на одделенијата на општинската администрација раководи раководител на одделение.

Во случај на отсутност или спреченост на раководителот на одделението, го заменува советник од одделението од редот на стручните државни службеници кој тој ќе го определи.

**Член 30**

За систематизација на работните места во секторите и одделенијата на општинската администрација Градоначалникот на општината донесува Правилник.

Распоредувањето на вработените во секторите и одделенијата на општинската администрација го врши Градоначалникот на општината.

**Член 31**

Вработените во секторите и одделенијата на општинската администрација што вршат стручни нормативно-правни, извршни, управни, финансиски и надзорни работи и решаваат во управна постапка имаат статус на државни службеници.

За вработувањето во општинската администрација, правата и должностите од работен однос, одговорноста, престанокот на работниот однос за вработените од став 1 на овој член ќе се применуваат одредбите од Законот за државни службеници.

Вработувањето во општинската администрација за вршење на помошни работи ќе се врши според одредбите на работното законодавство.

**V. Преодни и завршни одредби**

**Член 32**

Со влегувањето во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите во општинската администрација во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.4/04).

**Член 33**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се објави по добивањето на мислење од Агенцијата за државни службеници.

Бр.07-152/1
26.05.2005год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина
Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери во износ од 33.529,00 денари се доделуваат на ЈПКД"Комуналец" Гевгелија за работно ангажирање на лица корисници на социјална помош за чистење на јавно прометни површини.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка на жиро сметка 300100000021371.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈПКД"Комуналец" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за за работно ангажирање на лица корисници на социјална помош за чистење на јавно прометни површини.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 33.529,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-742/2 Градоначалник
24.06.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 442 подставка 442170 - Културно уметнички манифестации во износ од 10.000,00 денари се доделуваат на КУД "Прдејци" од Прдејци за организирање на манифестацијата "Мајски дружења".

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат на име Ѓорѓи Ристов на штедна книшка бр.000445079-7 во Стопанска банка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

КУД "Прдејци" од Прдејци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за организирање на манифестацијата "Мајски дружења".

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 10.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-553/2 Градоначалник
20.05.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови во износ од 30.000,00

денари се доделуваат на СД "Тихо" од Миравци за учество на фудбалски турнир во Германија.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат на ж-ро с-ка бр.2500000001316-43 во Инвест банка АД Скопје.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

СД "Тихо" од Миравци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за учество на фудбалски турнир во Германија.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 30.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-689/2 Градоначалник
14.06.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 426 подставка 426990 - Други оперативни расходи во износ од 46.975,00 денари се доделуваат на Тони Аврамов од Гевгелија за реализација на проектот Мојот град - Мој дом.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат на ж-ро с-ка 300102000001127 на име Тони Аврамов во Комерцијална банка Гевгелија .

3.Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законот.

4.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Тони Аврамов од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за реализација на проектот Мојот град-Мој дом.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 46.975,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-678/2 Градоначалник
10.06.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови во износ од 4.000,00ден. се доделуваат на Анѓел Стоев од Гевгелија за учество на државно првенство на Македонија во атлетска гимнастика.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на ж-ро с-ка бр.200000000005812 и штедна книшка бр.0004400508.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**Образложение**

Анѓел Стоев поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за учество на државно првенство на Македонија во атлетска гимнастика.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 4.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-662/2 Градоначалник
8.06.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 год.("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/05 год.), се направени грешки поради што се даваат,

**ИСПРАВКИ**

Во образложението на решението во ставот два наместо бројот "68.285.000,00" треба да стои бројот "68.235,00".

Бр.08-559/3 од Општинската
28.06.2005 год. администрација на
Гевгелија општина Гевгелија

**СОДРЖИНА**

1.Одлука за организација, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија .................................. 46

**АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ**

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија .......................... 50

2.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на КУД "Прдејци" Прдејци ................................. 51

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на СД "Тихо" Миравци .................................................. 52

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Тони Аврамов од Гевгелија ............................ 52

5.Исправка на Решението за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ..................................................................... 53

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа и ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА
### на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

1.Општ дел

**Член 1**

Во Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 13/04 год.) се вршат следните измени и дополнувања:

| | Буџет 2005 | Ребаланс 2005 |
|---|---|---|
| Вкупно приходи и тоа: | 87.000.000 ден. | 107.821.427 ден. |
| -тековно оперативни приходи | 87.241.000 ден. | |
| -наменски дотации | 6.080.427 ден. | |
| -приходи од донации | 14.500.000 ден. | |
| Вкупно расходи и тоа: | 87.000.000 ден. | 107.821.427 ден. |
| -тековно оперативни расходи | 36.520.000 ден. | 52.816.427 ден. |
| -капитални расходи | 50.480.000 ден. | 55.005.000 ден. |

**Член 2**

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени утврдени во постојниот Биланс на приходите и расходите на општина Гевгелија за 2005 година се заменуваат со новиот Консолидиран биланс на приходи и расходи, биланс на тековно-оперативни расходи и биланс на капитални расходи и тоа како што следува:

**Член 3**

Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година влегуваат во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применуваат од 1.01.2005 година.

Бр.07-174/1
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општитна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04 год.), член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

### Член 1

Во Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 год.) по членот 12 се додава нов член 12а кој гласи:

"Распределба на средствата од наменските дотации за локалните јавни установи чија надлежност се пренесува на општината ќе ја врши градоначалникот на општината".

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-175/1
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општитна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

---

Врз основа на член 6 став 4, член 16 став 3 и член 22 став 2 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр.61/04 год.) и член 25 став 1 точка 5 и 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се утврдува висината на стапките на даноците на имот и тоа: данокот на имот, данокот на наследство и подарок и данокот на промет на недвижности.

### Член 2

Данокот на имот се плаќа на недвижен имот.

Обврзник на данокот на имот е:

-правно и физичко лице сопственик на имотот;

-правно и физичко лице корисник на имотот, во случај кога сопственикот не е познат или не е достапен;

-плодоуживателот на имотот согласно законот;

-секој од сопствениците на еден имот сразмерно на сопственичкиот дел;

-правно и физичко лице- корисник на недвижен имот во сопственост на државата и општината.

**Член 3**

Стапката на данокот на имот е пропорционална и изнесува 0,10 %.

Стапката на данокот на имот за земјоделско земјиште кое не се користи за земјоделско производство може да се зголеми за три пати во однос на стапката од став 1 на овој член.

**Член 4**

Обврзникот на данокот на имот за станбена зграда или стан, во кој живее со членовите на семејството има право на намалување на пресметаниот данок во висина од 50%.

**Член 5**

Данокот на наследство и подарок се плаќа на недвижен имот и право на плодоуживање и користење на недвижен имот кои наследниците, односно примателите на подароци ги наследуваат, односно примаат врз основа на Законот за наследување, односно договорот за подарок.

Данок на надледство и подарок се плаќа и на готови пари, парични побарувања, хартии од вредност и друг подвижен имот согласно законот.

Обврзник на данокот на наследство и подарок е физичко и правно лице - резидент на Република Македонија кое наследува имот од претходните ставови како и физичко и правно лице кое прима имот на подарок во земјата и во странство.

Обврзници на данок на наследство и подарок е и странско физичко и правно лице - нерезидент за недвижниот и подвижниот имот што го наследува односно прима на подарок на територијата на Република Македонија.

**Член 6**

Стапките на данокот на наследство и подарок се пропорционални и различни во зависност од наследниот ред.

Данокот на наследство и подарок за обврзник од втор наследен ред се пресметува по стапка од 3%, а за обврзник од трет наследен ред или обврзник кој не е во сродство со оставителот, данокот се пресметува по стапка од 5%.

**Член 7**

Данокот на промет на недвижности се плаќа на промет на недвижен имот.

Обврзник на данокот на промет на недвижности е правно и физичко лице - продавач на недвижноста.

По исклучок, обврзник на данокот на промет на недвижности може да биде и правно и физичко лице - купувач на недвижноста ако така е предвидено во договорот.

**Член 8**

Стапката на данокот на промет на недвижности е пропорционална и изнеува 3%.

**Член 9**

При утврдувањето и наплата на даноците на имот непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за даноците на имот.

**Член 10**

На обврзниците на данокот на имот на кои им е издадено решение за плаќање на данокот од Управата за јавни приходи плаќањето ќе го извршат според добиените решенија за 2005 година.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-176/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарљски с.р.***

---

Врз основа на член 2 став 2 од Законот за комунални такси ("Службен весник на РМ" бр.61/04 год.) и член 25 став 1 точка 5 и 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
### за утврдување висината на комуналните такси во општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на комуналните такси што се плаќаат за користење на определени права, предмети и услуги од јавен интерес, од локално значење од страна на правните и физичките лица кои вршат дејност и од граѓаните.

**Член 2**

Комунална такса се плаќа за:
1. секоја фирма, односно назив на деловна просторија;
2. користење на површини во кампови за подигање на шатори и друга слична привремена употреба;
3. користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност;
4. истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места;
5. користење на музика во јавните локали;
6. поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните згради;
7. користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување предмети, приредување изложби и други забавни приредби за вршење на дејност;
8. користење на простор за паркирање на патнички моторни возила, товарни моторни возила и нивните приколки и автобуси, што за таа цел ќе ги определи општината;
9. користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и
10. користење и одржување на јавно осветлување.

**Член 3**

Обврската за плаќање на комунална такса настанува во моментот на користењето на правото, предметот или услугата за кои е пропишано плаќање на такса.

**Член 4**

Комуналните такси се плаќаат според следната тарифа за комунални такси:

**Тарифен број 1**

За фирма, односно назив на:

-деловни простории на физички лица кои вршат дејност: 2.000,00 денари;

-деловните простории на физичките лица кои вршат дејност, а данокот го плаќаат во паушален износ: 500,00 денари;

-деловните простории на трговските друштва и другите правни лица од областа на производството, прометот и услугите, освен за продавниците, киосци, деловни единици и слично за кои таксата изнесува 2.000,00 денари: 6.000,00 денари;

-деловни простории на правни лица од комуналните дејности: 3.000,00 денари;

-деловни простории на трговските друштва и другите правни лица, како и на откупните пунктови кои дејствуваат повремено: 3.000,00.

**Тарифен број 2**

За користење на површини во кампови, за подигање на шатори и друга слична привремена употреба - дневно: 25,00 денари.

**Тарифен број 3**

За користење на просторот пред деловните простории за вршење на дејност од м² дневно: 10,00 денари.

**Тарифен број 4**

За истакнување на реклами, објави и огласи на јавни места се плаќа такса, и тоа:

-до седум дена: 600,00 денари;

-до триесет дена: 1.000,00 денари;

-до една година: 1.200,00 денари.

**Тарифен број 5**

За користење на музика во јавни локали - годишно: 5.000,00 денари.

**Тарифен број 6**

За поставување на витрини за изложување на стоки надвор од деловните простории се плаќа такса годишно, и тоа:

-за физички лица кои вршат дејност: 1.000,00 денари;

-за правни лица од областа на производството, прометот и услугите: 2.000,00 денари.

**Тарифен број 7**

За користење на плоштадите и друг простор во градовите и другите населени места со цел за изложување на предмети, приредување изложби и забавни приредби за вршење на дејност, се плаќа такса за заземена површина од м² дневно: 5,00 денари.

**Тарифен број 8**

За користење на простор за паркирање на моторни возила:

-паркирање на патнички возила на јавни паркиралишта - дневно: 20,00 денари;

-по саат: 10,00 денари;

-паркирање на товарни моторни возила и автобуси - дневно: 80,00 денари;

-паркирање на приколки - дневно: 30,00 денари.

**Тарифен број 9**

За користење на улиците со патнички, товарни моторни возила, автобуси, специјални возила и мотоцикли и тоа:

-за патнички возила до 1000 кубика: 50,00 денари;
-за патнички возила од 1000 до 1300 кубика: 80,00 денари;
-за патнички возила од 1300 до 1500 кубици: 100,00 денари;
-за патнички возила од 1500 до 1800 кубика: 400,00 денари;
-за патнички возила над 1800 кубика: 600,00 денари;
-за товарни возила по тон - носивост: 70,00 денари;
-за автобуси и други возила што служат за превоз на патници: 500,00денари;
-за специјални возила: 50,00 денари;
-за сите видови мотоцикли: 50,00 денари.

**Тарифен број 10**

За користење и одржување на јавното осветлување се плаќа комунална такса во висина на против вредност од 15кв/ч по цена за јавно осветлување за секое броило за мерење на електрична енергија.

**Член 5**

Наплатата на таксите ќе ја вршат правните и физичките лица и други органи наведени во законот за комунални такси и ќе ги уплатуваат на соодветна уплатна сметка во рамките на трезорската сметка на општината.

За начинот на наплатата на таксата непосредно ќе се применуваат одредбите од Законот за комунални такси.

**Член 6**

Правните и физички лица на кои им е издадено решение за плаќање на комунална такса за фирма, односно назив за 2005 година од Управата за јавни приходи, ќе извршат плаќање на таксата според добиените решенија.

**Член 7**

Оваа Одлука влегуваат во сила до денот на објавувавуње во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-177/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на општна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

---

Врз основа на член 45 и 48 од Законот за локалните избори ("Службен весник на РМ " бр.45/04 година ) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 година) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За надоместок на изборните трошоци на организаторите на изборната кампања**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува надоместокот за изборните трошоци на организаторите на изборната кампања кој добиле мандати за членови на Советот на општина Гевгелија и мандат за градоначалник на општината.

**Член 2**

Надоместокот од член 1 на оваа одлука се утврдува кога бројот на добиените гласови на организаторот на изборната кампања ќе се помножи со износот од 15 денари за секој добиен глас.

**Член 3**

Висината на надоместокот според член 2 на оваа одлука изнесува:

1.Социјалдемократски сојуз на Македонија, Либерално-демократска партија, Демократска партија на Србите во Македонија,Демократска лига на Бошнаците во Република Македонија, Обединетата партија за еманципација, Демократска партија на Турците на Македонија, Демократски сојуз на Власите од Македонија, Зелената партија на Македонија и ВМРО-Македонска за 15.089 гласови (7.122 гласови за членови на Совет и 7.967 гласови за градоначалник) 226.335,00 денари.

2.ВМРО-ДПМНЕ(ВМРО-Демократска Партија за Македонско Национално единство), Либерална Партија на Македонија, Социјалистичка Партија на Македонија, Демократски сојуз,Демократски Сојуз на Србите во Македонија (ДССМ), Европска Партија на Македонија, ВМРО-Движење за обнова на Македонија-ВМРО-ДОМ, Партија на Зелените, Народно Движење за Македонија, Партија на Власите од Македонија,Демократска Партија за Православното Единство на Србите и Македонците, Странка на Демократска Акција на Македонија-СДА, Бошњачка Демократска Партија-БДП,Партија на Демократските Сили на Ромите на Македонија и ВМРО-Вистинска Македонска Реформска Опција за 4.585 гласови за членови на Совет 68.775,00 денари.

3.ВМРО-Народна партија, за 881 гласови за член на Советот 13.215,00 денари.

4.Демократскта алтернатива, за 847 гласови за член на Совет 12.705,00 денари.

**Член 4**

Средствата за надоместок на изборните трошоци се обезбедени во Буџетот на општна Гевгелија за 2005 година.

Исплатата на надоместокот ќе ја изврши Одделението за финансии и буџет на жиро сметките на организаторите на изборните кампањи.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општна Гевгелија".

Бр.07-178/1 — Претседател
30.06.2005 год. — на Советот на општна Гевгелија,
Гевгелија — ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 25 став 1 точка 13 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## За одржување на јавното осветлување во Општина Гевгелија за 2005 година

## I.ОПШТ ДЕЛ

Програмата се изготвува со цел да се утврдат активностите за обезбедување на функционирањето на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија во 2005 година, како и потребните финансиски средства за спроведување на истата.

Работите кои се опфатени се од доменот на:

-Редовно одржување на постоечкото јавно осветлување на подрачјето на општината Гевгелија. Тука не е опфатено опремувањето со улично осветлување на нови неосветлени улици, за кои се потребни значително поголеми средства ( потребно е изготвување на дополнителна програма со конкретни проекти и ситуации за цена на чинење);

-Степен на уреденоста на јавното осветлување;

-Ориентациона годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување;

-Потребни средства за финансирање на јавното осветлување;

-Бројот на корисниците на јавното осветлување на подрачјето на општина Гевгелија;

-Потребна опрема за набавка за нормализирање на постоечкото јавно осветлување на подрачјето на опшитна Гевгелија;

## II.ПОСЕБЕН ДЕЛ

1.Редовно одржување на јавното осветлување

Редовното одржување на јавното осветлување се утврдува според изготвен интерен оперативен план за одржување на населени места и опфаќа:

-Замена на прегорени и искршени светилки;

-Замена на заштитни стакла и нивно чистење;

-Замена на сите елементи на сијалично место;

-Подесување на уредите кои служат за автоматско палење и гаснење на електричните светилки (ден/ноќ), кои се оштетени или ја изгубиле осетливоста;

-Ослободување на светлосните тела од вегетација и др.

Приоритет за почести контроли и интервенции при отстранување на дефектите ќе се дава на осветлувањето во централните подрачја по населени места во општината, крстосниците со поголема фреквенција на сообраќајот, пешачките премини или улиците во близина на болници, училишта, детски градинки, цркви и други улици, кои се во близина на објекти од витално значење.

За населените места, каде што според законот за јавно осветлување се ослободени од плаќање на комунална такса, а има поставено јавно осветлување, како што се населените - односно туристичките места Серменин, Конско, Хума и Смрдлива Вода, (за кои како туристички локалитети се фактурира електрична енергија само еднаш годишно) потребно е да се одреди одреден процент (во вредност од околу 5%) од

вкупните средства што се собираат и да се пренасочат за тие подрачја. И тоа, посебно за подобрување и користење на осветлувањето на главните патишта и раскрсници.

2.Степен на уреденоста на јавното осетлување

Степенот на уреденоста на јавното осветлување е претставено табеларно по населени места за светилки што светат (исправни, јануари 2004 година), светилки што не светат (неисправни) и вкупен број на светилки по населени места.

| Населено место | Исправни | Неисправни | Вкупно | % на осветленост |
|---|---|---|---|---|
| **Гевгелија** | | | | |
| живини сијалици 125W | 452 | 70 | 522 | |
| живини сијалици 160W | 154 | 195 | 349 | |
| живини сијалици 250W | 28 | 14 | 42 | |
| живини сијалици 400W | 30 | 6 | 36 | |
| натриумови сијалици 250W | 60 | 17 | 77 | |
| неонски сијалици 25W | 7 | 6 | 13 | |
| Гевгелија вкупно: | 731 | 308 | 1.039 | 70% |
| **Негорци** | | | | |
| живини сијалици 125W | 68 | 26 | 94 | |
| живини сијалици 160W | 4 | 2 | 6 | |
| живини сијалици 250W | 6 | / | 6 | |
| натриумови сијалици 250W | 2 | / | 2 | |
| Негорци вкупно: | 80 | 28 | 108 | 74% |
| **Богородица** | | | | |
| живини сијалици 125W | 26 | 10 | 36 | |
| живини сијалици 250W | 6 | / | 6 | |
| Богородица вкупно: | 32 | 10 | 42 | 76% |
| **Мрзенци** | | | | |
| живини сијалици 125W | 21 | 3 | 24 | |
| живини сијалици 160W | 6 | 6 | 12 | |
| Мрзенци вкупно: | 27 | 9 | 36 | 75% |
| **Прдејци** | | | | |
| живини сијалици 125W | 30 | 11 | 41 | |
| Прдејци вкупно: | 30 | 11 | 41 | 73% |
| **Моин** | | | | |
| живини сијалици 125W | 20 | 5 | 25 | |
| Моин вкупно | 20 | 5 | 25 | 80% |
| **Ново Конско** | | | | |
| живини сијалици 125W | 19 | 4 | 23 | |
| Ново Конско вкупно: | 19 | 4 | 23 | 82% |
| **Кованец** | | | | |
| живини сијалици 125W | 4 | 2 | 6 | |
| живини сијалици 160W | 4 | 2 | 6 | |
| Кованец вкупно: | 8 | 4 | 12 | 67% |
| **Серменин** | | | | |
| живини сијалици 125W | 4 | 1 | 5 | |
| живини сијалици 160W | 7 | 1 | 8 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Серменин вкупно: | 11 | 2 | 13 | 85% |
| **Конско**<br>живини сијалици 125W | <br>10 | <br>/ | <br>10 | |
| Конско вкупно: | 10 | / | 10 | 100% |
| **Смрдлива вода**<br>живини сијалици 125W<br>живини сијалици 160W | <br>4<br>6 | <br>3<br>6 | <br>7<br>12 | |
| Смрдлива вода вкупно: | 10 | 9 | 19 | 53% |
| **Хума**<br>живини сијалици 125W<br>живини сијалици 160W | <br>15<br>1 | <br>/<br>/ | <br>15<br>1 | |
| Хума вкупно: | 16 | / | 16 | 100% |
| **Миравци**<br>живини сијалици 125W<br>живини сијалици 160W<br>живини сијалици 250W<br>натриумови сијалици 250W | <br>70<br>4<br>6<br>4 | <br>10<br>/<br>1<br>/ | <br>80<br>4<br>7<br>4 | |
| Миравци вкупно: | 84 | 11 | 95 | |
| **Милетково**<br>живини сијалици 125W<br>живини сијалици 160W | <br>26<br>4 | <br>9<br>1 | <br>35<br>5 | |
| Милетково вкупно: | 30 | 10 | 40 | |
| Петрово<br>живини сијалици 125W<br>живини сијалици 160W | <br>20<br>2 | <br>3<br>/ | <br>23<br>2 | |
| Петрово вкупно: | 22 | 3 | 25 | |
| **Смоквица**<br>живини сијалици 125W | <br>25 | <br>5 | <br>30 | |
| **Општина Гевгелија се вкупно:** | **1004** | **380** | **1384** | **72%** |

Или пак табеларно претставени по видови на светилки за општина Гевгелија:

| **Ред.бр.** | **Општина Гевгелија** | **Исправни** | **Неисправни** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125W | 682 | 126 | 608 |
| 2. | живини сијалици 160W | 183 | 211 | 394 |
| 3. | живини сијалици 250W | 40 | 14 | 54 |
| 4. | живини сијалици 400W | 30 | 6 | 36 |
| 5. | Натриумови сијалици 250W | 62 | 17 | 79 |
| 6. | Неонски сијалици 25W | 7 | 6 | 13 |
| | **Се вкупно:** | **1004** | **380** | **1384** |

Вкупно светилки во Миравци и околните населени места

| **Ред.бр.** | **Миравци** | **Исправни** | **Неисправни** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125W | 141 | 27 | 168 |
| 2. | живини сијалици 160W | 12 | 1 | 13 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | живини сијалици 250W | 6 | 1 | 7 |
| 4. | натриумови сијалици 250W | 4 | - | 4 |
| | | | | |
| | | | | |
| | **Се вкупно:** | **163** | **29** | **192** |

Вкупно сијалици во Гевгелија, Миравци и населените места

| | | | |
|---|---|---|---|
| општина Гевгелија | 1004 | 380 | 1384 |
| Миравци | 163 | 29 | 192 |
| Вкупно: | 1167 | 409 | 1576 |

Во зависност од потребите по населени места и во зависност од можностите за обезбедување на финансиски средства, се предлага да бројот на светилките да се зголеми од 8% до 10% годишно по населено место.

3.Годишна потрошувачка на електрична енергија за јавно осветлување во општитна Гевгелија

Податоците се земени од читањето на мерните уреди (струјомерите) за последните три години station наназад:

| **Период** | **Вкупно потрошена ел.енергија** |
|---|---|
| 1.Јануари-декември / 2003 год. | 712.000 KWh/год. |
| 2.Јануари-декември / 2004 год. | 760.312 KWh/год. |
| | |
| | |

Согласно залагањата за зголемување и подобрување на бројот на светлосни места, а со тоа и потрошувачката на електрична енергија, како најверодостоен податок е потрошувачката од последната 2004 година, за која е потрошена 760.312 KWh.

Но, треба да се има предвид дека во секој момент не е можна целосна осветленост на подрачјето на општина Гевгелија (секој пат има места каде што не свети по некоја светилка од разни причини). До колку се направат напори за нивно отстранување процентот на осветленоста на постоечките светлосни места да се подобри и се зголеми од сегашните 68% (јануари 2005 год.) на очекуваните 90%. Тоа ќе придонесе за значително подобрување на постоечкото јавно осветлување.

Зголемувањето на бројот на светилките од 1580 во 2004 год. за 4%, осносно на 1640 светилки во 2005 година, ориентационо би значело и зголемена годишна потрошувачка на електрична енергија за 2005год. во споредба со 2004 год. за 10%. Вкупно потрошената електрична енергија би изнесувала 2.273.028 ден.

(Цената на комуналната такса за користење и одржување на јавното осветлување месечно изнесува: 15KWh x 2,9896 ден. KWh = 44,8 ден.

Потрошувачката на електрична енергија ја следи Комисијата за контрла на наменското трошење на средствата за јавно осветлување со читање на мерните уреди (струјомерите) секој први или втори ден во месецот. Читањето на струјомерите се врши во присуство на службено лице од Подружница "Електродистрибуција" - Гевгелија и овластено лице од општитна Гевгелија (член на Комисијата).

4.Број на корисници на јавно осветлување на подрачјето на општина Гевгелија (заедно со Миравци)

Според податоците од јануари 2004 год. со кои располага Подружница "Електродистрибуција" Гевгелија, вкупниот број на корисници по електрични броила на 0,4 КВ потрошувачка (на кои им се фактурира и комунална такса наменето за улично осветлување) изнесува 7993 потрошувачи во општина Гевгелија (со Миравци).

Месечната такса по електрично броило изнесува: 44,85 ден., а годишната 538,20 ден. по броило. Од тука произлегува дека со целосна наплата на сметките годишно би се собрале 4.301.832,00 денари комунална такса. Ако се има предвид дека целосна годишна наплата практично не е можна (доколку на крајот од годината процентот на наплата достигне околу 86-90%) може да се очекува остварување на годишни средства, по основа на наплата за улично осветлување, во вредност од 3.900.180,00 ден.
Доколку процентот на наплата на електрична енергија е помал од (86-90%), во тој случај и наплатените годишни средства, по основа на јавно осветлување, би биле помали.

Во 2004 година за потрошена електрична енергија за улично осветлување е фактурирано од страна на Подружница "Електродистрибу-ција" - Гевгелија на општина Гевгелија износ од 2.272.574 денари, а за извршени услуги со набавка на материјали (по ситуации) е фактурирано 454.270 денари или се вкупно за 2004 год. е фактурирано 2.939.852 денари.

5.Потребни средства за финансирање на јавното осветлување

Целосна проценка на потребните средства за финансирање на јавното осветлување посебно во делот на одржување, не е можна, бидејќи сето тоа зависи и од временските прилики и неприлики кои ќе влијаат на дефектите на јавното осветлување. Исто така, од движењето на цените за набавка на потребната опрема на пазарот наменета за јавно осветлување и др.

Средства кои би се собрале по основа на годишна наплата:
(со 90% наплата) ............................................ 3.880.650 денари

Средства кои би биле потребни за годишна наплата на потрошена електрична енергија (со 90% потрошена количина на ел.енергија) 2.411.831 денари.

Средства за одржување на јавно осветлување и останати трошоци 660.000 ден.

Односно, за наплата на електрична енергија за јавно осветлување и за материјални трошоци за одржување на јавното осветлување се потребни вкупно 3.071.831 ден.

За планирање на нови осветлувања остануваат 808.819 ден.

Со овие средства се планира осветлување на нови улици и тоа:

-дел од ул."Миле Пецанов" Гевгелија

-Моински пат до Динќут

| Р.бр. | Име на материјалот | Един.мера | Вкупно |
|---|---|---|---|
| 1. | живини сијалици 125 W | бр. | 300 |
| 2. | живини сијалици 160 W | бр. | 150 |
| 3. | живини сијалици 250 W | бр. | 40 |
| 4. | живини сијалици 400 W | бр. | 20 |
| 5. | Натриумовн сијалици 250 W | бр. | 30 |
| 6. | Пригушници за внатрешна монтажа 125 W | бр. | 100 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 7. | Пригушници за надворешна монтажа 125 W | бр. | 100 |
| 8. | Пригушници за внатрешна монтажа 250 W | бр. | 10 |
| 9. | Пригушници за внатрешна монтажа 400 W | бр. | 10 |
| 10. | Фасонки Е27 - порцелански | бр. | 250 |
| 11. | Фасонки Е40 - порцелански | бр. | 40 |
| 12. | кабел P/F 1x1,5м м | м. | 300 |
| 13. | кабел P/F 1x2,5мм | м. | 100 |
| 14. | Силиконски кабел P/F 1x1,5мм | м. | 100 |
| 15. | Форел со оптичко око | бр. | 15 |
| 16. | оптичко око | бр. | 15 |
| 17. | Електрично броило 10-40 А, 3x220 V | бр. | 3 |
| 18. | Електрично броило 10-40 А, 220 V | бр. | 3 |
| 19. | Подножје за осигурувачи 160 А | бр. | 10 |
| 20. | Осигурувачи НВТ 00 | бр. | 100 |
| 21. | Контактор 63 А | бр. | 8 |
| 22. | Контактор 40 А | бр. | 8 |
| 23. | Комплет подножје за опална топка од 125 | бр. | 40 |
| 24. | Опална топка Ф-400 | бр. | 40 |

Потребните материјали мора да се набават согласно Законот за јавни набавки.

Набавката на материјали за одржување на јавното осветлување ќе го врши Комисијата за јавни набавки на Општинската администрација Гевгелија. Набавените материјали ќе може Подружницата "Електродистрибуција" Гевгелија да ги вградува према потребата што ќе ја утврди надлежна комисија на општината и за што ќе дава извештај за вградениот материјал преку соодветно изготвени ситуации за тоа. Контролата може да ја врши посебно формирана комисија од страна на Општина Гевгелија за наменско трошење на средствата

**III.** Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-180/1
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на опшитна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За разрешување членови на Управниот одбор на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија

1.Од членови на Управниот одбор на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија како преставници на општината се разрешуваат:

-Ѓорѓе Дучков, член на Советот на општината
-Слободанка Дуева, дипломиран професор по книжевност
-Димитар Карајанов, економист
2.Не се разрешуваат членовите од редот на вработените.
3.Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-187/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За именување членови на Управниот одбор на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија

1.За членови на Управниот одбор на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија како преставници на општината се именуваат:
-Слободанка Дуева, дипломиран професор по книжевност
-Димитар Карајанов, економист
-Славчо Глигоров од Гевгелија
2.За членови на Управниот одбор остануваат вработените од Јавното претпријатие - Јован Крстев и Јован Јованов.
3.Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-188/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За разрешување членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Гевгелија" Гевгелија

1.Од членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија како преставници на општината се разрешуваат:

-Коста Костаќев, дипломиран економист

-Тодорка Цилкова Димова, дипломиран правник

-Петранка Коџева, дипломиран економист

-Васил Цинев, дипломиран економист

-Димитар Дојчинов, дипломиран правник

3.Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-189/1
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општитна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
### За именување членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио Гевгелија" Гевгелија

1.За членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија како преставници на општината се именуваат:

-Коста Костаќев, дипломиран економист

-Петранка Чавдаров, дипломиран економист

-Петра Попова, дипломиран економист

-Ристо Манчев, електро-инженер

-Даница Каркалашева, лекар специјалист

3.Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-190/1
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општитна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија**

1.Од Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија како претставници на основачот се разрешуваат:

-Боро Шуклев, дипломиран машински инженер

-Тодор Ристов, дипломиран правник

-Ванчо Карајанов, машински инженер

2.Не се разрешуваат членови на Управниот одбор од редот на вработените.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-183/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 17 став 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување на членовите на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија**

1.Во Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија како претставници на основачот се именуваат:

-Боро Шуклев, дипломиран машински инженер

-Тодор Ристов, дипломиран правник

-Ристо Цатев, дипломиран инженер агроном

2.Во Управниот одбор остануваат членовите од редот на вработените - Вита Мандалова и Павле Биков.

3.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-184/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување на членовите на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија**

1.Од Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија се разрешуваат:
-Живка Јанева, дипломиран економист
-Анѓел Јованов, дипломиран економист
-Ѓурѓа Икономова, економист
-Боро Картов, дипломиран економист
-Тодор Сеизов, дипломиран економист
2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-185/1
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 26 став 2 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 ,6/02 и 40/03 год.), член 36 став 1 точка 5 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување на членовите на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија**

1.Во Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија се именуваат:
-Анѓел Јованов, дипломиран економист
-Ѓорѓе Милков, дипломиран економист
-Ѓурѓа Икономова, економист
-Бранко Талески, дипломиран економист
-Иван Франгов, дипломиран економист
2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-186/1
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 143 од Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр.36/04 и 49/04 год.) и член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди**

1.Во Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.5/98 год.) во ставот 1 се разрешуваат од претседател Петар Карагошев, а од членови: Станка Карајанова Виолета Џинова, Стојан Ристов и Васил Илков.

2.Во Комисијата се именуваат:

За претседател:

-Митко Дојчинов, дипломиран правник

За членови:

-Стојан Гунов, дипломиран инженер агроном

-Станка Карајанова, дипломиран инженер архитект

-Дамјан Смилков, дипломиран инженер агроном

-Костадин Шутев, дипломиран инженер архитект

3.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето, во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-182/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на општнa Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 135 став 3 од Законот за здравствената заштита ("Службен весник на РМ" бр.38/91, 46/93, 55/95 и 10/04 год.) и член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување еден член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија како претставник на локалната самоуправа**

1.За член во Управниот одбор на Јавната здравствена установа Здравен дом Гевгелија, како претставник на локалната самоуправа се именува:

-Елица Поп-Ристова, лекар специјалист

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-191/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на општнa Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 48 став 3 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" бр.50/97, 16/00, 17/03 и 65/04 год.) и член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За именување еден член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија како претставник на локалната самоуправа

1.За член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија како претставник на локалната самоуправа се именува:

-Благица Опрова, дефектолог

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-192/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 25 став 1 точка 1, а во врска со член 122 од Статутот на опшитна Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија бр.8/02год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година, по расправата по Нацрт-Статутот за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија, донесе

## З А К Л У Ч О К

1.Се утврдува Нацрт-Статутот за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија.

2.Нацрт-Статутот за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија се става на јавна дискусија.

Јавната дискусија ќе трае 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој заклучок.

Јавната дискусија ќе ја организира и спроведе Комисијата за статут и прописи на Советот на општина Гевгелија.

3.Нацрт-Статутот за измена и дополнување на Статутот на општината да се достави на месните заедници, политичките партии, јавните претпријатија и установи, органите на општината и други субјекти.

Нацрт-Статутот за измена и дополнување на Статутот ќе биде изложен и во салата за седници на Советот на општината.

Граѓаните, органите,јавните претпријатија и установи и институциите од ставот 2и 3 на оваа точка како и другите учесници во јавната дискусија предлозите, мислењата и забелешките по Нацрт-Статутот за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија да ги доставуваат во писмена форма до Комисијата за статут и прописи на Советот на опшитна Гевгелија.

4.Комисијата за статут и прописи, по истекот на рокот за јавна дискусија, да ги разгледа предлозите, мислењата и забелешките и да изготви Предлог-Статут за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија.

5.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на опшитна Гевгелија".

Бр.07-179/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година по претресот на Информацијата за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.Се усвојува Информацијата за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија.

2.Општинската администрација да преземе мерки и активности за означување и обележување на позначајните институции и места во општината, со поставување на патокази за полесна ориентација.

3.Заклучокот да се достави до општинската администрација во општина Гевгелија.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-181/1 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година по претресот на Предлог-Одлуката за висината на комуналните такси во општина Гевгелија, го донесе следниот,

**З А К Л У Ч О К**

1.За примена на одредени такси од Одлуката за комунални такси Советот на општината смета дека треба да се донесат одредени акти.

За таксата од тарифен број 8 да се утврди на кои паркиралишта ќе се наплаќа такса.

Таксата од тарифен број 3 треба да биде различна за градот и селата во општината при што за градот да се утврдат зони.

3.Заклучокот да се достави до Општинската администрација Гевгелија

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-177/2 Претседател
30.06.2005 год. на Советот на опшитна Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 30.06.2005 година по претресот на Предлог-Програмата за јавно осветлување во општина Гевгелија за 2005 година, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.При реализација на Програмата за јавно осветлување во општина Гевгелија за 2005 година општинската администрација, покрај за приоритетите утврдени во истата, да преземе мерки и активности и за одржување на електричната мрежа и оспособување на постојните сијалични места во населените места.

2.Заклучокот да се достави до општинската администрација Гевгелија.

3.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-180/2
30.06.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општна Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Измени и дополнувања на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ........... 98

2.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ........................................ 79

3.Одлука за утврдување на висината на стапките на даноците на имот во општна Гевгелија ........................................ 79

4.Одлука за утврдување висината на комуналните такси во општина Гевгелија .... 81

5.Одлука за надоместок на изборните трошоци на организаторите на изборната кампања ........................................ 83

6.Програма за одржување на јавното осветлување во општина Гевгелија за 2005 година ........................................ 85

7.Одлука за разрешување членови на Управниот одбор на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија ........................................ 90

8.Одлука за именување членови на Управниот одбор на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија ........................................ 91

9.Одлука за разрешување членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија ........................................ 91

10.Одлука за именување членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното радиодифузно претпријатие "Радио-Гевгелија" Гевгелија ........................................ 92

11.Одлука за разрешување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија ........................................ 93

12.Одлука за именување членови на Управниот одбор на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија ........................................ 93

13.Одлука за разрешување членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија ........................................ 94

14.Одлука за именување членови на Одборот за контрола на материјално финансиското работење на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија ........................................ 94

15.Решение за измена и дополнување на Решението за формирање Комисија за процена и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди ........................ 95

16.Одлука за именување еден член во Управниот одбор на ЈЗУ Здравствен дом Гевгелија како претставник на локалната самоуправа ........................................ 95

17.Одлука за именување еден член во Управниот одбор на Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Гевгелија како претставник на локалната самоуправа .......... 96
18.Заклучок по Нацрт-Статутот за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија ........................................................................................................................ 96
19.Заклучок по Информацијата за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија ........................................................................................ 97
20.Заклучок за примена на одредени такси од Одлуката за комунални такси ....... 97
21.Заклу!ок по Програмата за јавно осветлување во опшитна Гевгелија за 2005 година ........................................................................................................................... 98

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.) и член 21 став 1 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, донесе

# С Т А Т У Т
## за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија

### Член 1

Во Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) членот 3 се менува и гласи:

"Подрачјето на општината е утврдено со закон и го сочинуваат катастарските општини на населените места: градот Гевгелија и селата: Богородица, Габрово, Давидово, Кованци, Конско, Моин, Милетково, Миравци, Мрзенци, Негорци, Ново Конско, Петрово, Прдејци, Серменин, Смоквица и Хума".

### Член 2

Членот 14 се брише.

### Член 3

Во членот 20 став два бројот "17" се заменува со бројот "19".

### Член 4

Во членот 31 став 1 алинеа 3 се брише и се додаваат три нови алинеи и тоа:

"-Комисија за здравствена и социјална заштита

-Комисија за образование, култура и спорт

-Комисија за функционирање системот на локалната самоуправа"

### Член 5

Член 35 се менува и гласи:

"Комисијата за здравствена и социјална заштита ги разгледува прашањата од надлежност на општината, а кои се однесуваат на здравствената, социјалната заштита и заштитата на децата".

### Член 6

По член 35 се додаваат два нови члена 35а и 35б кои гласаат:

**"Член 35а**

Комисијата за образование, култура и спорт ги разгледува прашањата од надлежност на општината кои се однесуваат на образованието, културата, спортот и рекреацијата.

**Член 35б**

Комисијата за функционирање системот за локалната самоуправа ги разгледува прашањата од областа на јавната безбедност, безбедноста на сообраќајот, заштитата и спасувањето на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи, за празниците и манифестациите и доделување на награди и признанија, функционирањето на месните заедници, работењето на органите и друго".

**Член 7**

По глава "V.Непосредно учество на граѓаните во одлучувањето на општината" и членот 84 се додава нова глава и десет нови членови и тоа:

**"Va.Информирање на граѓаните и слободен пристап до информации од јавен карактер**

**а)Информирање на граѓаните**

**Член 84а**

Органите на општината, комисиите на советот на општината и јавните претпријатија и установи основани од општината, ги информираат граѓаните за одлуките и своите активностите кои се од непосредно значење за животот и работата на граѓаните во општината и за други информации од јавен интерес.

Граѓаните на општината се информираат за:

-прописите кои ги донесува Советот на општината;

-начинот и условите за остварување на нивните права;

-обврските на граѓаните кои произлегуваат од надлежноста на општината:

-плановите, проектите и програмите кои се во подготовка а се од значење за развојот на општината;

-услугите кои ги добиваат од јавните служби и општинската администрација и начинот на нивно добивање;

-приходите кои се остваруваат во општината и начинот на нивна распределба и трошење;

-јавните набавки на основни средства за работа;

-именувањето на директори и претставници во управните одбори на јавните претпријатија, установи и училиштата;

-други информации кои произлегуваат од надлежноста на органите на општината и јавните претпријатија и установи во согласност со закон.

**Член 84б**

Информирањето на граѓаните на општината се врши редовно, без надоместок, преку:

-издавање службен гласник на општината;

-издавање и дистрибуција до граѓаните на месечни информативни билтени;

-објавување на публикации;

-информативни канцеларии водени од општинската администрација и јавните служби основани од општината;

-огласни табли (простории на органите на општината, месните заедници, јавните претпријатија и установи);

-веб сајт;

-јавни трибини во месните заедници за одредени прашања;

-средствата за јавно информирање, и

-на друг соодветен начин кој е најповолен за информирање на јавноста .

**Член 84в**

Советот на општината со посебна одлука може да утврди за одредени информации да се информира и на јазикот кој не е службен јазик во општината а го зборуваат дел од жителите на општината.

**б)Слободен пристап до информациите од јавен карактер**

**Член 84г**

Во општината се обезбедува правото на слободен пристап до информации од јавен карактер со кои располагаат органите на општината (Советот и градоначалникот) јавните претпријатија и установи основани од општината, и правни и физички лица со доверени јавни овластувања од општината.

По исклучок, во случаи утврдени со закон, правото на слободен пристап до некои информации со кои располагаат имателите на информации од став 1 на овој член, може да биде ограничен или да се обезбеди делумен пристап.

### Член 84д

За информациите со кои располагаат и до кои се обезбедува слободен пристап, имателите на информации од став 1 на член 84г востановуваат и водат листа на информациите која се објавува на начин кој е достапен за барателите на информации.

За листата на информации и условите и начинот на слободен пристап до информациите, граѓаните на општината се известуваат преку огласна табла или на друг погоден начин.

Имателите на информации се должни редовно, а најдоцна во рок од три месеци да ја ажурираат листата на информации од јавен карактер со кои располагаат.

Листата на информации од јавен карактер за органите на општината ја предлага градоначалникот, а ја утврдува (донесува) советот на општината.

Листата на информации од јавен карактер за јавните претпријатија и установи основани од општината ја утврдува Управниот одбор на предлог на директорот.

### Член 84ѓ

Постапката за остварување на правото на слободен пристап до информации се остварува во согласност со закон.

Градоначалникот на општината создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат Советот на општината и општинската администрација.

Директорот на јавното претпријатие и јавната установа основани од општината, создава услови и презема мерки пропишани со закон, за остварување на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат, согласно статутот на претпријатието и установата.

### Член 84е

Слободен пристап до информациите од јавен карактер со кои располагаат имателите на информации од став 1 на член 84г имаат сите правни и физички лица (во натамошниот текст: барател на информација).

Слободниот пристап до информации се остварува:

-со увид во документите со кои располага имателот на информацијата,

-со добивање препис, фотокопија или електронски запис од документите со кои располага имателот на информацијата.

Имателот на информацијата за посредување или остварување на правото на слободен пристап до информациите определува службено лице.

**Член 84ж**

Барателот на информацијата за извршениот увид или добиениот препис, фотокопија или електронски запис на информацијата, плаќа соодветен надоместок во висина на материјалните трошоци.

Барателот на информацијата при поднесувањето на барањето се известува за плаќањето и висината на соодветниот надоместок.

**Член 84з**

Имателот на информацијата ако не ја достави бараната информација, барателот има право на жалба до Државната комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 84ѕ**

Советот на општината усвојува годишен извештај за остварувањето на правото на слобен пристап до информациите во минатата година во опшитната.

Годишниот извештај за остварувањето на слободен пристап до информации го подготвува градоначалникот на општината и го доставува до советот најдоцна до 31 јануари во тековната година.

Извештајот од став 1 на овој член ги содржи и податоците за остварениот слободен пристап до информациите со кои располагаат и јавните служби кои ги формира општината.

Извештајот од ставот 1, по усвојувањето се доставува до Државната комисија за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер".

**Член 8**

Членовите 125,126,127,128 и 129 се бришат.

**Член 9**

По членот 124 во поднасловот "Преодни и завршни одредби"се додаваат два нови членови и тоа:

**"Член 124а**

Имателот на информацијат а е должен во рок од шест месеци од денот на усвојувањето на статутут да ја донесе и објави листата на информации со кои располага

**Член 124б**

Градоначалникот на општината е должен во рок од три месеци од денот на усвојувањето на статутот, согласно актот за организација на општинската администрација, да распореди државен службеник од општинската администрација кој ќе ги извршува работите на посредување при остварувањето на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер".

**"Член 10**

Одредбите на членовите 84г до 84ѕ ќе се применуваат по донесувањето на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Член 11**

Овој Статутот за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Гевгелија.

Бр.07- 208/1 Претседател
26.07.2005 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 25 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.) и член 25 став 1 точка 27 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За преземање на основачките права на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци

**Член 1**

Со оваа Одлука општина Гевгелија ги презема основачките права на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци основано од поранешната опшитна Миравци.

**Член 2**

Со преземање на основачките права се преземаат и опремата, инвентарот, архивата, документацијата, средствата за работа и другите

средства и вработените и се пренесуваат на Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија.

**Член 3**

За статусот на Јавното претпријатие од член 1 на оваа Одлука ќе се одлучи дополнително.

**Член 4**

Се задолжува Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија да ја спроведе ова одлука во рок од 30 дена од денот на нејзиното влегување во сила.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-210/1 Претседател
26.07.2005 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарскис.р.***

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 26 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, донесе

# О Д Л У К А
## За утврдување на работите од надлежност на општина Гевгелија што ќе ги врши општинската администрација на подрачјето на поранешна општитна Миравци

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат работите од надлежност на општина Гевгелија што ќе ги врши општинската администрација на подрачјето на поранешна општина Миравци како и начинот на вршење.

**Член 2**

На подрачјето на поранешна општитна Миравци ќе се вршат следните работи од надлежност на општината и тоа:

-следење и проучување на законите и другите прописи и општи акти од областа на локалната самоуправа.

-стручна обработка на прашања кои се од значење за примената на прописите од претходната, алинеа.

-вршење на управно-надзорни работи од областа на комуналните дејности, сообраќајот и локалните патишта.

-координирање и следење на работите при изградба на објекти од комуналната инфраструктура.

-се грижи за одржување на јавната чистота на патиштата, улиците и друга јавна сообраќајна површина.

-ја следи состојбата и укажува на потребата од поставување на сообраќајни знаци.

-ја следи состојбата со функционирање на јавното осветлување.

-на барање на вработените од општинската администрација во Гевгелија и градоначалникот доставува податоци, изготвува извештаи и информации за одредени состојби и појави на подрачјето.

-непосредно ги спроведува и ја следи примената на прописите на Советот и градоначалникот во селата и за тоа го информира градоначалникот и раководителот на одделението.

врши стручна, административно-техничка, сметководствено-финансиски работи на органите на месната самоуправа.

-соработува со јавните установи и претпријатија

-соработува со граѓаните.

-врши и други работи

**Член 3**

Работите од претходниот член ги извршуваат вработените од општинсктата администрација на поранешната општина Миравци кои се преземени во општинската администрација во Гевгелија.

**Член 4**

За вршењето на работите ќе се води евиденција на актите согласно упатството и уредбата за канцелариско работење.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-212/1
26.07.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 5 став 3 од Законот за пожарникарство ("Службен весник на РМ" бр.67/04год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, донесе

# О Д Л У К А
## За формирање на Територијална противпожарна единица на општина Гевгелија

### Член 1

Со оваа Одлука се формира Територијална противпожарна единица на општина Гевгелија заради гасење на пожари, спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозени од пожари и експлозиви, укажување на техничка помош при незгоди и опасни ситуации како и за извршување на други работи при несреки и непогоди (во натамошниот текст: Противпожарна единица).

### Член 2

Како противпожарна единица на општината ќе функционира постојната противпожарна единица која дејствуваше како Територијална противпожарна единица на РМ за Гевгелија.

### Член 3

Противпожарната единица има формациска организација, а работниците имаат чинови.

### Член 4

Организацијата на противпожарната единица, нејзината надлежност и извршителите на работите ќе се уредат со актите за организација и систематизација на општинската администрација согласно Законот за пожарникарство.

### Член 5

Правилата за работа на противпожарната единица, критериумите за видот и обемот на опремата и средствата за гасење пожари и униформата на лицата во единицата ги пропишува Дирекцијата за заштита и спасување.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-211/1 Претседател
25.07.2005год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 23 став 1 точка 6 од Законот за угостителска дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## за продолжување на работното време на угостителските објекти за еден час во село Миравци

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува продолжување на работното време за еден час на угостителските објекти во село Миравци.

**Член 2**

Продолжувањето на работното време од член 1 на оваа одлука ќе трае од започнувањето на турнирот во мал фудбал "Тихо 2005" до завршувањето на истиот, односно најдоцна до 10.08.2005 година.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-213/1 Претседател
26.07.2005год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 43 став 5 и 6 од Законот за градежно земјиште("Службен весник на РМ" бр.53/2001 год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за ликалната самоуправа ("Службен весник на РМ"бр.5/02 год.) и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, донесе

# ПРОГРАМА
## За дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2005 година

**I.** Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/2004 и 7/2005), во глава **V** "Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште" во поднасловот "За градот Гевгелија", по точката 1.4. се додава нова точка 1.5. која гласи:

**"1.5. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200 ден./м$^2$."**

**II.** Во глава **V** "Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште" во поднасловот "Населени места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица и Прдејци", по точката 1.4. се додава нова точка 1.5. која гласи:

**"1.5. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200 ден./м$^2$."**

**III.** Во истата глава **V** "Висина на надоместокот за уредување на градежно земјиште" во поднасловот "За изградба на објекти долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија", по точката 1.2. се додава нова точка 1.3. која гласи:

**"1.3. Бензински пумпи (згради, настрешници, резервоари, рампи) 6.200 ден./м$^2$."**

**IV.** Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Гевгелија”.

Бр.07-214/1 Претседател
26.07.2005 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година по претресот на Информација за состојбата со шумскиот фонд, пошумувањето и сечење на шумите во општина Гевгелија, го донесе следниот,

# З А К Л У Ч О К

1.Се усвојува Информација за состојбата со шумскиот фонд, пошумувањето и сечењето на шумите во општина Гевгелија.

2.За согледување на состојбата со шумите и пасиштата во општината, а посебно во кожувскиот дел на општината, да се побара од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за транспорт и врски, ЈП"Македонски шуми" и Јавното претпријатие за пасишта, информација на кој се дадени пасишта и шуми под концесија, во колкава површина и за кој период.

3.Заклучокот да се достави до ЈП "Македонски шуми"Подружница Шумско стопанство"Кожув" Гевгелија.

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-215/1 Претседател
26.07.2005 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија"бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, по претресот на Предлог-Одлука за преземање на основачките права на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци. го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија да изготви комплетна анализа за состојбата на јавното претпријатие со предлог мерки за решавање на присутните проблеми во истото.

2.Заклучокот да се достави до Јавното претпријатие за комунални дејности "Комуналец" Гевгелија

4.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-210/2 Претседател
26.07.2005 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Статут за измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија ..........................................................................................................................100

2.Одлука за преземање на основачките права на Јавното претпријатие за комуналии и водовод "Миравци" од Миравци .......................................... 105

3.Одлука за утврдување на работите од надлежност на општина Гевгелија што ќе ги врши општинската администрација на подрачјето на поранешна општина Миравци........................................................................ 106
4.Одлука за формирање на Територијална противпожарна единица на општина Гевгелија.......................................................................................... 108
5.Одлука за продолжување на работното време на угостителските објекти за еден час во село Миравци................................................................ 109
6.Програма за дополнување на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2005 година...............................................110
7.Заклучок по Информацијата за состојбата со шумскиот фонд, пошумувањето и сечење на шумите во општина Гевгелија........................... 110
8.Заклучок по Одлука за преземање на основачките права на Јавното претпријатие за водовод и комуналии "Миравци" од Миравци ...........................................................................................................................111

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 57 став 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), член 21 став 1 од Законот за територијалната организација на локалната самоуправа во Република Македонија ("Службен весник на РМ" бр.55/04 год.) и член 25 став 1 точка 26 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 26.07.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
### за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија

**Член 1**

Во Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.9/05 год.) во членот 5 се додаваат два нови става три и четири кои гласат:

"Во општинската администрација, како дел од единствениот систем на заштита и спасување функционира Територијална противпожарна единица на општнната.

За вршење на работите на внатрешната ревизија во рамките на општинската администрација функционира внатрешен ревизор.

**Член 2**

По членот 7 се додава нов член 7а кој гласи:

"Територијалната противпожарна единица на општината се формира заради вршење на со Закон утврдените работи од областа на заштитата од пожари".

**Член 3**

По членот 25 се додаваат два нови члена кои гласаат:

**"Член 25а**

Територијалната противпожарна единица ги врши следните работи:

-гасење на пожари на подрачјето на општината.

-одстранување на непосредната опасност за настанување на пожар.

-спасување на животот на граѓаните и заштита на имотот загрозен од пожари и експлозиви.

-укажување техничка помош при незгоди и опасни ситуации.

-извршување на други работи при несреќи и непогоди.

-врши непрофитабилни услуги заради подобрување на техничката опременост и услови за работа, кои не го оневозможуваат или попречуваат вршењето на функцијата од претходните алинеи на овој став.

-заедно со територијалните противпожарни единици на општините во Република Македонија утврдени со закон, дејствува како противпожарна единица на РМ заради оперативно делување при гасењето големи пожари на целата територија на Република Македонија.

-давање помош кога тоа е побарано при гасењето пожари во други држави.

-водење посебна евиденција на настанатите пожари, експлозиви, интервенции за гасење и интервенции за други настани според единствена методологија и известување на Дирекцијата за заштита и спасување и општината за тоа.

-периодично испитување и проверка на исправноста на противпожарната опрема со која располага Територијалната противпожарна единица.

-тековна проверка и одржување на механиката.

-давање, противпожарно обезбедување на објекти, делегации, јавни собири, спортски и други манифестации, во координација со Министерството за внатрешни работи.

-врши обука од обласа на противпожарната заштита на припадници на АРМ.

-едукација на граѓаните за заштита од пожари преку организирање на предавања, преку медиуми, и организирање на други активности.

-врши и други работи што ќе и бидат доверени.

**Член 25б**

Внатрешниот ревизор ги извршува работите на внатрешна ревизија утврдени со закон и за тоа е одговорен пред градоначалникот и Советот на опшитната."

**Член 4**

По членот 29 се додаваат два нови члена кои гласаат:

**"Член 29а**

"Со Територијалната противпожарна единица на општината раководи командир.

Во случај на отсуство или спреченост на командирот, со Територијалната противпожарна единица раководи заменик командир.

Со чета раководи командир на чета, а во случај на отсуство или спреченост на командирот, со четата раководи заменик командир на чета.

Со одделението раководи командир на одделение."

**Член 29б**

Внатрешниот ревизор го назначува Советот на општината на предлог на градоначалникот на опшитната, и е самостоен и независен извршител."

**Член 5**

Во членот 30 ставот 1 и 2 по зборот "одделенијата" се додават зборовите: и Територијалната противпожарна единица".

**Член 6**

Во членот 31 се додава нов став четири кој гласи:

"Вработените во Територијалната противпожарна единица немаат статус на државни службеници".

**Член 7**

По членот 31 се додава нова глава IVа и нов член 31а кој гласи:

"IVа.Евиденција на актите

**Член 31а**

Во општината органите на локалната самоуправа и општинската администрација водат деловодник како основна книга за евиденција на актите.

Посебни деловодници ќе се водат во Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина, Одделението за финансии, локални даноци и такси и Територијалната противпожарна единица на општината".

**Член 8**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се објави по добивањето на мислење од Агенцијата за државни службеници.

Бр.07-209/1
26.07.2005год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина
Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 442 подставка 442170 - Културно уметнички манифестации, Програма ДО во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на КУД "Негорци" од Негорци за реализирање на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат на ж-ро с-ка бр.200000034663039 во Стопанска банка.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

КУД "Негорци" од Негорци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за реализирање на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-935/2 Градоначалник
26.07.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови во износ од 15.000,00 денари се доделуваат на СД "Тихо" од Миравци за одржување на меморијален турнир во класичен мал фудбал "Тихо 2005".

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат на ж-ро с-ка бр.250000001316-43 во Инвест банка АД Скопје.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

СД "Тихо" од Миравци поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за организирање на меморијален турнир во класичен мал фудбал "Тихо 2005".

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 15.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-979/2 Градоначалник
4.08.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина

Гевгелија" бр.13/04 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, Програма-уредување на градежно земјиште, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери во износ од 26.765,00 денари се доделуваат на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за работно ангажирање на лица корисници на социјална помош за чистење на јавно прометни површини.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се преведат во Комерцијална банка на жиро сметка 300100000021371.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ЈПКД "Комуналец" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за работно ангажирање на лица корисници на социјална помош за чистење на јавно прометни површини.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 26.765,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-941/2 Градоначалник
26.07.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ДО во износ од 60.000,00 денари се доделуваат на ФК "Кожуф" од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во АД Тутунска банка на жиро сметка бр.210-040236840122.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ФК "Кожуф" поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 60.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-940/2 Градоначалник
26.07.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ДО во износ од 50.000,00 денари се доделуваат на Женски ракометен клуб од Гевгелија за програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Инвест банка на ж-ро с-ка бр.250000000058117.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Женскиот ракометен клуб поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 50.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-987/2 Градоначалник
8.08.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 50.000,00 ден. се доделуваат на Црквата "Св.Спас" Гевгелија за реновирање на камбанаријата.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат на жиро сметка бр.200000012102973 Стопанска банка на "Ина Комерц" Гевгелија.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Црквата "Св.Спас" Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005год. за реновирање на камбанаријата.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 50.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-988/2 Градоначалник
8.8.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 17.000,00 денари се доделуваат на ОО на СЗБ од НОВ од Гевгелија за превознички услуги за реализација на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделе--нието за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на ж-ро с-ка бр.200-00000-1997028.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

ОО на СЗБ од НОВ поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за исплата на превознички услуги.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 17.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-789/2
4.07.2005год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 442 подставка 442170 - Културно уметнички манифестации, Програма ДО во износ од 20.000,00 денари се доделуваат на Меѓународната ликовна колонија "Дојрана" од Гевгелија за реализација на програмски активности.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на ж-ро с-ка бр.200000004621072.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Меѓународна ликовна колонија "Дојрана" од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 год. за реализација на програмски активности.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 20.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1002/2
10.08.2005год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - други трансфери, Програма ДО во износ од 5.000,00 денари се доделуваат на Кирил Кангов од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во готово на благајната во општинската администрација.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Кирил Кангов поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 5.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-861/2
14.07.2005год.
Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија,
*Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - други трансфери, Програма ДО во износ од 2.000,00 денари се доделуваат на Жарко Трајковски од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во готово на благајната во општинската администрација.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Жарко Трајковски од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 2.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-592/2 Градоначалник
26.05.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05 год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - други трансфери, Програма ДО во износ од 5.000,00 денари се доделуваат на Миова Вера од Ново Конско за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во готово на благајната во општинската администрација.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Вера Миова поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 5.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-331/2 Градоначалник
31.03.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на Маја Џотова од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Стопанска банка на штедна книшка бр.000838948-3

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Маја Џотова од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства

од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 3.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-859/2 Градоначалник
14.07.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 4.000,00 денари се доделуваат на Ристо Митров од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Комерцијална банка на штедна книшка бр.10061986100.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ристо Митров од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 4.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1009/2 Градоначалник
12.08.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 463 подставка 463120 - Трансфери до спортски клубови, Програма ДО во износ од 15.000,00 денари се доделуваат на Мите Ризов, организатор на турнир во мал фудбал "Благој Делиманов".

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средс твата ќе се исплатат во ИК Банка на ж-ро с-ка бр.270000000703234 на ТП "Боеми".

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Мите Ризов од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005

година за организирање турник во мал фудбал "Благој Делиманов".

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 15.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1017/2 Градоначалник
16.08.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
## За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 28.875,00 денари се доделуваат на Илија Карајанов од Гевгелија за печатење на две збирки и монографија за Анте Поповски.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во ИК Банка на ж-ро с-ка бр.270000000711867 на"Софија"Богданци

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

### О б р а з л о ж е н и е

Илија Карајанов од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за печатење две збирки и монографија за Анте Поповски.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на опшитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 28.875,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-324/2 Градоначалник
25.03.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Одлука за измена и дополнување на Одлуката за организацијата, делокругот и начинот на извршување на задачите на општинската администрација во општина Гевгелија ................................ 113

2.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на КУД "Негорци" од Негорци ......................... 115

3.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на СД "Тихо" од Миравци ................................................. 115

4.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија ........................ 116

5.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на ФК "Кожуф" Гевгелија ................................................ 116

6.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Женски ракометен клуб од Гевгелија ............... 117

7.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Црквата "Св.Спас" Гевгелија ............................. 117

8.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина

Гевгелија за 2005 година на ОО на СЗБ од НОВ Гевгелија ................................... 118

9.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Меѓународната ликовна колонија "Дојрана" од Гевгелија .................................................. 118

10.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Кирил Кангов од Гевгелија .............................. 119

11.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Жарко Трајковски од Гевгелија ........................ 119

12.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Миова Вера од Ново Конско ...................................... 120

13.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Маја Џотова од Гевгелија ............................................ 120

14.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Ристо Митров од Гевгелија ............................. 121

15.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Мите Ризов од Гевгелија ............................................. 121

16.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година на Илија Карајанов од Гевгелија .......................... 122

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 61 од Законот за јавни патишта ("Службен весник на РМ" бр.26/96, 40/99, 96/00, 29/02 и 68/04 година), и член 25 став 1 точка 10 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување режимот и условите за вршење сообраќај на одредени улици во градот Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува режимот на сообраќајот и условите за вршење на сообраќајот на улиците "7-ми Ноември", "Димитар Влахов", "Маршал Тито", "Борис Карпузов", "Кирил и Методиј" и "Скопска" во градот Гевгелија.

**Член 2**

На улиците од член 1 на оваа одлука, сообраќајот ќе се одвива во следните насоки:

-На ул."7-ми Ноември" од крстосницата со ул."Скопска" и ул."Гевгелиски Партизански Одреди" до крстосницата со ул."Маршал Тито" и ул."Димитар Влахов", сообраќајот ќе се одвива во една насока (од автобуската станица до центарот).

По исклучок од претходниот став на алинеа 1, ул."7-ми Ноември" се забранува за сообраќај од Автобуската станица до паркинг просторот пред Стопанска банка во четврток од 07 до 16,00 часот. Во истиот ден и време на ул."7-ми Ноември" сообраќајот ќе се одвива во две насоки од паркинг просторот до ул."Маршал Тито" и обратно.

-На ул."Скопска" од крстосницата со ул."7-ми Ноември" до крстосницата со ул."Борис Карпузов" сообраќајот ќе се одвива во една насока (во насока спрема ул."Борис Карпузов").

-На ул."Борис Карпузов" од крстосницата со ул."Скопска" до крстосницата со ул."Маршал Тито" сообраќајот ќе се одвива во една насока (во насока спрема ул."М.Тито").

-На ул."Маршал Тито" од крстосницата со ул."Ѓорѓи Велков" до крстосницата со ул."7-ми Ноември" и ул."Димитар Влахов" сообраќајот ќе се одвива во една насока (во насока од крстосницата со ул."Ѓорѓи Велков" до центарот).

-На ул."Димитар Влахов" од крстосницата со ул."Маршал Тито" до крстосницата со ул."Ристо Фршинин" сообраќајот ќе се одвива во една насока (во насока спрема ул."Ристо Фршинин".

-На ул."Кирил и Методиј" од крстосницата со ул."Ристо Фршинин" до крстосницата со ул."Маршал Тито" сообраќајот ќе се одвива во една насока (во насока спрема ул."Маршал Тито").

**Член 3**

Означувањето на условите и режимот на сообраќајот ќе се изврши со хоризонтална и вертикална сигнализација од страна на Одделението за комунални работи и локални патишта на Општинската администрација Гевгелија.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-231/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 21 став 2 од Законот за угостителската дејност ("Службен весник на РМ" бр.62/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на

општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за определување висината на надоместокот за издавање лиценца за вршење на угостителски услуги**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува висината на надоместокот за издавање лиценца за вршење угостителски услуги во кабаре, ноќен бар, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор и утврдува начинот на плаќање.

**Член 2**

Висината на надоместокот што угостителот треба да ја плати за добивање лиценца за вршење угостителски услуги, изнесува за:

-кабаре, во денарска противредност од 2.500 ЕВРА

-ноќен бар, во денарска противредност од 4.000 ЕВРА

-дискоклуб и дискоклуб на отворен простор, во денарска противвредност од 7.500 ЕВРА

**Член 3**

Надоместокот од член 2 на оваа Одлука се уплатува 50% на сметката на Буџетот на општина Гевгелија во рамките на трезорската сметка и 50% се уплатува на Буџетот на Република Македонија во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на Република Македонија на денот на уплатата.

**Член 4**

Лиценцата од член 1 на оваа Одлука важи за период од една година и неможе да се пренесува.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-230/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за аплицирање на општина Гевгелија во Фондот за добро општинско управување**

**Член 1**

Со оваа Одлука се одобрува аплицирање на општина Гевгелија во Фондот за добро општинско управување преку Програмата - Проект за успешна децентрализација финансиран од УСАИД.

**Член 2**

Општината во Фондот аплицира со Проект - набавка на специјално возило за изнесување на смет со канти од домакинства и контејнери од 1м3 од станбени згради.

Вредноста на Проектот од претходниот став на овој член изнесува 3.630.000,00 денари од кои 3.300.000,00 се побаруваат од ФДОУ, а 330.000,00 се општински придонес.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-232/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 86 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за купување на административната зграда - деловниот простор на ГП "Пелагонија" Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од купување на административната зграда - деловниот простор на ГП "Пелагонија" Гевгелија.

**Член 2**

Зградата од член 1 се наоѓа на КП бр.2032/2 м.в."Град" КО Гевгелија на ул."Маршал Тито" на први и втори кат и е со површина од 518,30м2.

**Член 3**

Средствата за купување на зградата ќе се обезбедат од Буџетот на општина Гевгелија.

**Член 4**

Се овластува градоначалникот на општината да го склучи договорот купопродажба со кој ќе се уредат правата и обврските на договорните страни - општината и ГП "Пелагонија".

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-233/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр.61/04 год.) и член 25 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање Комисија за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Комисија за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија и утврдува нејзиниот број, состав и надлежност (во натамошниот текст: Комисијата).

**Член 2**

Комисијата е составена од претседател и два члена и нивни заменици.

Членовите на Комисијата ги именува Советот на општитната на предлог на градоначалникот на општината од редот на вработените во општинската администрација.

**Член 3**

Комисијата ќе ја утврдува пазарната вредност на недвижниот имот која ќе биде основица за определување на висината на даноците на имот.

Комисијата, пазарната вредност ќе ја утврдува според Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот донесена од Владата на Република Македонија.

**Член 4**

Мандатот на членовите на Комисијата е две години.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-234/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 5 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр.61/04 год.), член 2 од Одлуката за формирање Комисија за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/05год.) и член 25 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за именување претседател и членови и нивни заменици во Комисијата за утврдување пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија**

**Член 1**

Во Комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија се именуваат:

За претседател:

- Благој Караѓорѓев, раководител на Одделението за комунални работи и локални патишта

За членови:

-Убавка Ликимова, самостоен референ за регистрација и идентификација на имот

-Димитар Апостолов, советник-инспектор за комунални работи

За заменик претседател:

-СтанкаКарајанова, раководител на Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина

За заменици членови:

-Митко Дојчинов, советник за комунални работи

-Лилјана Кичукова, виш соработник за буџет и пригоди.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-235/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 25 став 1 точка 42 и член 46 и 47 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за формирање Совет за заштита на потрошувачите и избирање на членови**

**Член 1**

Со оваа Одлука се формира Совет за заштита на потрошувачите и избираат членови (во натамошниот текст: Советот).

**Член 2**

Во Советот се избираат 7 членови и тоа 3 члена од преставници на правните лица и 4 члена, физички лица, корисници на услугите на јавните претпријатија.

**Член 3**

Од правните лица, како претставници се избираат:

-Милица Рендевска, претставник од Медицински центар Гевгелија

-Весна Прошева, претставник од ОУ "Владо Кантарџиев"

-Димитар Крџев, претставник од Медицински центар Гевгелија

Од физичките лица, корисници на услугите се именуваат:

-Ѓорѓи Марков, од Гевгелија

-Савка Маркудова, од Гевгелија

-Божидар Танелов, од Гевгелија
-Дониш Чурлинов, од Гевгелија

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-236/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа**

1.Од училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

- Митко Алчинов, професор по одбрана од Гевгелија
- Билјана Илин, економист од Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-237/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на општинското Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на општината**

1.Во училишниот одбор на општинското Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на општината (основачот) се именуваат два члена и тоа:

-Магдалена Делкова, средно образование од Гевгелија
-Славица Маркова, Високо образование од Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-238/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа**

1.Од училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

- Ружица Ѓоргевиќ, машински техничар од Гевгелија
- Кита Боева, одделенски наставник од Моин

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-239/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на општинското Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како претставници на општината**

1.Во училишниот одбор на општинското Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како преставници на општината (основачот) се именуваат два члена и тоа:

-Руска Б.Попова, средно образование, невработена од Гевгелија

-Татјана Трајкова, Високо образование, невработена од Моин

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-240/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на општинското Основното училиште "Климент Охридски" Миравци како претставници на општината**

1.Во училишниот одбор на општинското Основното училиште "Климент Охридски" Миравци како преставници на општината (основачот) се именуваат два члена и тоа:

-Наташа Зумрова, медицинска сестра од Миравци

-Благој Цуклев, од Миравци

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-241/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник

на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште"Климент Охридски" Миравци како претставници на локалната самоуправа**

1.Од училишниот одбор на Основното училиште "Климент Охридски" Миравци како преставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

-Борис Камов, од Миравци

-Јован Б.Стојков, од Давидово

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-242/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како претставници на локалната самоуправа**

1.Од училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како преставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

- Драгица Јованова, средно образование од Негорци

- Ангел Узунов, Виша Педагошка од Негорци

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-243/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Слу-жбен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на општинското Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како претставници на општината**

1.Во училишниот одбор на општинското Основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци како преставници на општината (основачот) се именуваат два члена и тоа:

-Зоран Узунов, од Негорци

-Блага Мурџева, од Негорци

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија."

Бр.07-244/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот

на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За разрешување членови во Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа**

1.Од училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на локалната самоуправа се разрешуваат:

- Атанас Атанасов, професор по музика од Гевгелија
- Оливера Станковска, екстраден музичар од Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-245/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за основното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03 и 63/04 год.), член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување членови во Училишниот одбор на општинското Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на општината**

1.Во училишниот одбор на општинското Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како претставници на општината (основачот) се именуваат два члена и тоа:

-Апостол Чугунцалиев, магистер по земј.науки од Гевгелија
-Јелица Поп-Ристова, лекар специјалист од Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-246/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00,17/03 и 65/04 год.), член 25 став 1 точка 42 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За разрешување еден претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на Комбинираната детска установа "Детска радост" Гевгелија**

1.Од Управниот одбор на Комбинираната детска установа "Детска радост" Гевгелија од општина Гевгелија како преставник на локалната самоуправа се разрешува:

- Благој Стоев, лекар специјалист од Гевгелија

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-247/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 96 став 2 и 3 од Законот за заштита на децата ("Службен весник на РМ" бр.98/00,17/03 и 65/04 год.), член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување три члена во Управниот одбор на општинската Комбинираната детска установа"Детска радост" Гевгелија како претставници на општината**

1.Во Управниот одбор на општинската Комбинираната детска установа "Детска радост" Гевгелија се именуваат три члена како претставници на општината (основачот) и тоа:

-Виолета Делева, медицинска цестра од Гевгелија

-Петар Трајков, Високо образование од Гевгелија

-Ѓорѓе Карајанов, средно образование од Гевгелија

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-248/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 88 од Законот за средното образование ("Службен весник на РМ" бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03 и 67/04 год.), член 25 став 1 точка 28 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За именување три члена во Управниот одбор на Општинскиот училишниот центар"Јосиф Јосифовски" Гевгелија како претставници на општината**

1.Во Управниот одбор на Општинскиот училишниот центар "Јосиф Јосифовски" Гевгелија се именуваат три члена како преставници на општината (основачот) и тоа:

-Марија Пенова, лекар специјалист од Гевгелија

-Миле Атанасов, Високо образование, невработен од Гевгелија

-Ленче Панајотова Крушкова, деловна школа, невработена Гевгелија.

2.Ова решение влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-249/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 391 и 393 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата ("Службен весник на РМ" бр.14/98,38/02 и 38/04 год.) и член 25 став 1 точка 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на опшитна Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 16.09.2005 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За измена и дополнување на Решението за формирање Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија**

1.Во Решението за формирање Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија ("Службен гласник на опшитна Гевгелија" бр.1/2000, 6/01 и 12/04 год.) во точка 3 се вршат следните измени и дополнување:

Во Советот се разрешуваат:

-Од претседател на Советот: Слободан Атанасов од Богородица.

Од членови на Советот: Панче Јанев, Виктор Гавровски, Никола Капсаров, Живко Алчинов, Томе Пеев, Илија Паласкаров, Костадин Митренцев, Ленче Крушкова, Зоран Јовановски, Звонко Јованов, Тони Димитровски, Александар Тодов, Александар Илин, Бранко Ортаковски, Димитар Буров, Ристо Карамитров, Глигор Дајлиев и Петар Трајковски.

За членови во Советот се именуваат:

-Горан Попов, командир за јавна безбедност

-Дине Поп-Кочев, началник СВР Гевгелија

-Костадин Митренцев, републички инспектор за сообраќај

-Мирјана Ѓелебешова, општински инспектор за сообраќај

-Офелија Проданова, републички инспектор за патишта

-Јованка Дојранлиева, претставник од РТГ Гевгелија

-Виктор Гавровски, претставник на АМС "Дичо Панов"

-Крсте Вртов, претставник на Дружението на возачите

-Саше Филипов, претставник на Македонија пат

-Живко Кајтазов, претставник на АД "Трансбалкан"

-Катерина Ашикова, советник за јавни дејности

2.Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето, во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-250/1 Претседател
16.09.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за утврдување режимот и условите за ршење сообраќај на одредени улици во градот Гевгелија .................... 124

2.Одлука за определување висината на надоместокот за издавање лиценци за вршење на угостителски услуги ....................................................... 125

3.Одлука за аплицирање на општина Гевгелија во Фондот за добро општинско управување .......................... 125

4.Одлука за купување на административната зграда - деловниот простор на ГП "Пелагонија" Гевгелија ............. 126

5.Одлука за формирање Комисија за утврдување пазарнта вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија .................................................................. 126

6.Одлука за именување претседател и членови и нивни заменици во Комисијата за утврдување пазарнта вредност на недвижниот имот во општина Гевгелија ................................. 127

7.Одлука за формирање Совет за заштита на потрошувачите и избирање на членови ............................................... 127

8.Одлука за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа ....................................................... 128

9.Одлука за именување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Владо Кантарџиев" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа .................................................................. 128

10.Одлука за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа .............................................. 129

11.Одлука за именување членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Крсте Мисирков" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа .............................................. 129

12.Одлука за именување членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Климент Охридски"

Миравци како преставници на локалната самоуправа ............................................ 129

13.Одлука за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Климент Охридски" Миравци како преставници на локалната самоуправа ............................................ 130

14.Одлука за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното училиште "Ристо Шуклев" Негорци како преставници на локалната самоуправа ............................................ 130

15.Одлука за именување членови во Училишниот одбор на Општинското основно училиште "Ристо Шуклев" Негорци како преставници на општината ..................................................................... 130

16.Одлука за разрешување членови во Училишниот одбор на Основното музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како преставници на локалната самоуправа ..................... 131

17.Одлука за именување членови во Училишниот одбор на Општинското основно музичко училиште "Васо Карајанов" Гевгелија како преставници на општината .......................................... 131

18.Решение за разрешување еден претставник од локалната самоуправа во Управниот одбор на Комбинираната детска установа "Детска радост" Гевгелија .................................................. 131

19.Одлука за именување три члена во Училишниот одбор на Комбинираната детска установа "Детска радост" Гевгелија како преставници на општината ..................................................................... 132

20.Одлука за именување три члена во Управниот одбор на Општинскиот училишен центар "Јосиф Јосифовски" Гевгелија како преставници на општината .......................................................... 132

21.Решение за измена и дополнување на Решението за формирање Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Гевгелија ........ 132

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 16 став 2 од Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр.16/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на опоштина Гевгелија ("Службен гласник на опоштина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## за определување на места за вршење на трговија на стоки вокиосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи

### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат места на кои може да се врши трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи.

### Член 2

Трговија на стоки во киосци, автомати и продажба од подвижни улични продавачи може да се врши на сите локации на подрачјето на општина Гевгелија за кои има одобрение од надлежниот орган од општината.

Продажба од подвижни улични продавачи може да се врши во градот Гевгелија на:

-шеталиштето, посебно за Нова Година, 8-ми Март и во летниот период

-ул."Илинденска" посебно во деновите на панаѓурот

-ул."Таља Бикова" посебно за време на одржување спортски и други манифестации во спортската сала

-ул."7-ми Ноември" посебно во пазарен ден, во денови на одржување приредби во Пионерскиот дом

-ул."Јосиф Јосифовски" посебно за време на спортски натпревари

Во Негорци:

-на улицата за влез во селото

-во центарот на селото

Во Миравци:

-по улицата во центарот и пред Домот на културата

### Член 3

Трговија на стоки на местата определени во членот 2 на оваа одлука можат да вршат правните и физичките лица кои се регистрирани за вршење на таква дејност под услови пропишани со закон и друг пропис.

### Член 4

Просторот за поставување на објекти и апарати за вршење на трговија на стоки на начините утврдени во членот 1 на оваа одлука на местата од член 2 на оваа Одлука го определува Одделението за урбанизам, архитектура, градежништво и заштита на животната средина и Одделението за комунални работи и локални патишта.

Органите од претходниот став изработуваат скица во која ги определуваат и просторот и неговата големина.

При определување на просторот да не се нарушат амбиенталните вредности на непосредната околина.

### Член 5

Правните и физичките лица за користење на простор за вршење на трговија на стоки поднесуваат барање до Одделението за комунални работи и локални патишта.

За користење на определениот простор на правните и физичките лица им се издава одобрение.

### Член 6

Органите од член 4 на оваа Одлука просторите за вршење трговија на стоки ќе ги определат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

### Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-261/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
*Панде Кацарски с.р.*

Врз основа на член 8 став 2 од Законот за трговија ("Службен весник на РМ" бр.16/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За утврдување места за вршење трговија на мало и давање услуги во трговијата пред продавниците и деловните простории**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат местата на кои, пред продвниците и деловните простории, може да се врши трговија на мало и давање услуги во трговијата, постапката за издавање на одобрение, и начинот на вршење на трговија на мало и давање услуги во трговијата.

**Член 2**

Трговија на мало и давање на услуги во трговијата пред продавници и деловни простории може да се врши на сите улици во градот и селата на кои има изградено тротоари, на пешачки улици и површини (во натамошниот текст јавни површини) на кои може да се обезбеди простор за движење на пешаците од 1,60м.

**Член 3**

На јавните површини за вршење на трговија на мало и давање на услуги во трговијата може да се постават:

-тезги
-пултови
-фрижидери

Опремата од претходниот став не смее да се прицврсти за јавната површина.

Опремата од претходниот став не може да се постави на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата.

**Член 4**

На јавната површина не смеат да се преземат или вршат градежни зафати, како и да се монтираат платформи или рампи од било каков материјал.

**Член 5**

На правните и физичките лица за вршење на трговија на мало и давање услуги во трговијата пред продавниците и деловните простории на јавните површина им се издава одобрение.

**Член 6**

За добивање на одобрение правните и физичките лица поднесуваат барање во кое покрај името и презимето, односно називот и седиштето на барателот, наведуваат и детален опис на трговијата на мало или услугата што ќе ја вршат на јавната површина како и опремата што ќе ја постават.

Со барањето се поднесува и:

-фотокопија од регистрацијата за вршење трговија на мало или давање услуги во трговијата.

-фотокопија од документот дека е сопственик или закупец на продавницата односно деловниот простор.

-фотокопија од актот на надлежните органи за исполнување на минимално техничките услови за вршење трговија на мало или давање на услуги во трговијата, копија од актот на надлежните органи дека се исполнети условите предвидени со закон и друг пропис за таков начин на продажба.

-скица со опис на бараната поршина и опремата што ќе се постави.

**Член 7**

Постапката за издавање ја води и одобрението го издава Одделението за комунални работи и локални патишта.

**Член 8**

Одобрението содржи:

-Име и презиме односно назив и седиште на барателот.

-Рокот за кој се издава одобрението.

-Опис на стоката што ќе се продава во трговијата на мало или на услугата во трговијата што ќе се врши.

-Скица со приказ на јавната површина што ќе се користи и опремата што ќе се постави на истата.

-Обврските за: одржување на чистотата на јавната површина, одржување на опремата во исправна состојба, отстранување на опремата по истекот на важноста на одобрението, складирање, пакување, мерење и наплата за стоката, да се врши исклучиво во објектот, да не го попречува вршењето на дејноста на други физички и правни лица, како и користењето и употребата на соседните деловни објекти.

**Член 9**

За користење на јавната површина пред продавниците и деловните простории за вршење на трговија на мало и давање услуги во трговијата,физичките и правните лица на кои им е издадено одобрение плаќаат комунална такса во висина од 10 ден./м2 дневно согласно Законот за комунални такси.

**Член 10**

Надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши Одделението за комунални работи и локални патишта.

Инспекциски надзор над спроведувањето на оваа Одлука врши надлежниот општински инспектор.

Општинскиот инспектор при инспекцискиот надзор проверува дали на корисникот на јавната површина му е издадено одобрение и дали ги почитува условите предвидени во истото.

**Член 12**

Доколку корисникот на јавната површина нема одобрение општинскиот инспектор со решение ќе го задолжи да ја отстрани опремата од јавната површина во рок од 3 дена.

Ако корисникот на јавната површина не ја отстрани опремата во определениот рок, истата ќе ја острани надлежната служба на општината или лице овластено од општнната.

**Член 13**

Ако општинскиот инспектор утврди дека корисникот на јавната површина не ги почитува условите од издаденото одобрение ќе предложи одземање на одобрението.

**Член 14**

Против решението од член 12 и 13 на оваа Одлука корисниците на јавната површина имаат право на жалба.

**Член 15**

Правните и физичките лица кои користат јавна поршина пред продавниците односно деловните простории се должни во рок од 15 дека по влегувањето во сила на оваа Одлука да поднесат барање за издавање на одобрение.

Правните и физичките лица кои нема да поднесат барање или на кои нема да им биде издадено одобрение се должни да ја отстранат бесправно поставената опрема на јавната површина.

**Член 16**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-260/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,

***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 9 став 2, член 12 и 14 од Уредбата за трговските дејности од мал обем и начинот на нивната регистрација ("Службен весник на РМ" бр.64/05 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За определување места - локации и работното време за вршење на трговски дејности од мал обем

### Член 1

Со оваа Одлука се определуваат - локации за вршење на трговски дејности од мал обем, начинот на користење на местата и работното време за вршење на дејностите.

### Член 2

Трговија на мало со овошје и зеленчук, бижутерија и галантерија, позамантерија, метли и производи од трска, украсни птици, грнчарски производи, сувенири, уметнички слики и предмети покрај на пазарот, како организирано продажно место, можат да се вршат и на:

-слободни простори покрај станбените блокови (дворните места на станбените блокови може да се користат само со согласност на станарите).

-ул."Булевар Гевгелија", крак на север - према "Ноел" Гевгелија.

### Член 3

Продажба на печени и варени костени, конфенкциониран сладолед, печени и варени печенки, мед, семки, кикирики, леблебии, лешници и бадеми, покрај на пазарот и во движење, може да се вршат и на следните места - локации:

-на шеталиштето на местото пред неактивниот влез на "Тедико", пред фонтаната кај Лотарија на Македонија и пред жардинериите пред хотел "Југо";

-на Автобуската станица на просторот источно од дворното место;

-на Железничката станица пред зградата на Царинарницата;

-на паркингот пред ДТВ "Партизан", на западната страна;

-на паркингот до Спортската сала;

-во дворното место на Пионерски дом "Јосип Броз Тито"

На местата предвидени во алинеа 4, 5 и 6 во овој член производите од член 3 на оваа Одлука може да се продаваат само за време на одржување на спортски и културни манифестации.

### Член 4

На местата предвидени во членот 2 и 3 за вршење на трговија на мало, вршителите можат да поставаат само подвижни тезги и истите по истекот на работното време утврдено со оваа одлука се должни да ги отстранат.

### Член 5

Чистење на обувки може да се врши на шеталиштето до поставената огласна табла.

### Член 6

Местата - локациите можат да изнесуваат до 6м2 и истите ќе ги обележи Одделението за урбанизам, градежништво, архитектура и заштита на животната средина и Одделението за комунални работи и локални патишта на Општинската администрација.

### Член 7

При определувањето на местата - локациите за вршење на трговски дејности од мал обем не треба да се загрозува сообраќајот и слободното движење на сообраќајот.

### Член 8

Лицата кои вршат трговски дејности од мал обем се должни да обезбедат заштита на животната средина.

Отпадот настанат од вршењето на дејности, вршителите се должни да го изнесуваат во најблискиот контењер и локацијата да ја остават чиста.

**Член 9**

За доделената локација вршителот на трговската дејност од мал обем ќе плаќа надоместок во висина од 5 ден./м2 дневно.

**Член 10**

Дејностите од член 2 на оваа одлука на определените места можат да се вршат од 7,00 до 22,00 часот освен на местото - локацијата определена према влезот на "Ноел" од 13,00 до 15,00 часот.

Дејностите од член 3 на оваа одлука на определените места можат да се вршат:

-од 1-ви април до 30-ти октомври од 19,00 до 24,00 часот

-од 1-ви ноември до 31-ви март од 17,00 до 22,00 часот

**Член 10**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија"

Бр.07-262/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија "Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**За преземање на основачки права и утврдување како општинска јавна установа Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија**

**Член 1**

Со ова Одлука општина Гевгелија ги презема основачките права на Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито" и се утврдува како општинска јавна установа.

**Член 2**

Установата од претходниот член ќе врши јавна дејност од областа на културата.

**Член 3**

До усогласување на работењето на установата со Законот за културата и Законот за установите, донесувањето на статутот,изборот на управниот одбор и уписот во централниот регистар на установи, Градоначалникот на општината да именува Вршител на дожноста директор на установата кој ќе ги води работите на установата.

**Член 4**

Обврските на Пионерскиот дом настанати до денот на преземањето на основачките права паѓаат на товар на досегашниот основач.

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањто во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-263/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 31 и 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за здравство и социјална заштита на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за здравство и социјална заштита на Советот на општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови и тоа:

За претседател:

-Милица Рендевска, член на Советот на општина Гевгелија

За членови:

-Слободан Џониќ, член на Советот на општина Гевгелија

-Софија Аксеновска, член на Советот на општина Гевгелија

-Драган Цуклев, член на Советот на општина Гевгелија

-Вили Ќичуков, член на Советот на општина Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-264/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 31 и 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Служ-бен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за образование,култура и спорт на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за образование, култура и спорт на Советот на општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови и тоа:

За претседател:

-Бошко Јанов, член на Советот на општина Гевгелија

За членови:

-Магдалена Каркалашева, член на Советот на општина Гевгелија

-Александар Тодов, член на Советот на општина Гевгелија

-Венчо Атанасов, член на Советот на општина Гевгелија

-Марика Ризова, член на Советот на општина Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-265/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 31 и 38 од Статутот на општина Гевгелија ("Служ-бен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на претседател и членови на Комисијата за функционирање системот на локалната самоуправа на Советот на општина Гевгелија**

1.Во Комисијата за функционирање системот на локалната самоуправа на Советот на општина Гевгелија се избираат претседател и четири членови и тоа:

За претседател:

-Ѓорги Дучков, член на Советот на општина Гевгелија

За членови:

-Петко Смилков, член на Советот на општина Гевгелија

-Славчо Зумров, член на Советот на општина Гевгелија

-Васко Шутаров, член на Советот на општина Гевгелија

-Магдалена Каркалашева, член на Советот на општитна Гевгелија

2.Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-266/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 55 став 1 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 год.) Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 13.10.2005 година по расправата по Предлог-Одлуката за преземање на основачките права на Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито" Гевгелија, го донесе следниот,

## З А К Л У Ч О К

1.Во врска со превземањето на основачкикте права на Пионерскиот дом "Јосип Броз Тито" да се изготви анализа за состојбата на објектот и инвентарот во истиот заради превземање на одредени активности на истиот.

Да се согледат можностите во иднина во овој објект да се смести и библиотеката како би истиот станал центар на културата во општината.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-263/1 Претседател
13.10.2005год. на Советот на општина
Гевгелија Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Врз основа на член 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за разрешување Вршител на должноста директор на Матичната библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија**

1.Се разрешува од Вршител на должноста директор на Матичната библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

-Слободанка Дуева од Гевгелија, вработена во библиотеката поради статусни промени на библиотеката.

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1318/1 Градоначалник
22.09.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 12 од Законот за библиотеките ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е
**за именување Вршител на должноста директор на Матичната библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија**

1.За Вршител на должноста директор на Матичната библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија до изборот на директор по пат на јавен конкурс, а најдолго до 6 месеци се именува

-Слободанка Дуева од Гевгелија, со завршено Високо образование, вработена во библиотеката.

2.Вршителот на должноста директор ќе ги води работите на библиотеката и ќе ги преземе потребните активности и мерки за усогласување на работењето и актите на библиотеката со Законот за

библиотеките и другите законски прописи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1319/1 Градоначалник
22.09.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 37 од Законот за културата - пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за именување Вршител на должноста директор на Домот на културата "Македонија" Гевгелија**

1.За Вршител на должноста директор на Домот на културата "Македонија" Гевгелија до изборот на директор по пат на јавен конкурс, а најдолго до 6 месеци се именува,

-Марица Мишева од Гевгелија, со завршено средно образование, вработена во Домот на културата.

2.Вршителот на должноста директор ќе ги води работите на домот и ќе ги преземе потребните активности и мерки за усогласување на работењето и актите на домот со Законот за културата и другите законски прописи.

3.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1317/1 Градоначалник
22.09.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

Врз основа на член 37 од Законот за културата - пречистен текст ("Службен весник на РМ" бр.66/04 год.) и член 50 став 1 точка 9 и 16 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за разрешување Вршител на должноста директор на Домот на културата "Македонија" Гевгелија**

1.Се разрешува од Вршител на должноста директор на Домот на културата "Македонија" Гевгелија

-Миле Ничевски, од Гевгелија поради статусни промени на Домот на културата

2.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.08-1316/1 Градоначалник
22.09.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија *Драги Делев с.р.*

**С О Д Р Ж И Н А**

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на Ѓорѓи Митовски од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Тутунска банка на штедна книшка бр.2072054.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Ѓорѓи Митовски од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општитна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 год. во износ од 3.000,00 ден. како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1050/2 Градоначалник
22.08.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 3.000,00 денари се доделуваат на Беби Весели од Гевгелија за здравствени потреби.

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во Македонска банка на штедна книшка бр.0009064-50.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Беби Весели од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година за здравствени потреби.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 3.000,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1323/2 Градоначалник
22.09.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

Врз основа на член 41 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.) и член 12 од Одлуката за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/04 и 10/05год.) градоначалникот на општина Гевгелија, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**За распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година**

1.Дел од средствата на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година, ставка 464 подставка 464990 - Други трансфери, Програма ДО во износ од 2.080,00 денари се доделуваат на Антонио Ташев од Гевгелија дадени за укинување на ж-ро с-ка на општина Миравци..

Персоналниот данок ќе се пресмета и уплати согласно законските прописи.

2.Решението ќе го изврши Одделението за буџет и приходи и средствата ќе се исплатат во банка на штедна книшка бр.

3.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Гевгелија".

**О б р а з л о ж е н и е**

Антонио Ташев од Гевгелија поднесе барање до градоначалникот на општина Гевгелија за доделување на средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година дадени за укинување на жиро сметката на општина Миравци.

Оценувајќи дека барањето е оправдано, градоначалникот на општна Гевгелија, одлучи да се доделат средства од Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година во износ од 2.080,00 денари како е наведено во диспозитивот на ова решение.

Бр.08-1711/2 Градоначалник
9.11.2005год. на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Драги Делев с.р.***

## С О Д Р Ж И Н А

1.Заклучок по Нацрт-Одлуката за Општински линиски превоз на патници во општина Гевгелија ........................... 193

2.Заклучок по Нацрт-Одлуката за авто-такси певоз на патници во општина Гевгелија ................................................ 193

## АКТИ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

1.Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на ФК "Кожуф" Гевгелија ............................... 193

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на на ФК "Кожуф" Гевгелија ............................... 194

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на СД "Јовчо Кусеников" Гевгелија ........................... 194

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина

Гевгелија за 2005 година на ОУ "Владо Кантарџиев" Гевгелија .......................... 195

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на ОО на СБ од НОВ Гевгелија .................................. 195

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на Здружението на слепи лица ................. 196

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на Пионерски дом "Јосип Броз Тито" .......................... 196

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на ЈПКД "Комуналец" ........................................... 197

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на Анѓел Стоев од Гевгелија ................................ 197

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на Ѓорѓи Митровски од Гевгелија ....................... 198

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на Беби Весели од Гевгелија ............................................ 198

Решение за распоредување на дел од средствата на Буџетот на општина Гевгеллија за 2005 година на Антонио Ташев од Гевгелија ................................ 199

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 година) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" број 8/02и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 20.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
## За измени и дополнувања на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година

### Член 1

Во Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" број 13/04год,10/05 и број 16/05 год) се вршат следните измени :

| Вкупно приходи и тоа : | Буџет 30.06.2005 | Ребаланс 2005 |
|---|---|---|
| | 107.821.427,00 | 184.725.427,00 |
| - тековно оперативни приходи | 87.241.000,00 | 126.250.000,00 |
| - наменски дотации | 6.080.427,00 | 58.410.427,00 |
| - приходи од донации | 14.500.000,00 | 65.000,00 |
| Вкупно расходи и тоа : | 107.821.427,00 | 184.725.427,00 |
| -тековно оперативни расходи | 52.816.427,00 | 106.077.427,00 |
| - капитални расходи | 55.005.000,00 | 78.648.000,00 |

### Член 2

Во Билансот на приходи раздел-71501-сметка 630-буџет на општина во колона-буџет за 2005 година се вршат следните измени :

-Износот на потставката 711112-Данок од плати од трговски друштва од 500.000,00 се заменува со 900.000,00

-Се додава нова потставка 711114-Данок од плати остварени во странство со износ од 5.000,00

-Износот на потставката 713211-Данок на наследство и подарок од 256.000,00 се заменува со 300.000,00

-Износот на потставката 713311-Данок на промет на недвижности и права од 5.000.000,00 се заменува со 6.000.000,00

-Износот на потставката 717111-Комунална такса за привремен престој од 350.000,00 се заменува со 500.000,00

-Износот на потставката 717137-Надоместок за уредување на градежно земјиште од 30.370.000,00 се заменува со 66.000.000,00

-Се додава нова потставка 717138-Надоместок од комунална дејност со износ од 550.000,00

-Се додава нова потставка 718117-Надоместок за добивање лиценца за угостителска дејност со износ од 200.000,00

-Износот на потставката 722315-Административни такси од 50.000,00 се заменува со 100.000,00

-Износот на потставката 741115-Дотации од приходи од ДДВ од 4.320.000,00 се заменува со 5.300.000,00.

**Член 3**

Во Билансот на приходи раздел-71501-сметка 630-буџет на општина во колоната-приходи од донации се вршат следните измени :
-Се додава потставка 741114-Пренесен вишок на приходи со износ од 65.000,00
-Износот на потставката 742119-Други општи и тековни донации од 14.500.000,00 се брише.

**Член 4**

Во Билансот на приходи раздел-71501-сметка 789-средства за солидарност во колоната-приходи од наменски дотации се вршат следните измени :
-Се додава потставка 741112-Трансфери од буџет на РМ со износ од 52.330.000,00.

**Член 5**

Во Билансот на расходи раздел-71501-сметка 630-буџет на општина, во програма D-Градоначалник, потпрограма DO-Градоначалник во колона-буџет за 2005 се вршат следните измени :
-Се додава нова потставка 411110-Финансирање на нови програми и потпрограми со износ од 510.000,00
-Се додава нова потставка 442220-Тековно одржување во дејноста средно образование со износ од 970.000,00
-Износот на потставката 463120-Трансфери до спортски клубови од 700.000,00 се заменува со 1.600.000,00
-Износот на потставката 464990-Други трансфери од 1.500.000,00 се заменува со 7.734.000,00.

**Член 6**

Во Билансот на расходи раздел-71501-сметка 630-буџет на општина, во програма Е-Општинска администрација, потпрограма ЕО-Општинска администрација во колона-буџет за 2005 се вршат следните измени :
-Износот на потставката 401310-Надоместок за превоз од 10.000,00 се заменува со 30.000,00
-Износот на потставката 401330-Надоместок за годишен одмор од 230.000,00 се заменува со 250.000,00
-Износот на потставката 420130-Патувања во земјата-сметување од 235.000,00 се заменува со 300.000,00
-Износот на потставката 420210-Патувања во странство-дневници од 50.000,00 се заменува со 100.000,00
-Износот на потставката 421110-Електрична енергија од 250.000,00 се заменува со 350.000,00
-Износот на потставката 421240-Течни горива од 200.000,00 се заменува со 400.000,00
-Износот на потставката 421310-Пошта од 50.000,00 се заменува со 100.000,00
-Износот на потставката 421320-Телефон и телефакс од 700.000,00 се заменува со 900.000,00
-Износот на потставката 421420-Регистрација на моторни возила од 40.000,00 се заменува со 50.000,00

-Износот на потставката 423110-Канцелариски материјали од 250.000,00 се заменува со 350.000,00
-Износот на потставката 423190-Други административни материјали од 30.000,00 се заменува со 130.000,00
-Износот на потставката 423710-Средства за одржување на хигиена од 40.000,00 се заменува со 80.000,00
-Износот на потставката 425740-Дополнителни активности од 100.000,00 се заменува со 210.000,00
-Износот на потставката 425920-Услуги за копирање,печатење од 50.000,00 се заменува со 100.000,00
-Износот на потставката 425990-Други договорни услуги од 435.000,00 се заменува со 1.550.000,00
-Износот на потставката 426120-Членарини во домашни организации од 40.000,00 се заменува со 50.000,00
-Се додава нова потставка 481220-Набавка или нова изградба на деловни објекти со износ од 5.200.000,00
-Износот на потставката 483210-Купување на канцелариска опрема од 100.000,00 се заменува со 200.000,00

**Член 7**

Во Билансот на расходи раздел-71501-сметка 789-средства за солидарност, во програма Е-Општинска администрација, потпрограма ЕО-Општинска администрација во колона-расходи од наменски дотации се вршат следните измени :
-Се додава потставка 401390-Други надоместоци со износ од 186.000,00
-Се додава потставка 401520-Пресонален данок на доход од надоместоци со износ од 33.000,00
-Се додава нова потставка 425210-Провизија за платен промет со износ од 153.000,00
-Се додава нова потставка 464990-Други трансфери со износ од 44.640.000,00

**Член 8**

Во Билансот на расходи раздел-71501-сметка 630-буџет на општина , во програма Е-Општинска администрација, потпрограма ЕО-Општинска администрација во колона-расходи од донации се вршат следните измени :
-Се додава потставка 425990-Други договорни услуги со износ од 62.000,00
-Се додава потставка 426990-Други оперативни расходи со износ од 3.000,00

**Член 9**

Во Билансот на расходи раздел-71501-сметка 630-буџет на општина , во програма Ј-Комунални дејности, потпрограма Ј6-Одржување и заштита на локални патишта и улици во колона буџет за 2005 се вршат следните измени :
-Износот на потставката 421110-Електрична енергија од 3.070.000,00 се заменува со 5.000.000,00
-Износот на потставката 424430-Поправка и одржување на опрема од 100.000,00 се заменува со 200.000,00
-Износот на потставката 425610-Услуги за заштита на водите, реките и езерата од 5.000.000,00 се заменува со 2.000.000,00
-Износот на потставката 425640-Изработка на просторни и урбанистички планови од 2.700.000,00 се заменува со 1.000.000,00

**Член 10**

Во Билансот на расходи раздел-71501-сметка 630-буџет на општина , во програма Ј-Комунални дејности, потпрограма JD-Изградба и реконструкции на локални патишта во колона-буџет за 2005 се вршат следните измени :

-Износот на потставката 482110-Подготвување проекти, вклучувајки дизајн на улици, патишта и автопати од 90.000,00 се заменува со 700.000,00

-Износот на потставката 482120-Изградба на улици,патишта и автопати од 17.000.000,00 се заменува со 18.000.000,00

-Износот на потставката 482130-Реконструкција на улици,патишта и автопати од 5.685.000,00 се заменува со 10.000,000,00

-Износот на потставката 482220-Изградба на мостови од 4.200.000,00 се заменува со 6.500.000,00

-Износот на потставката 482730-Реконструкција на капацитети за водоснабдување од 50.000,00 се заменува со 2.500.000,00

-Износот на потставката 482910-Подготвување проекти вклучувајки дизајн на други објекти од 350.000,00 се заменува со 700.000,00.

**Член 11**

Ви Билансот на расходи раздел-71501-сметка 789-средства за солидарност, во програма Ј-Комунални дејности, потпрограма JD-Изградба и реконструкција на локални патишта во колона-расходи од наменски дотации се вршат селдните измени :

-Се додава потставка 482920-Изградба на други објекти со износ од 7.318.000,00.

**Член 12**

Во Билансот на расходи раздел-71501-сметка 930-сметка за наменски дотации, во програма N-Образование, потпрограма N1-Основно образование во колона-расходи од наменски дотации се вршат следните измени :

-Износот на потставката 425760-Превозни услуги во образование изнесува 68.785,00

Во програма N-Образование , потпрограма N3-Превоз на ученици од основно образование потставката 425760-Превозни услуги во образование изнесува 583.262,00.

**Член 13**

Оваа одлука стапува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија" а ќе се применува од 01.01.2005 година.

Бр.07-314/1<br>
20.12.2005 год.<br>
Гевгелија

Претседател<br>
на Советот на општина Гевгелија,<br>
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 54 од Законот за превозот на патниот сообраќај ("Службен весник на РМ" бр.68/04 год.) и член 25 став 1 точка 43 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 20.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
**За авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија**

**I.Општи одредби**

**Член 1**

Со оваа Одлука се уредува авто-такси превозот на патници во опшитна Гевгелија, локацијата и капацитетот на такси станиците, опремување и обележување на такси станиците, бојата на возилата за вршење на авто-такси превозот, тарифата и начинот на користење на такси станиците и издавањето на лиценца за вршење на авто-такси превоз.

**Член 2**

Авто-такси превоз на патници е превоз што се врши со патнички возила со најмногу 5 седишта сметајќи го и седиштето на возачот.

**Член 3**

Авто-такси превоз на патници е вонлиниски превоз на патници.

**Член 4**

Со авто-такси возило не може да се врши линиски превоз на патници.

**Член 5**

Авто-такси превоз на патници можат да вршат правни и физички лица ако добијат лиценца за вршење на авто-такси превоз на патници и имаат соодветни возила.

**II.Локација и капацитет на такси станиците**

**Член 6**

За локации за такси станици и капацитет на истите се одредува просторот на:

-улица"7-ми Ноември"спроти Амамот со 7 перони

-улица "7-ми Ноември" пред зградата на ИК Банка со 10 перони

-улица "Железничка" пред зградата на Царинарницата со 5 перони

-просторот пред градскиот стадион со 7 перони

-улица "Ѓорги Стамов" пред влезот на Медицински центар (амбуланта) со 10 перони

-паркингот до градските гробишта со 8 перони

-просторот до претпријатието "Цвет"-Гевгелија со 5 перони

-западната страна од оградата на ОСУ "Јосиф Јосифовски" Гевгелија со 4 перони

-на просторот северно од Амам барот со 3 перони

-центарот на село Негорци со 4 перони

-центарот на село Миравци на просторот од источната страна на потпорниот зид со 3 перони

-на ул."Маршал Тито" во село Миравци на просторот пред стамбената зграда во близина на поштата со 4 перони

-центарот на село Богородица на просторот северно од Домот со 4 перони

-центарот на село Прдејци на просторот до "Милениум" со 4 перони

**Член 7**

Капацитетот на такси станиците ќе го утврдува Градоначалникот на општината во зависност од условите на теренот.

Градоначалникот на опшитната ако оцени дека просторот одреден за такси станици не ги задоволува потребите може да предложи на Советот одредување и на нови простори за такси станици.

**Член 8**

Градоначалникот на општината може да предложи на Советот на општината укинување на такси станицата ако оцени дека со оглед на локацијата истата не ги задоволува потребите на превозниците, не е од интерес за граѓаните или пречи на реализацијата на урбанистичкиот план.

## III.Обележување, опремување и начин на користење на такси-станиците

**Член 9**

Такси станицата се обележува со табла на која со црни букви чија големина не може да биде помала од 20 см е испишано "ТАХИ СТАНИЦА ЗА ПАТНИЧКИ ВОЗИЛА" и називот на местото во кое се наоѓа.

Таблата се поставува на видно место на такси станицата со димензии од 0,60м х 0,4м.

Таблата е обоена со жолта боја и рамка со црна боја од 10 см.

**Член 10**

На такси станицата се обележани места (перони) за несметано влегување и излегување на такси возилата.

Местата од претходниот став на овој член се одредуваат за обезбедување линиско паркирање на такси-возилата.

Местата на такси станиците се обележани со стандардни ленти со жолта боја.

**Член 11**

На секое обележано место е испишано со букви ТАXI со жолта боја.

**Член 12**

На такси станицата може да се постави и урбана опрема (корпи за отпадоци,клупи за седење др.)

**Член 13**

За користење на такси станиците авто-такси превозниците ќе плаќаат надоместок во износ од 200,00 денари по возило месечно. За користење на такси станица авто-такси превозникот поднесува барање. По барањето решение донесува Градоначалникот на општината.

## IV.Боја на возилата

**Член 14**

Бојата на патничките такси возила е жолта (mix m 9 rumeno zolta-yellow)

**Член 15**

На покривот на авто-такси возилата мора да биде истакнат називот ТАXI ,а на бочните страни покрај називот ТАХИ и бројот од регистарот на такси превозниците.

**V.Тарифа**

**Член 16**

Тарифата за авто-такси превозот пред утврдувањето се усогласува со групацијата на авто-такси превозниците.

**Член 17**

За вршење на авто-такси превоз на патници, се утврдува следната тарифа за пресметување на цената превозот:

- старт (почеток) на превозот 20,00 ден
- за секој изминат километар 20,00 ден
- чекање во траење од 1 минута 5,00 ден

**Член 18**

Цената на превозот се наплатува врз основа на износот утврден во таксиметарот според утврдена тарифа.

**Член 19**

Превозникот е должен да ја истакне тарифата на видно место во возилото.

**VI. Лиценца**

**Член 20**

Лиценца за вршење авто-такси превоз на патници се издава на правни и физички лица (превозници) кои ги исполнуваат условите предвидени во членот 8 од Законот за превоз во патниот сообраќај и условие предвидени во оваа Одлука.

Лиценцата се издава во форма и содржина утврдени со правилникот за обликот и содржината на лиценцата за вршење превоз во патниот сообраќај, како и за начинот на водење на евиденција за издадените лиценци.

Лиценцата се издава за период на важење од 4 години.

**Член 21**

Лиценца се издава на барање на превозникот.

Барањето за добивање лиценца се поднесува до градоначалникот на општината.

Со барањето за издавање на лиценца се приложуваат следните писмени докази:

-име и презиме, односно име на фирмата,седиште и адреса

-доказ за регистрирана дејност во трговскиот регистар и решение за вршење на претежна дејност

-доказ за сопственост на возилата (едно или повеќе) што ги исполнуваат посебните техничко експлоатациони услови пропишани за авто-такси возилата.

-доказ дека авто-такси возачите се во работен однос

-потврда дека во авто-такси возилото е вграден баждиран таксиметар

-потврда од овластена станица за технички преглед за исполнување на посебните техничко-експлоатациони услови за возилото

-потврда дека во возилото е вграден фискален апарат

-доказ дека има во сопственост капацитет за паркирање на возилата или доказ за користење на таков капацитет со рок на важење најмалку четири години

-доказ дека не е во сила правосилна судска пресуда за кривично дело против имотот, стопанството или безбедноста во јавниот сообраќај

-доказ дека управителот или овластеното лице одговорно за превоз има успешно поминато проверка за професионална компетентност.

За добивање на лиценца правните и физичките лица се должни да го исполнат и условот од член 14 на оваа одлука.

Исполнувањето на условот од претходниот став го утврдува Општинската администрација и составува записник.

**Член 22**

Лиценцата се издава во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето.

До колку не се исполнети условите пропишани со Закон и оваа одлука,Градоначалникот на општина ќе донесе Решение за одбивање на барањето.

Против решението од став 2 на овој член со кое се одбива барањето може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до министерот за транспорт и врски.

**Член 23**

Градоначалникот може да ја одземе лиценцата ако утврди дека превозникот повеќе не ги исполнува условите за добивање на лиценца, ако превозот го врши споротивно на издадената лиценца, ако престане да врши авто-такси превоз пред рокот на важење на лиценцата и ако не го плаќа надоместокот од член 13 на оваа одлука.

За одземањето на лиценцата на превозникот му се издава решение со кое се задолжува во рок од 8 дена од денот на приемот на решението да ја врати лиценцата.

За одземањето на лиценцата се известуваат надлежните инспекциски органи.

Против решението на градоначалникот на општината од претходниот став може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Министерот за транспорт и врски.

**Член 24**

За издадените лиценци за вршење на авто-такси превоз на патници се води регистар во форма и содржина утврдени со правилникот од член 20 на оваа одлука.

Регистарот го води Општинската администрација.

**VII. Надзор**

**Член 25**

Надзор над законитоста на работата на авто-такси превозниците врши Градоначалникот на општината.

**Член 26**

Инспекциски надзор над примената на одредбите на Законот за превоз во патниот сообраќај и оваа одлука, во делот за кој е надлежна општината, врши овластен инспектор за локален сообраќај и патишта.

**Член 27**

Инспекторот од член 26 во вршењето на надзорот составува записник и со решение одредува рок за одстранување на недостатоците.

**Член 28**

Ако во определениот рок не се отстранат неправилностите, инспекторот поднесува пријава-барање за поведување на прекршочна постапка.

**Член 29**

За непочитување на оваа одлука се применуваат казнените одредби од Законот за превоз во патниот сообраќај.

**VIII.Преодни и завршни одредби**

**Член 30**

Такси станиците ќе се опремат согласно одредбите на оваа Одлука во рок од 3 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука.

**Член 31**

Превозниците се должни во рок од 6 месеци од денот на влегувањето во сила на оваа Одлука да го усогласат своето работење со одредбите на одлуката.

**Член 32**

Со влегување во сила на оваа Одлука престанува да важи Одлуката за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.7/97, 5/98 год.), Одлуката за условите, начинот и постапката за издавање лиценца за вршење авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.1/00 год.), Одлуката за уредување начинот на користење и одржување на такси станиците во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.4/89 и 1/00 год.) и Одлуката за тарифата за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.1/00 год.).

**Член 33**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-315/1
20.12.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 25 став 1 точка 3 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр. 8/02 и 11/05 год), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 20.12.2005 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА ЗА 2006 ГОДИНА

### ВОВЕД

Со оваа Програмата се определуваат прашањата за работа на Советот на општина Гевгелија во 2006 година (во натамошниот текст: Советот на општината).

Прашањата по кои ќе работи Советот на општината произлегуваат од надлежностите на општината утврдени во Законот за локалната самоуправа, пакетот закони за децентрализација и Статутот на општина Гевгелија. Во согласност со претходно наведените прописи изготвена е Програмата за работа на Советот на

општината, која претставува плански документ за работа на Советот на општината во текот на 2006 година.

Покрај прашањата содржани во Програмата, Советот на општитната ќе разгледува и други прашања што ќе произлезат од законските и други прописи кои ќе бидат донесени во текот на 2006 година.

Во реализирањето на програмата, Советот на општината ќе соработува со градоначалникот на општината,јавните служби, установи и претпријатија основани од општината, Општинската администрација како и со други органи и организации.

Прашањата по кои ќе расправа и одлучува Советот на општината во 2006 година се распоредени во следните групи:

## 1.АКТИ ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА И РАБОТЕЊЕ НА ОРГАНИТЕ НА ОПШТИНАТА

1.1.Статут-Измена и дополнување на Статутот на општина Гевгелија
(Нацрт и Предлог)
Предлагач и изготвувач:Комисија за статут и прописи
Рок: Февруари 2006 година

1.2.Деловник за работа на Советот на општина Гевгелија
(Нацрт и Предлог)
Предлагач и изготвувач: Комисија за статут и прописи
Рок: Февруари 2006 година

## 2.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА ФИНАНСИРАЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ПОТРЕБИ ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

2.1.Завршна сметка за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До 15. март 2006 година

2.2.Буџет на општина Гевгелија за 2007 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2006 година

2.3.Одлука за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2007 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: До крајот на декември 2006 година.

2.4.Извештај за извршувањена Буџетот за 2005 година
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач: Општинска администрација
Рок: До 15 Март 2006 година

2.5.Годишен финансиски план за 2007 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски , "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Декември 2006 година

2.6.Завршна сметка за 2005 година на Општинските основни училишта "Владо Кантарџиев", "Крсте Мисирков", "Климент Охридски , "Ристо Шуклев" и "Васо Карајанов"

Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Март 2006 година

2.7.Годишен финансиски план за 2007 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Декември 2006 година

2.8.Завршна сметка за 2005 година на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Март 2006 година

2.9.Годишен финансиски план за 2007 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Декември 2006 година

2.10.Завршна сметка за 2005 година на Општинската установа за деца- Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Март 2006 година

2.11.Годишен финансиски план за 2007 година на Општинската библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинската библиотека
Рок: Декември 2006 година

2.12.Завршна сметка за 2005 година на Општинската библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска библиотека
Рок: Март 2006 година

2.13.Годишен финансиски план за 2007 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Домот на културата
Рок: Декември 2006 година

2.14.Завршна сметка за 2005 година на Општинската установа Дом на култура "Македонија" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Домот на културата
Рок: Март 2006 година

2.15.Годишен финансиски план за 2007 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Работнички универзитет
Рок: Декември 2006 година

2.16.Завршна сметка за 2005 година на Општинската установа Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Работнички универзитет
Рок: Март 2006 година

2.17.Годишен финансиски план за 2007 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија
Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Декември 2006 година

2.18.Завршна сметка за 2005 година на Територијалната противпожарна единица Гевгелија
Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Март 2006 година

2.19.Одлука за утврдување буџетски календар за донесување на Буџетот на општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2006 година

## 3.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРБАНИСТИЧКОТО УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОРОТ ВО НАСЕЛЕНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА

3.1.Програма за изработка на урбанистички планови во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2006 година

3.1.1.Одлука за донесување Детален урбанистички план за центарот на градот Гевгелија-ревизија (Нацрт и Предлог план)
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2006 година

3.1.2.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот Урбанистички план на градот Гевгелија- северна зона - спрема Мрзенци (Нацрт и Предлог план)
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови

Рок: Во текот 2006 година

3.1.3.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на градот Гевгелија - западна зона - спрема Моин (Нацрт и предлог-план)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2006 година

3.1.4.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на градот Гевгелија за дел од 4-та УЕ - проширување (Нацрт и Предлог план)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2006 година

3.1.5.Одлука за донесување измена и дополнување на Деталниот урбанистички план на градот Гевгелија за дел од 5-та УЕ (Нацрт и Предлог-План)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2006 година

3.1.6.Одлука за донесување Урбанистички план за село, за селата: Негорци, Богородица, Прдејци, Мрзенци, Моин, Ново Конско, Миравци, Давидово, Смоквица, Петово, Милетково, Кованци, Габрово, Конско и Хума (Нацрт и Предлог на план)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2006 година

3.1.7.Одлука за донесување на урбанистички план за село -за локалитетот Смрдлива Вода (Нацрт и Предлог-План)

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2006 година

3.1.8.Одлука донесување за измена и дополнување на Генералниот урбанистички план на градот Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Институции овластени за изработка на урбанистички планови
Рок: Во текот 2006 година

3.2.Информација за состојбата со реализацијата на урбанистичките планови во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација

Рок: Февруари 2006 година

3.3.Информација за бесправно изградени објекти во општина Гевгелија во периодот од 1996 до 2005 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2006 год.

3.4.Информација за обемот на неизграденото градежно земјиште за кој е донесен ДУП и за кое не е донесено ДУП, а е во границите на градежен реон

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2006 година

## 4.АКТИ ОД ОБЛАСТА НА УРЕДУВАЊЕТО НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЛОКАЛНИ ПАТИШТА, СООБРАЌАЈ И ЈАВНОТО ОСВЕТЛУВАЊЕ

4.1.Извештај за реализација на Програмата за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2005 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2006 година

4.2.Програма за уредување на градежно земјиште во општина Гевгелија за 2007 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2006 година.

4.3.Извештај за реализација на Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2005 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2006 година

4.4.Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта во општина Гевгелија за 2007 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2006 година

4.5.Програма за јавното осветлување во општина Гевгелија за 2007 година

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Декември 2006 година

4.6.Информација за состојбата со изграденоста со станбени објекти и уреденоста на градежното земјиште во градот Гевгелија и населените места

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2006 година

4.7.Информација за состојбата со речните корита и одводните канали во урбаните средини во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација и ЈВП "Гевгелиско Валандовско поле"
Рок: Јануари 2006 година.

4.8.Информација за состојбата со хоризонталната и вертикалната сигнализација во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општнната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Март и Октомври 2006 година

4.9.Информација за состојбата на регионалните патишта кои поминуваат низ подрачјето на општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Фондот за магистрални и регионални патишта и ЈП "Македонија пат" Гевгелија
Рок: Јануари 2006 година

4.10.Информација за состојбата со јавното осветлување во населените места во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2006 год.

4.11.Сообраќајно поврзување на општина Гевгелија со Република Грција со изградба на нов премин

Предлагач и изготвувач: Надлежни институции
Рок: Во текот на 2006 година

## 5.АКТИ НА КОИ СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА ДАВА СОГЛАСНОСТ

5.1.Извештај за работењето на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2005 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2006 година

5.2.Годишна завршна сметка на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2005 год.

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Април 2006 година

5.3.Програма за работа на ЈПКД "Комуналец" Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Јануари 2006 година

5.4.Извештај за работењето на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија"-Гевгелија за 2005 година

Предлагач и изготвувач: ЈРП"Радио Гевгелија" Гевгелија
Рок: Април 2006 година.

5.5.Програма за работа на ЈРП "Радио Телевизија Гевгелија" - Гевгелија за 2006 год.
Предлагач и изготвувач: ЈРП"Радио Гевгелија" Гевгелија
Рок: Јануари 2006 година

5.6.Статут на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Јануари 2006 година

5.7.Статут на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека
Рок: Февруари 2006 година

5.8.Статут на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија
Предлагач и изготвувач:Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2006 година

5.9.Статут на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2006 година

5.10.Правилник за организација и систематизација на работата на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Јануари 2006 година

5.11.Статут на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Јавното претпријатие
Рок: До Јули 2006 година

5.12.Програма за работа на Јавното претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Јавното претпријатие
Рок: До Јули 2006 година

## 6.ОПШЕСТВЕНИ ДЕЈНОСТИ

6.1.Годишна програма за работа на Општинските основни училишта за учебната 2006/2007 година на: "Крсте Мисирков","Владо Кантарџиев", "Ристо Шуклев","Климент Охридски" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта
Рок: Септември 2006 година

6.2.Извештај за работа на Општинските основни училишта за учебната 2005/2006 година на: "Крсте Мисирков","Владо Кантарџиев","Ристо Шуклев","Климент Охридски" и "Васо Карајанов"
Предлагач и изготвувач: Општински основни училишта

Рок: Септември 2006 година

6.3.Годишна програма за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2006/2007 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Август 2006 година

6.4.Извештај за работа на Општинското средно училиште "Јосиф Јосифовски" Гевгелија за учебната 2005/2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинско средно училиште
Рок: Август 2006 година

6.5.Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градина "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2006/2007 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа за деца
Рок: Август 2006 година

6.6.Извештај за работа на Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија за учебната 2005/2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Август 2006 година

6.7.Годишна програма за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - библиотека
Рок: Февруари 2006 година

6.8.Извештај за работа на Општинската установа - библиотека "Гоце Делчев" Гевгелија за 2005 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - библиотека
Рок: Јануари 2006 година

6.9.Годишна програма за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Февруари 2006 година

6.10.Извештај за работа на Општинската установа - Дом на култура "Македонија" Гевгелија за 2005 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Дом на култура
Рок: Јануари 2006 година

6.11.Годишна програма за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2006 година

Предлагач и изготвувач: Општинската установа - Работнички универзитет
Рок: Февруари 2006 година

6.12.Извештај за работа на Општинската установа - Работнички универзитет "Кирил и Методија" Гевгелија за 2005 година

Предлагач и изготвувач: Општинска установа - Работнички универзитет
Рок: Јануари 2006 година

6.13.Програма за остварување надлежностите на општината во областа на спортот

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2006 година

6.14.Одлука за категоризација на спортски објекти

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2006 година

6.15.Одлука за определување име на улици, плоштади, мостови и на други инфраструктурни објекти во општина Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2006 година

6.16.Одлука за почетокот и завршетокот на работното време во Општинската установа за деца Детска градинка "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2006 година

6.17.Одлука за цената на услугите што ги дава Општинската установа за деца "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Јануари 2006 година

6.18.Одлука за износот на надоместокот на трошоците што го плаќаат родителите на децата во Општинската установа за деца "Детска Радост" Гевгелија

Предлагач и изготвувач: Општинска установа за деца
Рок: Јануари 2006 година

6.19.Одлука за формирање медицинска екипа за укажување помош на лица повредени во пожар

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јануари 2006 година

6.20.Програма за општа туристичка пропаганда и информативна дејност

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари 2006 година

6.21.Информација за заштита на животната средина во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2006 година.

6.22.Пограма за аерозапрашување во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Завод за зрдавствена заштита ПЕ-Гевгелија
Рок: Февруари 2006 година.

6.23.Информација за одржување и користење на јавниот простор за паркирање во Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок. Април 2006 година

6.24.Информација за одржувањето и чистењето на оџаците и давањето оџачарски услуги во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец"
Рок: Мај 2006 година

6.25.Извештај за јавната безбедност на подрачјето на општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Подрачна единица на МВР-Гевгелија
Рок. Април 2006 година

6.26.Информација за безбедност во сообраќајот на патиштата на подрачјето во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач:Совет за безбедност на сообраќајот
на патиштата во општина Гевгелија
Рок. Април 2006 година

6.27.Информација за состојбата со дивите депонии во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината.
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Февруари и Септември 2006 година

6.28.Информација за состојбата во рекреативните и аматерските спортови во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2006 година.

6.29.Информација за состојбата со здравствената заштита на населението во општина Гевгелија
Предлагач и изготвувач: Завод за здравствена заштита
ПЕ Гевгелија
Рок: Април 2006 година

6.30.Извештај за работата на комуналните инспектори

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени комунални инспектори
Рок: Април и Октомври 2006 година

6.31.Извештај за работата на сообраќајниот инспектор
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластен сообраќаен инспектор
Рок: Април и Октомври 2006 година

6.32.Извештај за работата на градежните инспектори
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Овластени градежни инспектори
Рок: Април и Октомври 2006 година

6.33.Програма за еутаназија на кучиња и мачки скитници во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2006 година

6.34.Информација за состојбата со младинските културни домови во населените места во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај 2006 година

6.35.Информација за состојбата со објектите од областа на културата и користење на истите
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Мај-Јуни 2006 година

6.36.Програма за активности за заштита на објекти и одбележување настани од историско и културно значење за општината
Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Јуни 2006 година

6.37.Извештај за активностите на Територијалната противпожарна единица во 2005 година
Предлагач и изготвувач: ТППЕ
Рок: Април 2006 година

6.38.Одлука за отпочнување активности за изработка на Локална агенда 21 за општина Гевгелија и Информација за активностите во врска со изработката на локален развоен план
Предлагач:Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2006 година.

## 7.ДРУГИ АКТИВНОСТИ

7.1.Информација за состојбата со снабдувањето со вода за пиење во населените места во општина Гевгелија и барање на нови решенија за долгорочно снабдување на општина Гевгелија со вода

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2006 година

7.2.Информација за можноста за снабдување со вода за пиење на населените места Негорци и Прдејци од градскиот водовод

Предлагач и изготвувач: ЈПКД "Комуналец" Гевгелија
Рок: Мај 2006 година

7.3.Информација за состојбата со снабдувањето со водата за наводнување на земјоделските култури во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач: ЈВП "Гевгелиско Валандовско поле"
Рок: Февруари 2006 година

7.4.Информација за начинот и обемот на користење на земјоделското земјиште во државна сопственост во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:ПЕ на Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство и Одделение за премер и катастар
Рок: Февруари 2006 година.

7.5.Информација за состојбите со шумскиот фонд, пошумувањето и експлоатацијата на шумите во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство, ЈП "Македонски шуми" одружница Гевгелија
Рок: Април и Октомври 2006 година

7.6.Информација за состојбата со откупот и пласманот на земјоделските производи во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство - ПЕ Гевгелија
Рок: Април и Октомври 2006 година

7.7.Информација за состојбата со ловниот и риболовнот фонд во општина Гевгелија

Предлагач и изготвувач:Министерство за земјоделство,
шумарство и водостопанство - ПЕ
Рок: Април 2006 година

7.8.Програма за активности од областа на заштитата на природните ресурси и реткости

Предлагач: Градоначалник на општината
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Во текот на 2006 година

7.9.Информација за состојбата со заштитата на историските и градителските традиции во општината

Изготвувач:Општинска администрација и Завод за заштита на спомениците на култура
Рок: Во текот на 2006 година.

7.10.Програма за активностите од областа на заштитата на археолошкото богатство на општина Гевгелија.
Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Народен музеј
Рок: Јуни 2006 година

7.11.Информација за поставување на билборди во општина Гевгелија
Предлагач: Градоначалник на опшитната
Изготвувач:Општинска администрација
Рок: Април 2006 година

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-317/1
20.12.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 43 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 53/2001 год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002) и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/2002 и 11/2005), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 20.12.2005 година, донесе:

## ПРОГРАМА
## За измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2005 година

### Член 1

Во Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2005 година ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.13/2004, 7/2005 и 11/2005), во глава **III** "Извори за финансирање на програмата за уредување на градежно земјииште", текстот по зборовите "се прикажуваат во следниот преглед:" се менува и гласи:

| | |
|---|---|
| **"1. Средства од надоместок за уредување на градежно земјиште (Комуналии)** | 66.000.000,00 ден. |
| **ВКУПНО :** | **66.000.000,00 ден.** |

**6. Средства од надоместок за употреба на градежно земјиште-Рента**

| | |
|---|---|
| 2.1.Ненаплатени побарувања од претходните години | 500.000,00 ден. |

**7. Комунални такси-јавно осветлување**

3.1 Комунална такса за јавно осветлување 3.570.000,00 ден.

**ВКУПНО : 3.570.000,00 ден.**

**8. Трансфери од Влада и Буџети на Фондови**

4.1. Средства од Министерство за транспорт и врски 5.500.000,00 ден.
4.2. Средства од Програма за заштита на води и езера 2.000.000,00 ден.
4.3. Средства од Министерство за животна средина 3.000.000,00 ден.

**ВКУПНО : 10.500.000,00 ден.**

**СЕ ВКУПНО 1+2+3+4: 80.570.000,00 ден. "**

**Член 2**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 1 поединечните износи во подточките 1.1. до 1.6. се бришат, а по зборот "вкупно" износот "2.700.000,00" се заменува со износот "1.000.000,00".

**Член 3**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 2 поединечните износи во подточките 2.1. до 2.3. се бришат, а по подточката 2.3. се додаваат десет нови подточки од 2.4. до 2.13., кои гласат:

"2.4. Изработка на Проектна документација-Главен проект за изградба на канализација Прдејци;
2.5. Изработка на Проектна документација-Главен проект за изградба на канализација Мрзенци;
2.6. Изработка на Проектна документација-Главен проект за продолжување на колектор за фекални води Негорци;
2.7. Изработка на Проектна документација-Главен проект за реконструкција на патот за с.Хума;
2.8. Изработка на Проектна документација-Главен проект за изградба на пат Понов мост-Богородица;
2.9. Изработка на Проектна документација-Идеен проект за изградба на патен мост преку Сува Река;
2.10. Ревизија на Проектна документација-Главен проект за изградба на канализација Прдејци;
2.11. Ревизија на Проектна документација-Главен проект за изградба на канализација Мрзенци;
2.12. Ревизија на Проектна документација-Главен проект за изградба на атмосферска канализација на ул.С.М.Данко;
2.13. Ревизија на Проектна документација-Главен проект за изградба на канал Рауљ. "

По зборот "вкупно" износот "350.000,00" се заменува со износот "1.400.000,00".

**Член 4**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 4 поединечните износи во подточките 4.1. до 4.9. се бришат, а по подточката 4.9. се додаваат две нови подточки 4.10. и 4.11., кои гласат:

"4.10. Изградба реконструкција на улица во Миравци;

4.11. Пристапен пат до "Споменикот на Слободата". "

По зборот "вкупно" износот "4.900.000,00" се заменува со износот "8.000.000,00".

**Член 5**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 5 поединечните износи во подточките 5.1. до 5.7. се бришат, а по подточката 5.7. се додаваат две нови подточки од 5.8. и 5.9., кои гласат:

"5.8. Асфалтирање на надвозникот на влезот во Гевгелија;

5.9. Асфалтирање на ул. "Ристо Фршинин"."

По зборот "вкупно" износот "6.100.000,00" се заменува со износот "8.200.000,00".

**Член 6**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 6, по зборот "вкупно" износот "2.000.000,00" се заменува со износот "4.000.000,00".

**Член 7**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 7 поединечните износи во подточките се бришат, а во подточката 7.А. се додаваат нова алинеја, која гласи:

"- Изградба на фекална канализација-секундарна мрежа во Миравци. "

По зборот "вкупно" износот "16.250.000,00" се заменува со износот "19.250.000,00".

**Член 8**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 8 износот "500.000,00" се брише, а по подточката 8.1. се додаваат три нови подточки 8.2., 8.3.и 8.4., кои гласат:

"8.2. Тротоар на ул. "Петар Мусев" спроти ОУ "Крсте Мисирков";

8.3. Паркинг простор пред црквата "Св. Спас";

8.4. Паркинг простор на ул "Борис Карпузов"."

По зборот "вкупно" износот "500.000,00" се заменува со износот "1.500.000,00".

**Член 9**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 9 поединечните износи во подточките 9.1. и 9.2. се бришат, а по подточката 9.2. се додава нова подточка 9.3., која гласи:

"9.3. Расчистување и оградување на локација Турски гробишта. "

По зборот "вкупно" износот "250.000,00" се заменува со износот "1.000.000,00".

**Член 10**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 10 поединечниот износ во подточката 10.1. се брише, а по подточката 10.1. се додаваат две нови подточки 10.2. и 10.3., кои гласат:

"10.2. Бетонирање на тротоари на ракометно игралиште на ул. "Илинденска";

10.3. Оградување на детско игралиште на ул. "7-ми Ноември"."

По зборот "вкупно" износот "100.000,00" се заменува со износот "1.000.000,00".

**Член 11**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 12 поединечните износи во подточките се бришат, а точката 12.4. се менува и гласи:

"12.4. Улично осветлување на "Булевар Гевгелија" и ул. "Миле Пецанов""

По зборот "вкупно" износот "8.700.000,00" се заменува со износот "11.200.000,00".

**Член 12**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 13 износот "5.000.000,00" се брише, а по подточката 13.1. се додаваат четири нови подточки 13.2., 13.3.,13.4., и 13.5. кои гласат:

"13.2. Изградба на заштитниот канал "Рауљ" -продолжување

13.3. Чистење и бетонирање на пропусен канал на ул. "Железничка";

13.4. Машинско чистење на каналот "Рауљ" во делот на одбранбениот насип "Караорман";

13.5. Кршење на армирано бетонски фундамент на железничката пруга со чистење на каналот "Рауљ" под надвозникот на пругата".

По зборот "вкупно" износот "5.000.000,00" се заменува со износот "10.000.000,00".

**Член 13**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 14, по точкат 14.3. се додава нова точка 14.4. која гласи:

" 14.4. Изградба на санитарен јазол на градско пазариште."

**Член 14**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 15, по точкат 15.1. се додава нова точка 15.2. која гласи:

" 15.2. Подополагачки работи во фискултурна сала на ОУ "Крсте Мисирков"."

По зборот "вкупно" износот "2.000.000,00" се заменува со износот "3.000.000,00".

**Член 15**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", по точка 15 се додава нова точка 15-а која гласи:

**" 15-а Изградба на мостови**

**15-а.1.** Изградба на мост на Конска река."

**Вкупно 2.300.000,00 ден.**

**Член 16**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјииште", во точка 16 поединечните износи во подточките 16.1. и 16.2. се бришат.

По зборот "вкупно" износот "150.000,00" се заменува со износот "250.000,00".

**Член 17**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиииште", во точка 17 поединечните износи во подточките 17.1. и 17.2. се бришат.

По зборот "вкупно" износот "500.000,00" се заменува со износот "970.000,00".

**Член 18**

Во глава **IV** "Трошоци за реализација на програмата за уредување на градежно земјиииште", по точка 17, по зборовите "Се вкупно" износот "57.000.000,00" се заменува со износот "80.570.000,00".

**Член 19**

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр.07-318/1<br>20.12.2005 год.<br>Гевгелија

Претседател<br>Советот на општина Гевгелија,<br>***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 3 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на РМ" бр.38/96 и 6/02 год.), член 65 став 1 од Законот за спорт ("Службен весник на РМ" бр.29/02 и 66/04 год.) и член 36 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 20.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
### за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во општина Гевгелија

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во општина Гевгелија.

**Член 2**

Називот на јавното претпријатие гласи:

Јавно претпријатие за стопанисување со објекти за спорт во општина Гевгелија.

Скратениот назив на претпријатието гласи:

ЈП за стопанисување со објектите за спорт во општина Гевгелија.

**Член 3**

Седиштето на Јавното претпријатие за стопанисување со објектите за спорт е во објектот на општина Гевгелија на КП бр.2599 на ул."Јосиф Јосифовски" бб во Гевгелија (во натамошниот текст: Јавното претпријатие).

**Член 4**

Дејноста на Јавното претпријатие се работите кои се однесуваат на стопанисувањето со објектите и тоа:

-одржување и изградба на објекти за спорт (шифра 45.23)

-утврдување на висината на закупот, односно склучување на договорот за закуп на делови од објекти што не се во функција на спортот, со согласност на Советот на општината (шифра 70.20)

-организирање на спортски активности и манифестации (шифра 92.62)

**Член 5**

Јавното претепријатие не може да врши промена на дејноста од член 4 на оваа Одлука, промена на статусот, називот и седиштето без претходна согласност на Советот на општината.

**Член 6**

Основачкиот влог за почеток на работењето на Јавното претпријатие во износ од 1.000.000,00 денари го обезбедува општината.

**Член 7**

Јавното претпријатие ќе се финансира од:

-Средтвата што ќе се обезбедат со програма усвоена од Советот на општината за одржување на спортски објекти.

-Надоместокот за користење на спортски објекти за спортски и други намени (надоместок не плаќаат субјектите во спортот од општина Гевгелија).

**Член 8**

За обврските во правниот промет Јавното претпријатие одговара со целиот свој имот.

**Член 9**

Со Јавното претпријатие управува управен одбор од 5 члена, што ги именува и разрешува Советот на општината.

Во управниот одбор 3 члена се преставници на општината и 2 члена се од редот на вработените во јавното претпријатие.

**Член 10**

Одборот за контрола на материјално финансиското работење на јавното претпријатие се состои од 5 члена кои ги именува и разрешува Советот на општината.

**Член 11**

Вршител на должноста директор на Јавното претпријатие кој ќе ги води работите на претпријатието до неговото конституирање именува градоначалникот на општината.

**Член 12**

Статутот на јавното претпријатие ќе се донесе и именувањето на органите на управување и раководење ќе се изврши во рок од 60 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

**Член 13**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија".

Бр. 07-316/1 Претседател

20.12.2005 год. на Советот на општина Гевгелија,
Гевгелија ***Панде Кацарски с.р.***

**С О Д Р Ж И Н А**

1.Одлука за измени и дополнувања на Буџетот на општина Гевгелија за 2005 година ........................................................................................................................................... 201
2.Одлука за авто-такси превоз на патници во општина Гевгелија .......................... 204
3.Програма за работа на Советот на општина Гевгелија за 2006 година ................ 209
4.Програма за измена и дополнување на Програмата за уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2005 година ..................................................................... 222
5.Одлука за основање на Јавно претпријатие за стопанисување со објектите за спорт во општина Гевгелија ......................................................................................... 226

"СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА", излегува по потреба
Уредува и издава: Општина Гевгелија - Служба за административни работи
улица "Димитар Влахов" 4 тел. 213-843

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002год.), член 28 став 1 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004 год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општината Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општината Гевгеллија на седницата одржана на 27.12.2005 година, донесе

# Б У Џ Е Т
## на општина Гевгелија за 2006 година

## 1.Општ дел

### Член 1

Буџетот на општината Гевгелија за 2006 година се состои од:

| | |
|---|---|
| **Вкупно приходи** | **262.050.679,00 ден.** |
| и тоа: | |
| -тековно-оперативни приходи | 95.922.800,00 ден. |
| -наменски дотации | 19.251.879,00 ден. |
| -капитални дотации | - |
| -трансфери, и | 141.943.000,00 ден. |
| -донации | 4.933.000,00 ден. |
| **Вкупно расходи** | **262.050.679,00 ден.** |
| **и тоа:** | |
| **-утврдени намени** | **262.050.679,00 ден.** |

### Член 2

Приходите по извори и видови на приходи и расходите по основни намени и програми се утврдени во консолидираниот биланс на приходите и расходите, билансот на тековно-оперативни расходи и билансот на капитални расходи на општина Гевгелија за 2006 година и тоа како што следува:

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.230

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.231

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.232

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.233

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.234

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.235

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.236

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.237

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.238

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.239

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.240

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.241

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.242

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.243

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.244

29.12.2005 год. СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА Бр.19 стр.245

| | | | |
|---|---|---|---|
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.263 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.264 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.265 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.266 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.267 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.268 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.269 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.270 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.271 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.272 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.273 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.274 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.275 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.276 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.277 |
| 29.12.2005 год. | СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ГЕВГЕЛИЈА | Бр.19 | стр.278 |

**Член 4**

Овој Буџет на општина Гевгелија за 2006 година влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1 Јануари 2006 година.

Бр.07-329/1
27.12.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002 год.), член 23 став 5 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004 и 96/2004год.) и член 25 став 1 точка 4 од Статутот на општината Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгеллија" бр.8/02 и 11/05 год.), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на 27.12.2005 година, донесе

## О Д Л У К А
### за извршување на Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година

**Член 1**

Буџетот на општина Гевгелија за 2006 година (во понатамошниот текст: Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

**Член 2**

Буџетот на општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донации, Буџет на дотации.

**Член 3**

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

**Член 4**

Расходите утврдени со Буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

**Член 5**

Градоначалникот на општината ја следи реализацијата на планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на општината.

Отстапувањето од планот на приходите и другите приливи ако е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината до Советот на општината.

**Член 6**

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на општината.

По исклучок буџетскиот корисник не може да врши пренамени на буџетот со кој се: зголемува буџетот одобрен за плати и надоместоци и намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и/или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се рализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување / зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план по квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените ќе се извршува во рамките на обезбедените средства во Буџетот, односно нето платите се утврдуваат за: избраните и именуваните лица нето појдовната основа за 1 коефициент изнесува просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година, за вработените кои имаат статус на државни службеници вредноста на бодот за утврдување на нето платите изнесува 40,10 денари.

**Член 10**

Надоместокот за превоз до и од работно место, по преходно дадена писмена изјава, се исплатува само за вработените чие место на живеење е оддалечено над 2,5 км од работното место во висина на цената на јавниот превоз, но не повеќе од 900 денари.

На вработените на кои врз основа на официјално одобрение им е дозволено да користат службени возила за личен превоз до и од работното место не им следува надоместок за превоз.

**Член 11**

Надоместокот за храна во текот на еден месец (доколку исхраната не е организирана) изнесува 2.300 денари месечно.

Надоместокот за годишен одмор ќе изнесува 60% од просечно исплатената месечна нето плата по работник во Република Македонија.

**Член 12**

За деновите кога вработениот е на службен пат, боледување, годишен одмор или отсуство од работа по друг основ надоместокот за превоз и храна не се исплатуваат.

**Член 13**

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

**Член 14**

Користењето на средствата од буџетот на општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактура во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите не може да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕВРА каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 15**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на општината.

**Член 16**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во Буџетот на општината. За обезбедените средства градоначалникот на општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 17**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 18**

Буџетот на општина Гевгелија се извршува од 1.01.2006 до 31.12.2006 година.

**Член 19**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Гевгелија", а ќе се применува од 1 Јануари 2006 година.

Бр.07-330/1
27.12.2005 год.
Гевгелија

Претседател
на Советот на општина Гевгелија,
***Панде Кацарски с.р.***

Врз основа на член 43 од Законот за градежното земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 53/2001 год.), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен Весник на РМ" бр.5/2002) и член 25 став 1 точка 8 од Статутот на општина Гевгелија ("Службен гласник на општина Гевгелија" бр.8/2002 и 11/2005), Советот на општина Гевгелија на седницата одржана на ден 27.12.2005 година, донесе:

# ПРОГРАМА
## *За уредување на градежното земјиште во општина Гевгелија за 2006 година*

## ВОВЕД

Програмата ги содржи следните елементи :

- **I.** Просторот кој е предмет на уредување;
- **II.** Обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;
- **III.** Обемот и степенот на опремување на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура;
- **IV.** Извори за финансирање на Програмата за уредување на градежното земјиште;
- **V.** Трошоци за уредување на градежното земјиште;
- **VI.** Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште;
- **VII.** Динамика и мерки за извршување на Програмата;
- **VIII.** Преодни и завршни одредби.

Основна цел на Програмата е превземање активности во врска со изградбата и одржувањето на објектите на комуналната инфраструктура во урбанизираните подрачја на град Гевгелија, населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица, Прдејци, туристичкиот локалитет Смрдлива вода и долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија.

Во текот на 2006 година, во однос на прибирањето на средствата од изворите на финансирање, ќе се направат поголеми напори околу наплатата на средствата, посебно околу наплатата на средсвата од надоместокот за уредување на градежно земјиште, со понуда на поприфатливи услови од досегашните.

Во текот на 2006 година ќе се покренат постапки за донесување на Детални урбанистички планови за подрачјето на градот опфатено со Генералниот урбанистички план на Гевгелија, потоа донесување на Урбанистички планови и за останатите населени места во општината, како и донесување на Урбанистички планови вон населено место за локации кои се интересни за инвестирање.

Ќе се изработи инвестиционо-техничка документација за повеќе објекти од комуналната инфраструктура.

Во текот на 2006 година ќе продолжи изградбата на улици, кое опфаќа изградба на долен строј, потоа асфалтирање и бетонирање како континуирана задача, како и бетонирање на тротоари, паркиралишта и игралишта.

Исто така ќе продолжи изградбата на водоводна и канализациона инсталација за делови наградот кои немаат таква инфраструктура.

Во програмата се предвидува уредување на нови и одржување на постојните зелени површини.

Одржување на јавното осветлување, како и изградба на нови линии за улично осветлување се, исто така, дел од оваа програма.

Покрај редовното одржување на постојната инфраструктура, во текот на 2006 година, ќе продолжи разрешувањето на проблемите кои подолго време се присутни како во градот, така и во другите населени места.

Активностите кои непосредно треба да бидат реализирани со оваа Програма за 2006 година се надоврзуваат на оние од 2005 година.

## I. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕ

Како простор кој е предмет на уредување се смета градежното изградено и неизградено земјиште на подрачјето на градот Гевгелија, населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица, Прдејци локалитетот Смрдлива вода и просторот долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, одредени со генералните урбанистички планови.

Земјиштето што се уредува поблиску е определено и дадено во Програмата.

Во Програмата се искажани трошоците за расчистување и опремување на земјиштето како и уредувањето на основната инфраструктура, согласно Генералниот урбанистички план, што ќе се финансира од надоместокот за уредување на градежното земјиште.

## II. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Во 2006 година подготвувањето, расчистувањето и опремувањето на градежното земјиште ќе се врши според оваа Програма, на подрачјето на градот Гевгелија, населените места Негорци, Миравци, Мрзенци, Богородица, Прдејци локалитетот Смрдлива вода и долж автопатот Е-75 на подрачјето на општина Гевгелија, и тоа како за инвеститорите кои ќе се јават за изградба на нови објекти, доградби, надградби така и за објектите и деловите од објекти што се изградени без техничка документација, а се вклопуваат во деталните урбанистички планови, а за кои ќе се обезбеди уредна техничка документација.

Под обем на работи за подготвување и расчистување на градежното земјиште и обем и степен на опремување на градежното земјиште со објекти од комуналната инфраструктура се подразбира следново :

### 3. Подготвителни работи

Во подготвителни работи за уредување на градежното земјиште спаѓаат:
- Оформување на геодетска документација;
- Извршување на основни геомеханички испитувања на градежни парцели каде ќе се градат објекти од комуналната инфраструктура;
- Донесување на детални урбанистички планови со основни решенија од инфраструктурата.

### 4. Расчистување на градежното земјиште

Расчистување на градежното земјиште е со цел да се изврши опремување на истотото со објекти од комуналната инфраструктура.

Под расчистување на градежното земјиште се смета решавањето на имотно-правните односи со поранешните сопственици и корисници на станбен и деловен простор, решавањето на станбеното прашање на сопствениците и носителите на станбено право на објектите кои се рушат, уривање на постојни градежни објекти и расчистување на градежното земјиште.

## III. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Под обем на опремување на градежното земјиште се смета опремување со објекти од комунална инфраструктура заради обезбедување на непречен пристап до градежната парцела од јавен пат, поставување на водоводна, канализациона(фекална и атмосферска), електрична, телекомуникациска и друга инсталација со приклучоци до градежната парцела.

Уредувањето на градежното земјиште може да биде целосно или делумно, што го определува општината.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременост на земјиштето со објекти од комуналната инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка до границите на градежната парцела.

### 1. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата надвор од градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата надвор од градежната парцела паѓа на товар на општината и се состои од:

- Проектирање и изградба на улици, паркиралишта, пешачки патеки и др. според урбанистичките планови;
- Проектирање и изградба на секундарна водоводна мрежа до градежна парцела;
- Проектирање и изградба на секундарна фекална канализација до собирна шахта;
- Проектирање и изградба на атмосферска канализација;
- Проектирање и изградба на нисконапонска електрична мрежа до приклучен орман;
- Проектирање и изградба на улично осветлување;
- Проектирање и изградба на зелени површини, со хидрантска мрежа и поставување на урбана опрема предвидена со деталните урбанистички планови и партерно решение.

### 2. Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата во границите на градежната парцела

Опремувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктурата во границите на градежната парцела го врши инвеститорот и се состои од:

- Проектирање и изградба на приклучок на водоводна мрежа со водомерна шахта и водомер и врска со секундарната водоводна мрежа;

- Проектирање и изградба на приклучок на фекална канализација со посебна шахта и врска со собирна шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на атмосферска канализација со посебна шахта и врска со собирната шахта;
- Проектирање и изградба на приклучок на ниско-напонска електрична мрежа во приклучен ормар (за индивидуални станбени објекти) а за колективни станбени објекти до и со приклучен разводен ормар;
- Одводнување на градежната парцела од буични води;
- Друго.

## IV. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Изворите на финансирање на Програмата за уредувањето на градежното земјиште за 2006 година се :

6. Надоместок за уредување на градежно земјиште (комуналии);
7. Надоместок за употреба на градежно земјиште-Рента (Ненаплатени побарувања од претходните години);
8. Комунална такса за јавно осветлување;
9. Трансфери од владини институции;
10. Пренесен вишок на приходи од 2005 година.

Поединечните приходи во рамките на поединечните извори на средства за финансирање на активности опфатени со оваа програма, се прикажуваат во следниот преглед:

**1. Надоместок за уредување на градежно земјиште (Комуналии)**

| | |
|---|---|
| 1.1. Надоместк за уредување на градежно земјиште | 50.000.000,00 ден. |
| **ВКУПНО :** | **50.000.000,00 ден.** |

**2. Надоместок за употреба на градежно земјиште-Рента**

| | |
|---|---|
| 2.1.Ненаплатени побарувања од претходните години | 500.000,00 ден. |
| **ВКУПНО :** | **500.000,00 ден.** |

**3. Комунални такси-јавно осветлување**

| | |
|---|---|
| 3.1 Комунална такса за јавно осветлување | 4.320.000,00 ден. |
| **ВКУПНО :** | **4.320.000,00 ден.** |

**4. Трансфери од Влада и Буџети на Фондови**

| | |
|---|---|
| 4.1. Средства од Министерство за транспорт и врски | 10.000.000,00 ден. |
| 4.2. Средства од Програма за заштита на води и езера | 2.000.000,00 ден. |
| 4.3. Средства од Министерство за животна средина | 5.000.000,00 ден. |
| 4.4. Средства од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство - Фонд за води | 40.000.000,00 ден. |
| 4.5. Средства од Фонд за магистрални и регионални патишта | 40.000.000,00 ден. |
| **ВКУПНО :** | **97.000.000,00 ден.** |

5. **Пренесен вишок на приходи од 2005 година**
   5.1. Пренесен вишок на приходи од 2005 год. 25.000.000,00 ден.

**ВКУПНО: 25.000.000,00 ден.**

---

**СЕ ВКУПНО 1+2+3+4+5: 176.820.000,00 ден.**

## V. ТРОШОЦИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ

**Трошоците за реализација на оваа Програма за уредување на градежно земјиште се:**

### 1.Изработка на урбанистички планови

- Измена и дополнување на Генералниот урбанистички план за Гевгелија;
- Ревизија на Детален урбанистички план за центарот во Гевгелија;
- Изработка на Детален урбанистички план за западна сервисна зона 8,7ха;
- Изработка на Детален урбанистички план за проширување на 4-та урбана единица;
- Изработка на Детален урбанистички план за дел од источна индустриска зона 8ха;
- Изработка на Детален урбанистички план за североисточна сервисна зона;
- Изработка на Детален урбанистички план за 5-та УЕ;
- Изработка на Детален урбанистички план за “Касарна“;
- Изработка на Урбанистички план вон населено место - Негорски бањи;
- Ревизија на урбанистички план за село Миравци;
- Изработка на Урбанистичка план за село Давидово;
- Изработка на Урбанистичка план за село Моин;
- Изработка на Урбанистичка план за село Ново Конско;
- Ревизија на Детален урбанистички план на туристички локалитет Смрдлива вода;
- Изработка на Урбанистички план вон населено место (Мрзенци-Прдејци) 120 ха;
- Изработка на Урбанистички план вон населено место (покрај автопат Е-75 од граница до мотел “Вардар“, лево и десно од патот);
- Изработка на Урбанистички план вон населено место (Прдејци-извор на термална вода);
- Изработка на Урбанистички план вон населено место (Угостителско-туристички комплекс на потегот Прдејци-Смоквица, западно покрај автопатот);
- Изработка на Урбанистички план вон населено место (Од Динќут до Живинарска фарма).

- Изработка на Урбанистички план вон населено место (од Затворот до КО Мрзенци)

**ВКУПНО : 5.000.000,00 ден.**

**2.Изработка на Проектна документација**

- Изработка на Проектна документација за уредување на центарот на градот
- Изработка на Проектна документација за реконструкција на регионална водоводна мрежа во Гевгелија (замена на азбестни цевки)
- Изработка на Проектна документација за изградба ново Градско пазариште во Гевгелија
- Изработка на Проектна документација за изградба на нова Автобуска станица во Гевгелија
- Изработка на Проектна документација за изградба на сообраќајници во Индустриска зона “Блокотехна“
- Изработка на Проектна документација за изградба на канализациона и водоводна мрежа во 7-ма УЕ во Гевгелија
- Изработка на Проектна документација за изградаба на атмосферска канализација од железничката пруга до реципиентот (Вардар)
- Изработка на Проектна документација-Идеен проект за Мултифункционален јавен објект (библиотека)
- Изработка на Проектна документација за реконструкција на покривот на Пионерски дом
- Изработка на Проектна документација за изградба на Пречистителна станица Негорци
- Изработка на Проектна документација за изградба на нов резервоар за вода во с. Моин
- Изработка на Проектна документација за изградба на фекална канализација во с. Моин
- Изработка на Проектна документација за изградба на фекална канализација во Ново Конско
- Изработка на Проектна документација за изградба на мост во с. Давидово (кон црквата)
- Изработка на Проектна документација-Главен проект за изградба на мост преку Сува река
- Изработка на Проектна документација за изградба на мост на локален пат Негорци-Кованец (кај Негорци)
- Изработка на Проектна документација за изградба на пристапен пат до споменикот на Мрзенски рид
- Изработка на Проектна документација за продолжување на ул “Панче Пешев“ до “Караорман“
- Изработка на Проектна документација за изградба на канализациона мрежа во Индустриска зона “Блокотехна“

- Изработка на Проектна документација за водоснабдување на Негорци и Прдејци
- Изработка на Проектна документација за изградба на атмосферска канализација на ул. “7-ми Ноември“ (Водна заедница-семафори)
- Изработка на Проектна документација за изградба на пат од мост на Сува река до гранична караула
- Изработка на проектна документација за летна сцена во Гевгелија
- Проектна документација за електрификација на Моински пат-крак инд.зона
- Проектна документација за електрификација на делот од железничката станица до реката Вардар
- Проектна документација за електрификација на Моински пат до Динќут
- Изработка на проект за спомен обележје на Илија Џацев
- Изработка на проект за спомен обележје на Леонид Јанков
- Изработка на проект за спомен обележје на Д-р Александар Синѓер
- Изработка на проектна документација за поврзување на Негорци и Прдејци со градскиот водовод
- Изработка на проектна документација за изградба на мост на патот од Негорци за оранжериите
- Изработка на проектна документација за изградба на фекална канализација во сите села

**ВКУПНО : 4.000.000,00 ден.**

**3.Расчистување на имотно-правни односи-експропријација**

- “Булевар Гевгелија“-(Западен)
- “Булевар Гевгелија“ до 9-та УЕ
- Ново Градско пазариште
- Продолжение на ул. “Илија Миов”до ул.”Мечкин Камен”
- Ул. “Панче Пешев“ до “Караорман“
- Улици во 7-ма УЕ
- Улица “Кукушка”-краци
- Улица “Солунска”-крак исток
- Улица “Митко Зафиров” - крак југ
- Улица “Нова”
- Улица "Скопска" - крак на север
- Куќа во дворно место на "Детска Радост"
- Куќа во дворно место на Гимназијата

**ВКУПНО : 5.000.000,00 ден.**

**4.Изградба на улици-долен строј**

- Изградба на авенија ”Рауљ”
- Изградба на улици во Индустриска зона “Блокотехна “
- Изградба на улици во 7-ма УЕ

- Сообраќајно поврзување “Булевар Гевгелија”-“Борис Кидрич”
- Продолжување на ул.”Илија Миов” до “Мечкин Камен”
- Продолжување на ул. “Ристо Јанев”
- Улица ”Кукушка”-крак запад
- Тампонирање на ул. “Нова” Богородица
- Изградба на пристапен пат до споменикот на Мрзенски рид и крак до Црквата
- Изградба на улица “Панче Пешев “до “Караорман “
- Продолжување на улица “Кукушка “
- Изградба на улица во с. Давидово
- Изградба на улици во Миравци

**ВКУПНО : 15.000.000,00 ден.**

**5.Асфалтирање на улици БНХС**

- Сообраќајно поврзувување на “Булевар Гевгелија” со ул.“Борис Кидрич”
- Улица ”Слободан Митров Данко”
- Улица ”Јосиф Јосифовски”
- Улица ”Мечкин Камен”
- Улици во 7-ма УЕ
- Улица ”Радован Ковачевиќ”
- Продолжување на ул. ” Кукушка”
- Улици во Индустриска зона ” Блокотехна”
- Улици во Негорци (центар)
- Улици во Миравци
- Улици во Смоквица
- Улици во Мрзенци
- Улици во Милетково
- Улица во Давидово
- Улици во Смрдлива Вода
- Улица "Нова" Богородица

**ВКУПНО : 15.000.000,00 ден.**

**6.Бетонирање на улици и краци**

- Улица ”Деко Ковачев”-крак на запад
- Улица пред Станбен блок во центарот на градот
- Улица ”Моински пат”-крак кон север
- Улица ”Маршал Тито”-крак кон југ
- Улица ”Титоградска”-крак кон север
- Улица ”,Солунска”-крак кон југ
- Улица ”Јанко Урдинов”-крак кон север, крак кон југ - "Браќа Миладинови"
- Улица ”Гоце Делчев”- крак кон север
- Улица ”Танче Канберов”-крак кон југ

- Улица ”Илинденска”-крак кон запад
- Улица ”Петар Мусев”-крак кон запад
- Улица ”Јосиф Јосифовски”-патека кон центарот
- Улица ”Ѓорѓи Стамов”
- Улици во с.Негорци
- Улица "Ристо Фршинин" краци на југ 1 и 2 (кај Чоневци и Нада)
- Улица во Миравци спрема игралиште

**ВКУПНО : 5.000.000,00 ден.**

## 7.Изградба на водоводи

- Реконструкција на водовод на ул.”Слободан Митров Данко”
- Изградба на водовод во индустриска зона “Блокотехна”
- Изградба на водовод Кованец
- Изградба на водовод Моин - Резервоар
- Изградба на водовод во 7-ма УЕ
- Проширување на водоводна мрежа во Прдејци и поврзување со градскиот водовод
- Заштита на незаштитениот дел од цевоводната мрежа на водоводот од Мрзенци спрема Негорски бањи
- Реконструкција на доводен цевовод за Петрово
- Изградба на водовод во југозападната сервисна зона

**ВКУПНО : 3.000.000,00 ден.**

## 8. Изградба на канализации

8.1. Фекална канализација

- Изградба на канализација во северо-западна сервисна зона
- Изградба на колектор до пречистителна станица
- Изградба на канализација во 7-ма УЕ
- Изградба на фекална канализација во Миравци-втора фаза
- Изградба на фекална канализација воБогородица-секундарна мрежа
- Изградба на фекална канализација во Индустриска зона ”Блокотехна"
- Изградба на фекална канализација во Негорци
- Изградба на фекална канализација-станбен блок во центарот на градот (крај паркот пред Основен суд)
- Изградба на канализација во југозападна сервисна зона

ВКУПНО : 5.500.000,00 ден.

8.2. Атмосферска канализација

- Изградба на атмосферска канализација на ул. ”Јанко Урдинов”
- Изградба на Ул. ”Радован Ковачевиќ”
- Изградба на Ул. ”7-ми ноември” (од Водна заедница до семафори)

ВКУПНО : 4.500.000,00 ден.

8.3. Одводни канали

- Уредување на одводни канали во Мрзенци
- Уредување на одводни канали во Прдејци;
- Уредување на одводен канал од жел. Пруга до Вардар
- Одводен канал за колектор за фек. канализација Негорци
- Уредување на одводен канал од Пречистетелната станица во Богородица односно од крајот на селото до реката Вардар
- Уредување на одводен канал во Миравци

ВКУПНО : 1.000.000,00 ден.

**ВКУПНО Т.8 : 11.000.000,00 ден.**

**9. Изградба на тротоари и паркиралишта**

- Тротоари на “Моински пат”
- Тротоари на “Булевар Гевгелија“
- Тротоари на ул. “Сава Михајлов
- Тротоар на јужен дел од "Владо Кантарџиев"
- Довршување на паркиралиштето на ул."Борис Карпузов"

**ВКУПНО : 2.000.000,00 ден.**

**10. Одржување на тротоари**

- Обновување на тротоари на ул. “Маршал Тито “
- Обновување на тротоари пред Основниот суд и околу паркот
- Уредување на пешачка патека од "Детска Радост" спрема "Ноел"

**ВКУПНО : 1.000.000,00 ден.**

**11.Уредување и одржување на паркови и зеленило**

- Одржување на зелени површини
- Уредување и одржување на локалитет “Динќут“
- Хортикултурно уредување на јавни површини
- Хортикултурно уредување на просторот околу Споменикот на слободата
- Надоместок за најдобро хортикултурно уреден двор

**ВКУПНО : 500.000,00 ден.**

**12.Спортско рекреативни површини**

- Изградба на детско игралиште на ул. “Борис Кидрич“
- Уредување на ракометно игралиште во градски стадион
- Уредување на спортски терени во Касарната
- Велосипедска патека на тротоарот на Моински пат до “Динќут“

- Уредување на спортскиот терен помеѓу ул."Белградска" и "Гоце Делчев"
- Изградба на спортски терени во Негорци и Прдејци
- Уредување на кошаркарското игралиште во Градскиот стадион

**ВКУПНО : 1.500.000,00 ден.**

### 13. Одржување на јавно осветлување

- Одржување на јавно осветлување

**ВКУПНО : 4.320.000,00 ден.**

### 14.Изградба на електрични инсталации

- Изградба на трафостаници
- Осветлување на влез во градот
- Осветлување на детски игралишта
- Осветлување на локалитет “Смрдлива Вода”
- Осветлување во с. Милетково
- Осветлување во с. Кованец
- Осветлување на ул. “Маршал Тито“ (од Библиотеката до Железничката станица)
- Осветлување на ул. “Македонија“
- Осветлување на паркингот и кракот на ул."Панде Дуганов"
- Семафори на крстосница на ул. “Деко Ковачев“ со "Булевар Гевгелија"
- Семафори на крстосница на ул. “Мирче Ацев“ “Р. Жинзифов“ и “Р. Фршинин“ или огледала
- Семафори на крстосница на“Булевар Гевгелија“ со ул. “Индустриска“
- Изградба на електрична инсталација во југозападна сервисна зона

**ВКУПНО : 5.000.000,00 ден.**

### 15. Регулација на речни корита и заштита од води

- Регулација на коритото на “Сува Река“
- Уредување на заштитен канал “Раул“

